# Годишен извештај за работењето на Агенција за храна и ветеринарство за 2014 година

Во годишниот извештај на Агенцијата за храна и ветеринарство  е опфатено работењето на секој сектор поединечно, односно:

- Сектор за ветеринарно јавно здравство,
- Сектор за здравствена заштита и благостојба на животните,
- Сектор за ЕУ и меѓународна соработка,
- Сектор за гранична ветеринарна инспекција,
- Сектор за стручна поддршка и
- Сектор за безбедност на храна од неживотинско потекло



qualityaustria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0

## СЕКТОР ЗА ВЕТЕРИНАРНО ЈАВНО ЗДРАВСТВО

Секторот за Ветеринарно јавно здравство во рамките на Агенцијата за храна и ветеринарство е составен од шест одделенија и тоа:
Одделение за безбедност на храна од животинско потекло;
Одделение за квалитет на храна од животинско потекло;
Одделение за  ветеринарно медицински препарати;
Одделение за нус-производи од животинско потекло;
Одделение за безбедност на храна на животните и исхрана на живоните; и
Одделение за државна инспекција во ветеринарно јавно здравство.

Активностите на Секторот се спроведување согласно Годишниот план за работа изготвен согласно стратешките документи на Агенцијата за храна и ветеринарство, Повеќегодишниот контролен план за надзор во областа на храната, ветеринарството и здравјето на растенијата, Националната програма за усвојување на правото на ЕУ, Програмите за ветеринарно јавно здравство, Контролните планови и планови за мониторинг, како и врз основа на законските и подзаконските решенија односно обврските за нивна имплементација.

Безбедност на храна од животинско потекло

Одобрување на објекти и оператори со храна од животинско потекло

Согласно обврските од Законот за безбедност на храната (Службен весник на Република Македонија 157/10) во текот на 2014 година одобрени се вкупно 54 објекти и оператори со храна.



qualityaustria SYSTEM CERTIFIED ISO 9001:2008 No.15994/0

Табела 1

| Објекти за преработка на млеко | Објекти за преработка на месо | Ладилници | Кланици | Сортирници за јајца | Останати активности |
|---|---|---|---|---|---|
| 5 трајно одобрени | 5 трајно одобрени | 6 трајно одобрени | 6 трајно одобрени | 7 трајно одобрени | 1 трајно одобрен за преработка на риба |
| 3 времено одобрени | 4 времено одобрени | 8 времено одобрени | 1 времено одобрена | 3 времено одобрени | 1 времено одобрен за манипулација со дивеч |
| 2 трајно одобрени дополнителн а активност | | 2 трајно одобрени дополнител на активност | | | |
| Вкупно: 10 | Вкупно: 9 | Вкупно: 16 | Вкупно: 7 | Вкупно: 10 | Вкупно: 2 |
| Вкупно: 54 | | | | | |

Во текот на 2013 година избришани од регистарот на одобрени објекти и оператори со храна се 13 објекти и оператори со храна.

Преодобрени се 8 објекти и оператори со храна кои во постапката на преструктурирање се унапредиле и ги исполниле новите законски барања

Регистрација на објекти и оператори со храна од животинско потекло

Регистрацијата на објекти и оператори со храна од животинско потекло се спроведува тековно на основа на поднесени барања. Во текот на 2014 година регистрани се вкупно 140 нови оператори со храна .

Табела 2.
Реализација на регистрирани малопродажни објекти и оператори со храна од животинско потекло

| Тип на објект | Издадени изводи за малопродажни објекти со храна од животинско потекло |
|---|---|
| Месарница | 68 |
| Месарница со дел на обработка на месо | 51 |
| Рибарница | 9 |
| Специјализирана продавница за јајца | 4 |
| Спец. продавница за млеко и млечни производи | 8 |
| Вкупно: | 140 |

Регистрација на правни лица увозници на храна од животинско потекло


qualityaustria SYSTEM CERTIFIED ISO 9001:2008 No.15994/0

Според обврските од Законот за безбедност на храната (Службен весник на Република Македонија 157/2010) по барање на правните лица увозници на  храна од животинско потекло извршен е упис во регистерот на правни лица увозници на храна од животинско потекло и издадени се 80 изводи за нивна регистрација.

Одобрување на објекти и оператори за извоз на храна од животинско потекло

Во текот на 2014 година преодобрени се 4 објекти за колење на домашни чапункари (кланици) за извоз во ЕУ.

За две дополнителни 2 кланици се испратени апликации до Европската комисија за ставање на листата  на одобрени објекти од Секција I - месо од домашни чапункари за изоз на јагнешко месо во ЕУ и тие се одобрени за извоз во ЕУ.

Издадени се 36 гаранции на објекти и оператори со храна за извоз на храна од животинско потекло.

Програма за преструктуирање на објекти и оператори со храна од животинско потекло

Програмата за преструктурирање (унапредување) на објектите оператори со храна има за цел да обезбеди сите објекти – оператори со храна од животинско потекло во Република Македонија кои се одобрени согласно прописите од ветеринарното здравство пред 1 јануари 2008 година (старата законска регулатива која не е хармонизирана со стандардите на ЕУ) за одреден временски период да ги исполнат новите законски барања, односно релевантните стандарди на ЕУ.
Со Законот за безбедност на храна (157/2010, 53/2011, 1/2012, 164/2013, 187/2013. 43/2014) се обезбедуваат измените во правната основа за категоризација и унапредување на објектите – операторите со храна од животинско потекло и се обезбедува ефикасно имплементирање со индивидуален пристап и задоволителен степен на флексибилност.
Роковите и начинот на спроведување на постапката на преструктурирање се утврдени со донесување на Уредба за начинот на спроведување на постапката на преструктуирање на објектите и операторите со храна од животинско

потекло, моделот на барања и роковите за спроведување на активностите на постепено унапредување на објектите кои не се во сообразност со прописите за безбедност на храна и ветеринарно здравство (Сл.Весник на РМ 32/2013).

Временската динамика за спроведување на постапката на преструктуирање на објектите – операторите со храна согласно наведената Уредба е одредена на пет години, односно период на време во кој објектите – операторите со храна треба да ги исполнат законските барања, односно да престанат со дејност доколку барањата не бидат исполнети. Оваа временска динамика треба да биде усогласена со Планот за унапредување на објектот и усогласувањето на работењето согласно прописите за безбедност на храна и ветеринарно здравство и релевантните прописи на Европската Унија, доставен од самиот оператор со храна.

Категоризација на објектите

Заради потреба на спроведување на постапка за преструктурирањето, согласно горенаведената Уредба, објектите и операторите со храна во зависност од степенот на сообразностите на истите со барањата за безбедност утврдени со прописите за безбедност на храна и ветеринарното здравство се категоризирани и тоа:

Категорија А - Сообразни со барањата за безбедност утврдени со прописите за безбедност на храна и ветеринарното здравство.

*Категорија Б - Несообразни со барањата за безбедност утврдени со прописите за безбедност на храна и ветеринарното здравство*

1. Категорија Б 1 – објекти и оператори со храна со недостатоци од помал тип кои може да ги исполнат барањата за безбедност утврдени со прописите за безбедност на храна и ветеринарното здравство во пократок временски период (недостатоци кои имаат незначителен ризик за безбедноста на храната). Објектите од оваа категорија започнале да ги воведуваат новите законски барања за безбедност на храна и ќе го завршат процесот на преструктуирање до крај на 2015 година.

2. Категорија Б 2 – објекти и оператори со храна кои имаат потенцијал да ги исполнат барањата за безбедност утврдени со прописите за безбедност на храна и ветеринарното здравство, но е потребно да спроведат значителни подобрувања во

делот на инфраструктурата на објектите и ќе го завршат процесот на преструктуирање до крај на 2014 година или ќе преминат во категорија Б 1.

3. Постапувајќи согласно Уредбата и дадените рокови за спроведување на активностите за унапредување заврши постапката за преструктурирање до крајот на јуни 2013 година за објектите од Б 1 категорија и крајот на декември 2013 година за објектите од Б 3 категорија, и истите се унапредени во повисока категорија (Б 2 и Б 1 категорија) или објектите и операторите со храна кои не се унапредија во повисока категорија престанаа со работа.

Од страна на Канцеларијата за храна и ветеринарство (FVO) во Република Македонија во периодот од 18 до 28 март 2014 година беше спроведен аудит кој претставуваше трет аудит кој се спроведе во Република Македонија со цел да се увидат активностите превземени од страна на надлежниот орган во поглед на надградба на одредени класи на објекти за преработка на храна (црвено месо и млеко) а во однос на претходно спроведениот ФВО аудит (Реф. Бр. DG(SANCO)/2010-8510) како и да се направи увид на официјалните контроли кои се спроведуваат.

Од страна на Канцеларијата за храна и ветеринарство (FVO) беше забележан напредок во спроведувањето на процесот на преструктурирање во однос на претходниот FVO аудит спроведен за процесот на надградување на објектите, со забелешки во делот дадените временските рокови кои наметнуваат значителни инвестиции на операторите со храна за краток временски период.

Состојба

Од почетокот на спроведувањето на преструктурирањето од почетните 276 објекти - оператори со храна одобрени согласно старата национална легислатива која не е усогласена со барањата на Европска Унија (Закон за ветеринарно здравство Сл. весник на РМ бр.28/1998) состојбата заклучно со 31.12. 2014 година е следнава:

на 23 објекти - оператори со храна од животинско потекло им се повлечени одобренијата за работа од причинина што со законот за безбедност на храна нивната дејност на работа не подлежи на процес на одобрување туку на регистрација,

на 110 објекти и оператори со храна од животинско потекло им се укинати одобренијата за работа поради престанок на вршење на одобрената дејност – производство, преработка или складирање на производи од животинско потекло од страна на операторот со храна од повеке причини (стечајна постапка, финансиска неодржливост, промена на дејноста и

др.), поради забрана на вршење на дејност од страна на АХВ со донесување на решение за укинување на решението за одобрение за објекти оператори со храна  и др. (објектот не ги исполнува законските барањата за одвивање на одобрените активности во објектот).
46 објекти и оператори со храна одобрени по старата законска регулатива поради извршена постапка на унапредување во градежно /техничко/технолошките услови за работа ги исполниле новите законски барања и истите се преодобрени согласно новата законска регулатива усогласена со критериумите и барањата на Европската Унија,
На 9 објекти издадени им се решенија за привремено одобрување под услови утврдени за локализирана активност
на 6 објекти – ладилници укинати име се решенијата за одобрување и истите се евидентирани во регистарот на регистрирани објекти и оператори со храна.

Во 2014 година Агенцијата за храна и ветеринарство ги продолжи своите активности кои претставуваат континуитет на активностите од 2013 година, согласно Уредба за начинот на спроведување на постапката на преструктуирање на објектите и операторите со храна од животинско потекло, моделот на барања и роковите за спроведување на активностите на постепено унапредување на објектите кои не се во сообразност со прописите за безбедност на храна и ветеринарно здравство (Сл.Весник на РМ 32/2013).
Заклучно до 31.12.2013 година опфатени со процесот на преструктурирање на објектите и операторите со
храна одобрени по старата законска регулатива се вкупно 113  објекти и оператори со храна.
Од наведените 113 објекти и оператори со храна опфатени со процесот на преструктурирање ситуацијата во 2014 е следната:

1. Укинување на решението за одобрување и избришани од регистарот на одобрени објекти и оператори со храна се спроведе на 6 објекти и оператори со храна,
2. Преодобрени се 9 објекти и оператори со храна кои во постапката на преструктурирање се унапредиле и ги исполниле новите законски барања,


qualityaustria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0

3. На 15 објекти и оператори со храна категоризирани во Б 3 категорија, објекти кои се несообразни со барањата на Европската Унија од аспект на структуралните барања, согласно Уредбата издадени им се решенија за привремено одобрување под услови утврдени за локализирана активност и тоа:

а) на 9 објекти издадени им се решенија за привремено одобрување под услови утврдени за локализирана активности,
б) на 6 објекти – ладилници укинати име се решенијата за одобрување и согласно законските одредби истите се евидентирани во регистарот на регистрирани објекти и оператори со храна.

Останатите 82 објекти и оператори со храна од животинско потекло продолжуваат со процесот на преструктурирање и состојбата во врска со одредената категорија е следна:
- 27 објекти и оператори со храна се категоризирани во Б 1 категорија и истите треба да го завршат процесот на преструктуирање до крај на 2015 година односно да поминат во А категорија .
- 52 објекти и оператори со храна се категоризирани во Б 2 категорија и истите треба да го завршат преструктуирањето до крајот на 2014 година или ќе преминат во повисока категорија - Б 1.
- 2 објекти и оператори со храна се категоризирани во А категорија - сообразни со барањата за безбедност утврдени со прописите за безбедност на храна и ветеринарното здравство
- 1 објект е во фаза на повторна категоризација

Табела 3

| Секција | Вид на објект | Објекти одобрени пред 01.01.2008 год | Објекти кои подлежат на преструктуирање | Објекти кои подлежат на преструктуирање - категоризација Состојба декември 2014 | | | | | Вкупно | Објекти одобрени согласно Законот за ветеринарно јавно здравство и Законот за безбедност на храна - усогласени со барањата на ЕУ | | | | Вкупно одобрени објекти во Р.М. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Б 1 | Б 2 | Б 3 | Б 4 | А | | Трајно одобрени | Локализирана активност | Времено одобрени | Вкупно | |
| 0 | објекти со општа активност | 67 | 24 | 9 | 14 | | | 1 | 24 | 42 | | 11 | 53 | 77 |
| I | месо од домашни чапункари | 26 | 10 | 2 | 7 | 1* | | | 10 | 7 | 1 | 1 | 9 | 19 |
| II | месо од живина и зајаци | 2 | 1 | 1 | | | | | 1 | 1 | | 2 | 3 | 4 |
| IV | месо од дивеч | | | | | | | | | | | 1 | 2 | 2 |

| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| V | мелено месо, подгот. од месо, МОМ | 1 | | | | | | | | 2 | 5 | 3 | 10 | 10 |
| VI | производи од месо | 52 | 16 | 7 | 9 | | | | 16 | 12 | 9 | 1 | 22 | 38 |
| VIII | риба и производи од риба | 2 | | | | | | | | 2 | | | 2 | 2 |
| IX | свежо млеко и производи од млеко | 92 | 26 | 5 | 20 | | | 1 | 26 | 37 | 14 | 5 | 56 | 82 |
| X | јајца и производи од јајца | 4 | 2 | 1 | 1 | | | | 2 | 29 | 24 | 10 | 63 | 65 |
| XI | жабји батаци и полжави | 2 | 1 | 1 | | | | | 1 | | | | | 1 |
| | објекти кои не се опфатени со Рег.2004/853) | 23 | | | | | | | | | | | | |
| XVI | мед | 5 | 2 | 1 | 1 | | | | 2 | 2 | | | 2 | 4 |



qualityaustria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| XVII | мешовити производи | | | | | | | | 1 | | | 1 | 1 |
| | Вкупно: | 276 | 82 | 27 | 52 | 1* | | 2 | 82 | 135 | 53 | 35 | 223 | *305* |

1* објект во фаза на повторна категоризација

Решенија за привремено одобрение

Од 82 објекти и оператори со храна од животинско потекло останати во процесот на преструктурирање:
- 60 објекти - оператори со храна од животинско потекло имаат доставено барање за привремено одобрување и Акционен план
- 2 објекти - оператори со храна од животинско потекло се во фаза на преодобрување
- 2 објекти - оператори со храна од животинско потекло се А категорија
- 1 објект - оператор со храна од животинско потекло има доставено барање за повторна категоризација на објектите,
- 2 објекти - оператори со храна од животинско потекло имаат промена на правното лице и имаат поднесено барање за одобрување,
- 1 објект - оператор со храна од животинско потекло има доставено известување дека неможе да инвестира во унапредување на објектот (објектот е под закуп) и
- 14 објекти - оператор со храна од животинско потекло немат доставено и се во постапка на доставување.

Од доставените 60 акциони планови досега се одобрени 22 и издадени се 22 решенија за привремено одобрение за објектот со временска рамка на одстранување на несообразностите од кои за 4 постапката е во тек.
Останатите доставени акциски планови од причина што планот е нејасен или не се земени во предвид сите несообразности констатирани при извршената категоризација на објектот е побарано да ги дополнат доставените

акциони планови со земање во предвид на сите констатирани несообразности при изготвување на планот за унапредување на објектот со наведување на временски рокови за секоја конкретна активност.

Операторот со храна е должен за спроведувањето на планот за унапредување на објектот и усогласување на своето работење согласно доставениот акционен план по активности и временски рокови.

Контрола на спроведувањето на унапредувањето на објектите и операторите со храна

Во текот на втората половина на 2014 година, членовите на работната група за спроведување на постапка за преструктурирањето започна контрола на спроведувањето на доставените акциони планови за унапредување на објектот од страна на операторите со храна кои беа категоризирани во Б 2 категориј.
Согласно Уредбата временската динамика за спроведување на постапката на преструктуирање објектите и операторите со храна од Б 2 категорија треба да го завршат процесот на преструктурирање до крајот на 31.12.2014 година или да поминат во повисока Б 1 категорија.

Од вкупно 52 објекти кои беа категоризирани во Б2 категорија извршена е контрола на градежно – техничките услови и имплементација на процедурите од ДХП, ДПП и НАССР системот на 23 објекти и оператори со храна при што ситуацијата е следна:
- кај 18 објекти и оператори со храна е констатирано унапредувањето на објектот но сеуште го немаат целосно извршено унапредувањето на објектот и поминуваат во повисока Б 1 категорија и треба да изработат план за унапредување на објектот и усогласување на работењето согласно прописите за безбедност на храна и ветеринарно здравство (Акциски план), при што потребно е сите констатирани несообразности да бидат земени во предвид при изготвување на планот за унапредување на објектот со наведување на временски рокови за секоја конкретна активност која ќе се спроведува и истиот да го достават до Агенцијата на одобрување.

- кај 5 објекти и оператори со храна е констатирано дека состојбата во објектот не е променета од констатираната со претходната контрола и објектот ја задржува истата Б 2 категорија и овие објекти согласно горенаведената Уредба може да продолжат со вршење на својата дејност под услови утврдени за локализирана активност, а во согласност со другите одредбите од овој закон до една година пред денот на пристапување на Република Македонија во Европската Унија.

Сумирање на моменталниот статус на категориите на 82-та објекти и оператори со храна од животинско потекло останати во процесот на преструктурирање по извршената контрола на спроведувањето на доставените акциони планови за унапредување на објектот од страна на операторите со храна кои беа категоризирани во Б 2 категорија е следна:

Табела 4

| Секција | Вид на објект | Објекти одобрени пред 01.01.2008 год | Објекти кои подлежат на преструктурирање | Објекти кои подлежат на преструктуирање - категоризација Состојба Декември 2014 | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Б 1 | Б 2 | Б 3 | Б 4 | А | |
| 0 | објекти со општа активност | 67 | 24 | 12 | 11 | | | 1 | 24 |
| I | месо од домашни чапункари | 26 | 10 | 2 | 7 | 1* | | | 10 |
| II | месо од живина и зајаци | 2 | 1 | 1 | | | | | 1 |
| IV | месо од дивеч | | | | | | | | |



qualityaustria SYSTEM CERTIFIED ISO 9001:2008 No.15994/0

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| V | мелено месо, подгот. од месо, МОМ | 1 | | | | | | | |
| VI | производи од месо | 52 | 16 | 14 | 2 | | | | 16 |
| VIII | риба и производи од риба | 2 | | | | | | | |
| IX | свежо млеко и производи од млеко | 92 | 26 | 12 | 13 | | | 1 | 26 |
| X | јајца и производи од јајца | 4 | 2 | 1 | 1 | | | | 2 |
| XI | жабји батаци и полжави | 2 | 1 | 1 | | | | | 1 |
| | објекти кои не се опфатени со Рег.2004/853) | 23 | | | | | | | |
| XVI | мед | 5 | 2 | 2 | | | | | 2 |
| XVII | мешовити производи | | | | | | | | |
| | Вкупно: | 276 | 82 | 45 | 34 | 1* | | 2 | 82 |

1* објект во фаза на повторна категоризација

Спроведувањето на доставените акциони планови за унапредување на објектот и усогласување на работењето согласно прописите за безбедност на храна и ветеринарно здравство и релевантните прописи ке биде предмет на контрола од страна на официјалните ветеринари надлежни за објектот како и од страна на работната група за спроведување на



qualityaustria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0

постапка за преструктурирањето се до завршување на постапката на унапредување на објектот и усогласување со барањата за безбедност на храна и ветеринарното здравство односно релевантните прописи на Европската Унија заклучно со 31.12.2015 година.

Националната мониторинг програма за пратење на присуство на резидуи во производи од животинско потекло

Национална мониторинг програма за контрола на резидуи од ветеринарно медицински препарати и контаминенти во живи животни и храна од животинско потекло: реализиран е целокупниот план на мострирање од страна на официјалните ветеринари во сите организациони единици.
Внесени се три дополнителни упатства во системот ИСО 9001:
-Упатство за начин на спроведување на Националната мониторинг програма за контрола на резидуи од ветеринарно медицински препарати и контаминенти во живи животни и храна од животинско потекло и евалуација на нејзината реализација;
-Упатство за последователно истражување и мерки кои се превземаат во случај на сомнеж и/ или во случај на идентификувани позитивен наод на присуство на резидуи и недозволени супстанции;
-Упатство за стратегија за мострирање и начин на земање примероци (мостри) предвидени со Националната мониторинг програма за контрола на резидуи од ветеринарно медицински препарати и контаминенти во живи животни и храна од животинско потекло;
-Во поглед на обуки и едукација од областа на Националната мониторинг програма за контрола на резидуи од ветеринарно медицински препарати и контаминенти во живи животни и храна од животинско потекло одржани се следните:
-Реализирана еTAIEX работилница за „Контаминенти и резидуи од пестициди (микотоксини, тешки метали, акриламид, диоксин)“;
-Реализирана еTAIEX обука за „Контола на контаминенти во храна за животни и храна“ ;
-Реализирана еTAIEX студиска посета за „Мостирање на официјални примероци за резидуи од пестициди“;

-Реализирана е обука за официјални ветеринари во организација на АХВ и ФВМ „Национална мониторинг програма за контрола на резидуи од ветеринарно медицински препарати и контаминенти од живи животни и храна од животинско потекло (упатства, мострирање, прием на примероци, толкување на резултати и статус на НМПР 2014)".

Национален контролен план за намалување на присуството на салмонелозата кај кокошките (Gallus Gallus) во Република Македонија

Активноста се реализира од Секторот за здравствена заштита на животните во соработка со Секторот за ветеринарно јавно здравство

Програма за хоризонтален аудит на операторите со храна од животинско потекло
Спроведен е аудит на 8 објекти и оператори со храна од животинско потекло за исполнување на општите и посебните хигиенски барања на храната од животинско потекло (објекти кои биле во процесот на преструктурирање)
Извршен е аудит на 2 извозни објекти кланици за колење на домашни чапункари согласно Упатство за начинот на одобрување и контрола на објектите за производство, преработка и промет со храна од животинско потекло која се извезува во земјите членки на Европската Унија.
Извршена е контрола за исполнување на работните задачи од страна на официјалните ветеринари во 4 одобрени за извоз во ЕУ кланици за колење на домашни чапункари како и на официјалните ветеринари во 7 објекти влезени во процес на преструктуирање.

Програма за вертикален аудит на операторите со храна од животинско потекло во однос на посебни барања за безбедност на храна
Од страна на официјалните ветеринари во ОДВИ се спроведени 312 аудиті на оператори со храна од животинско потекло.

Законски усогласување изработка на законски и подзаконски акти и административна подршка на официјалните ветеринари

Со воведувањето на ИСО стандардот од страна на Одделението за безбедност на храна од животинско потекло изработени се следниве документи:
- Упатство за спроведување на службени контроли на објекти и оператори со храна од животинско потекло базирани на анализа на ризик;
- Упатство за условите кои треба да ги исполнуваат увозниците на храна од животинско потекло;
- Упатство за водење регистар на правни лица увозници на храна од животинско потекло;
- Упатство за начинот на означување на документите од Сектор за ветеринарно јавно здравство
-Упатство за постапката за преструктурирање на оператори со храна и објектите за производство, преработка и манипулација на храна од животинско потекло,
-Упатство за начинот на одобрување на објектите за производство, преработка и промет со храна од животинско потекло која се извезува во трети земји,
-Упатство за начинот на одобрување и контрола на објектите за производство, преработка и промет со храна од животинско потекло која се извезува во земјите членки на Европската Унија,
-Упатство за постапка со примените фактури во одделението за безбедност на храна од животинско потекло,
-Упатство за постапка на официјални ветеринари пред колење и за време на колење на животни во кланица,
- Упатство за постапката на регистрација малопродажни објекти – месари со дел за обработка на месо, специјализирани за продажба на храна од животинско потекло,
- Упатство за условите кои треба да ги исполнат објектите и операторите со храна кои вршат препакување на производи од животинско потекло,
- Упатство за начинот на означување на јајцата и пакувањата наменети за ставање во промет,
-Упатство за постапката на сертификација на производи од животинско потекло наменети за извоз во земјите на Европска Унија,

- Упатство за начинот на пополнување на модели ветеринарно здравствени сертификати за производи од животинско потекло наменети за извоз во земјите на Европска Унија,
- Упатство за фреквенција на земање примероци за микробиолошки критериуми од страна на официјален ветеринар и оператор со храна од животинско потекло,
-Процедура за постапување на комисијата за одобрување на оператор со храна и објекти за производство, преработка и манипулација на храна од животинско потекло,
-Процедура за постапката на бришење на регистрацијата или укинување на одобрението на објекти и оператори со храна,
- Прирачник за post – mortem преглед на живина наменета за колење,
-Прирачник за ante-mortem преглед на живина наменета за колење.

Реализирани се предавања со официјалните ветеринари во времетраење од по еден ден во Агенцијата за храна и ветеринарство со основна цел запознавање на официјалните ветеринари со воведувањето на ИСО стандардот, новиот пристап и примена на документацијата која произлегува од истиот како и конкретно обновување на знаењето преку презентација на упатствата, процедурите и прирачниците (февруари 2014 година).

Благосостојба на животните во кланици
Спроведена е напредна обука за унапредување на нивото на техничкото знаење на официјалните ветеринари во месец февруари и редовна обука (два пати годишно) за едукација на операторите со храна од животинско потекло во однос на барањата за благосостојба на животните при колење.

Програма на аудит за утврдување на исполнување на условите за благосостојба на животните при колење
Спроведени се 11 аудити во однос на исполнување на барањата за благостосојба на животните


qualityaustria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0

*Квалитет на храна од животинско потекло*

Спроведени се активности на техничко доуредување на прописите за квалитет на млекото и производите од млеко како и доуредување на прописите за начинот на означување на месо и производи од месо, во насока на измените и дополнувањета на Законот за безбедност на храна и новите прописи за означување на храната.

*Ветеринарно Медицински Препарати*

1) Законски усогласување изработка на законски и подзаконски акти

Спроведени се и последните законски усогласување на националата легислататива со легислативата на Европската Унија со изработка на Правилникот за Измени и дополнување на Правилник за формата и содржината на образецот на барањето за издавање на одобрение за ставање во промет на ветеринарно-медицински препарат, како и општите и посебните услови кои треба да ги исполни ветеринарно-медицинскиот препарат за ставање во промет (ВАРИЈАЦИИ) ("Службен весник на Република Македонија" број 25/13) како и ажурирање на "Листа на фармаколошки супстанции одобрени за употреба во ветеринарната медицина".

2) Регистрација и одобрување на оператори со ветеринарно медицински препарати
Во текот на 2014 година е постапувано по 7 Барања за одобрување на оператори со вмп согласно Правилникот за поблиските услови по однос на просторот, опремата и кадарот што треба да ги исполнуваат правните лица кои вршат промет на големо со ветеринарно медицински препарати и начинот на работа (" Службен весник на Република Македонија "бр.113/10) и истовремено е извршен контрола од аспект на генерален аудит.

1. ДВУ ПРАКСИС Зуфер Дооел с.Желино Тетово
2. СИМБИОМЕДИК Скопје

3. УНИВИГО Скопје
4. ЛИДИА ВЕТ Скопје
5. ПРИМА ЛЕК Скопје
6. ВИТА ВЕТ Скопје
7. АЛИМАН КОМЕРЦ Скопје

3) Програма на аудит за утврдување на исполнување на условите за промет и употреба на ветеринарно медицинските препарати

Во текот на 2014 година се спроведени аудити на операторите со ветеринарно медицинаки препарат

1. Редовна контрола на прометот и употребата на ветеринарно медицински препарати како и постапување со медицински отпад во ветеринарните веледрогерии, ветеринарни друштва и контрола на други субјекти кои потенцијално може да поседуваат и употребуваат ветеринарно медицински препарати (илегален промет и употреба) согласно Планот за работа на Секторот за Ветеринарно Јавно Здравство за месец јануари од 2014 година: 65 ветеринарни друштва и 3 ветеринарни веледрогерии.

2. Вонредна Контрола на веледрогерии регистрирани во Република Македонија по однос на увоз на ветринарно медицински препарати.
Во периодот од 14.02 до 21.02.2014 година направена е контрола на прометот со ветеринарно медицински препарати во 18 правни субјекти регистрирани за промет на големо при што не се констатирани неправилности во работата.

4) Во текот на 2014 година Комисијата за Ветеринарно медицински препарати согласно овластувањата од Законот за ветеринарно медицински препарати во текот на 162-та, 163-та, 164-та, 165-та, 167-та, 168-та, 169-та, 170-та, 171-та и 172-та ги разгледа и предложи регистрација (одобрување за ставање во промет) на вкупно 73 следните ветеринарно-медицинските препарати:


qualityaustria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0

162-та Седница - одржана на ден 06.02.2014година

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| POLIOVIN vacc. | Ветеринаски завод СУБОТИЦА | УНИВИГО Скопје | 13-342/2 | 06.02.2014 |
| EKTANON liq. conc. | Ветеринаски завод СУБОТИЦА | УНИВИГО Скопје | 13-343/2 | 06.02.2014 |
| LASOVAK | Ветеринаски завод СУБОТИЦА | УНИВИГО Скопје | 13-344/2 | 06.02.2014 |
| IVERMEKTIN P premix | Ветеринаски завод СУБОТИЦА | УНИВИГО Скопје | 13-345/2 | 06.02.2014 |

163-та Седница - одржана на ден 07.03.2014година.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ANALGIN 30% inj. sol. | BIOVET, Бугарија | АЛИМАН КОМЕРЦ Скопје | 13-2561/2 | 07.03.2014 |
| DIAR STOP FORTE | BIOVET, Бугарија | АЛИМАН КОМЕРЦ Скопје | 13-2561/3 | 07.03.2014 |
| VIALITON inj. sol. | BIOVET, Бугарија | АЛИМАН КОМЕРЦ Скопје | 13-2561/4 | 07.03.2014 |
| BIOVIT 10% - premix | BIOVET, Бугарија | АЛИМАН КОМЕРЦ Скопје | 13-2561/5 | 07.03.2014 |



qualityaustria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| COGLAVAX vacc. | BIOVET, Бугарија | АЛИМАН КОМЕРЦ Скопје | 13-2561/6 | 07.03.2014 |
| VERMINTHEL-D tabl. | BIOVET, Бугарија | АЛИМАН КОМЕРЦ Скопје | 13-2561/7 | 07.03.2014 |
| GALAZEL - CZ VETERINARIA | CZ VETERINARIA S.A., Шпанија | ВИТА ВЕТ Скопје | 13-8466/3 | 07.03.2014 |
| DEXAFORT inj. susp. | Intervet International B.V., Холандија | ВИТА ВЕТ Скопје | 13-8466/4 | 07.03.2014 |
| SCALIBOR PROTECTOR BAND | Intervet International B.V., Холандија Intervet Productions S.A. ,Франција | ВИТА ВЕТ Скопје | 13-8466/2 | 07.03.2014 |

164-та Седница - одржана на ден 17.03.2014година.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| OCUREV vacc. | CZ Veterinaria S.A. , Шпанија | НУТРИВЕТ Скопје | 13-2955/2 | 16.04.2014 |
| ROMTUBER PPD BOVIN inj. sol. | S.C.Romvac CompanyS.A., Романија | ИЛЕМИК Прилеп | 13-8452/2 | 17.03.2014 |
| VITOL-140 inj. sol. | Interchemie werken "de Adelaar" B.V. Холандија | ИЛЕМИК Прилеп | 13-8451/2 | 17.03.2014 |



qualityaustria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ERYROMVAC vacc. | Interchemie werken "de Adelaar" B.V. Холандија | ИЛЕМИК Прилеп | 13-1556/2 | 17.03.2014 |
| ALBENDOZOL 2500 tabl. | Vetmedic d.o.o., Србија | СИМБИОМЕДИК Скопје | 13-749/2 | 17.03.2014 |
| DERMOVET pulv. | Vetmedic d.o.o., Србија | СИМБИОМЕДИК Скопје | 13-752/2 | 17.03.2014 |
| LEVAMIZOL VP 20% pulv. | Vetmedic d.o.o., Србија | СИМБИОМЕДИК Скопје | 13-748/2 | 17.03.2014 |
| SUVAXYN PCV vacc. | Pfizer Olot, S.L.U., Шпанија | УНИВИГО Скопје | 13-751/2 | 17.03.2014 |
| KOLISTIN P pulv. | Vetmedic d.o.o., Србија | СИМБИОМЕДИК Скопје | 13-750/2 | 17.03.2014 |
| SALVACAN P | ROMVAC COMPANY SA., Романија | ИЛЕМИК Прилеп | 13-1259/3 | 29.04.2014 |

165-та Седница - одржана на ден 31.03.2014година

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Streptopen 20/20 inj. sol. | ALFASAN International BV , Холандија | ИНОКС Скопје | 13-3254/2 | 31.03.2014 |
| Lincomycin-Spectinomycin 5/10 inj.sol. | ALFASAN International BV , Холандија | ИНОКС Скопје | 13-3710/2 | 31.03.2014 |
| ALFAGLANDIN C 0.250 mg/ml inj. | ALFASAN International BV , | ИНОКС Скопје | 13-2275/2 | 31.03.2014 |



quality austria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0
ОБ 4.2.3-07в01

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| sol. | Холандија | | | |

167-та одржана на ден 29.04.2014година.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| AMOKSI-KEL 15% inj. susp | KELA LABORATORIA N.V, Блегија | ВЕТПРОМЕТ Скопје | 13-1848/2 | 29.04.2014 |
| DEXA-KEL 02 inj. sol. | KELA LABORATORIA N.V, Блегија | ВЕТПРОМЕТ Скопје | 13-1849/2 | 29.04.2014 |
| GENTAMOX inj. susp. | LABORATORIOS HIPRA, Шпанија | ВЕТПРОМЕТ Скопје | 13-1851/2 | 29.04.2014 |
| HEPAVI-kel inj. sol. | KELA LABORATORIA N.V, Блегија | ВЕТПРОМЕТ Скопје | 13-1850/2 | 29.04.2014 |
| OLIGOVIT inj. susp. | KELA LABORATORIA N.V, Блегија | ВЕТПРОМЕТ Скопје | 13-1847/2 | 29.04.2014 |

168-та одржана на ден 20.06.2014година.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| AUSKIPRA GN vacc. | LABORATORIOS HIPRA, S. A, Шпанија | ВЕТПРОМЕТ Скопје | 13-4274/2 | 20.06.2014 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| NEOPEN inj. susp. | INTERVET PRODUCTIONS, Италија | ВИТА ВЕТ Скопје | 13-2208/2 | 20.06.2014 |
| SURCALCE inj. sol. | SANOCHEMIA PHARMAZEUTIKA AG, Австрија | ВИТА ВЕТ Скопје | 13-2208/3 | 20.06.2014 |
| NOBILIS® SG 9R vacc. | Intervet International B.V., Холандија | ВИТА ВЕТ Скопје | 13-2208/4 | 20.06.2014 |
| BAYVAROL STRIP 3.6 mg | KVP Pharma + Veterinär Produkte GmbH, Германија | ВИТА ВЕТ Скопје | 13-2208/5 | 20.06.2014 |
| FERTAGYL inj. sol. | INTERVET INTERNATIONAL GmbH, Германија или Intervet International B.V., Холандија | ВИТА ВЕТ Скопје | 13-3342/2 | 20.06.2014 |
| FOLLIGON 400 i.e., 500 i.e., 600 i.e., 1000 i.e., 5000 i.e., 6000 i.e., i 20000 i.e. | INTERVET INTERNATIONAL GmbH, Германија или Intervet International B.V., Холандија | ВИТА ВЕТ Скопје | 13-3342/4 | 20.06.2014 |
| CHRONOGEST® CR | Intervet International B.V., Холандија | ВИТА ВЕТ Скопје | 13-3342/3 | 20.06.2014 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| CALFOSET inj. sol. | KRKA d.d.- Словенија | КРКА-ФАРМА ДООЕЛ Скопје | 13-2499/2 | 20.06.2014 |
| GIRAXA pulvis | KRKA d.d.- Словенија | КРКА-ФАРМА ДООЕЛ Скопје | 13-2498/2 | 20.06.2014 |
| ENROXIL MAX inj. sol. | KRKA d.d.- Словенија | КРКА-ФАРМА ДООЕЛ Скопје | 13-2498/2 | 20.06.2014 |
| DEXAMETHASONE inj. sol. | Alfasan International BV- Холандија | ИНОКС Скопје | 13-3710/2 | 20.06.2014 |
| OXYTOCIN VET inj. sol. | Veyx Pharma – Германија | ПРИМАЛЕК Скопје | 13-2870/2 | 20.06.2014 |
| NAXCEL inj. susp. | Zoetis SA - Белгија | УНИВИГО ДООЕЛ Скопје | 13-4540/2 | 20.06.2014 |
| OXYMED LA inj. sol. | ВЕТМЕДИК ДОО – Србија | СИМБИО МЕДИК ДОО Скопје | 13-4538/2 | 20.06.2014 |
| MEDIMECTIN inj. sol. | ВЕТМЕДИК ДОО – Србија | СИМБИО МЕДИК ДОО Скопје | 13-4539/2 | 20.06.2014 |
| NUTRICIN SULFA premix | GENERA d.d. – Хрватска | ВЕТЕРИНА ДООЕЛ Скопје | 13-3343/2 | 20.06.2014 |
| MASTIDRY i.mam.susp. | GENERA d.d. – Хрватска | ВЕТЕРИНА ДООЕЛ Скопје | 13-3343/3 | 20.06.2014 |
| MASTIQUICK i.mam.susp. | GENERA d.d. – Хрватска | ВЕТЕРИНА ДООЕЛ Скопје | 13-3343/4 | 20.06.2014 |
| VITAMIN B KOMPLEKS + C inj.sol. | GENERA d.d. – Хрватска | ВЕТЕРИНА ДООЕЛ Скопје | 13-3343/5 | 20.06.2014 |

169-та одржана на ден 26.06.2014година.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| TIACOR CTC Plus premix | ФИШ КОРП. 2000 доо – Србија | ВЕТПРОМЕТ ДОО Скопје | 13-3607/2 | 26.06.2014 |
| TIACOR 10% premix | ФИШ КОРП. 2000 доо – Србија | ВЕТПРОМЕТ ДОО Скопје | 13-3605/2 | 26.06.2014 |
| TRIGUARD 250 орален прашок | ФИШ КОРП. 2000 доо – Србија | ВЕТПРОМЕТ ДОО Скопје | 13-3606/2 | 26.06.2014 |
| DEHINEL PLUS Flavour tabl. | KRKA d.d.- Словенија | КРКА-ФАРМА ДООЕЛ Скопје | 13-3757/3 | 20.06.2014 |
| FYPRYST COMBO | KRKA d.d.- Словенија | КРКА-ФАРМА ДООЕЛ Скопје | 13-3759/3 | 20.06.2014 |
| FYPRYST COMBO | KRKA d.d.- Словенија | КРКА-ФАРМА ДООЕЛ Скопје | 13-3756/3 | 20.06.2014 |

170-та одржана на ден 02.09.2014година.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ossitetraciclina 20% wsp | Chemifarma S.p.A.Италија | ИНОКС Скопје | 13-2276/2 | 02.09.2014 |
| SICADEN S emul | Ветпром, Бугарија | ВЕТМЕДИКА Прилеп | 13-3980/2 | 02.09.2014 |

171-та одржана на ден 10.11.2014 година

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ENDETOCID spot-on sol. | S.C ROMVACCOMANY S.A. Романија | ИЛЕМИК Прилеп | 13-5965/2 | 10.11.2014 |
| VITAMIN AD3E KRKA inj.emul. | ФИШ КОРП. 2000 доо – Србија | КРКА-ФАРМА ДООЕЛ Скопје | 13-6841/2 | 10.11.2014 |
| KANAMIYCIN 25% inj.sol. | ФИШ КОРП. 2000 доо – Србија | ИНОКС Скопје | 13-3710/3 | 10.11.2014 |
| AMOXYCILLIN 20% L.A. inj.susp. | KRKA d.d.-Словенија | ИНОКС Скопје | 13-3710/4 | 10.11.2014 |
| ENGEMYCIN spray. | KVP Pharma + Veterinär Produkte GmbH, Германија | ВИТАВЕТ Скопје | 13-5923/2 | 10.11.2014 |
| ADVOCATE 40 mg + 10 mg, 100 mg + 25 mg, 250 mg + 62.5, 400 mg + 100 mg spot-on sol. for dogs/ ADVOCATE 40 mg + 4 mg, 80 mg + 8 mg spot-on spot-on sol. for cats and ferrets | KVP Pharma + Veterinär Produkte GmbH, Германија | ВИТАВЕТ Скопје | 13-5923/2 | 10.11.2014 |



qualityaustria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0

172-та одржана на ден 05.12.2014 година

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| EFECUR inj.susp. | HIPRA, Шпанија | ВЕТПРОМЕТ Скопје | 13-6984/2 | 05.12.2014 |
| TYLOMAX oral. Pulv. | ФИШ КОРП. 2000 доо – Србија | ВЕТПРОМЕТ Скопје | 13-5672/2 | 05.12.2014 |
| MAKSAMOX 200 oral.pulv. | ФИШ КОРП. 2000 доо – Србија | ВЕТПРОМЕТ Скопје | 13-5674/3 | 05.12.2014 |
| MAGNUM 44LS | ФИШ КОРП. 2000 доо – Србија | ВЕТПРОМЕТ Скопје | 13-5673/4 | 05.12.2014 |
| ALBENDAZOL tabl. 250 | VETMEDIC, Србија | СИМБИОМЕДИК Скопје | 13-6915/2 | 05.12.2014 |
| IVERMECTIN - P | VETMEDIC, Србија | СИМБИОМЕДИК Скопје | 13-6916/2 | 05.12.2014 |
| TERRAMYCIN AEROSOL SPRAY | IGS Aerosol GmbH, Германија | УНИВИГО Скопје | 13-6917/2 | 05.12.2014 |
| DEPO_PROMONE 50mg/ml inj.susp. | IGS Aerosol GmbH, Германија | УНИВИГО Скопје | 13-7272/2 | 05.12.2014 |

*Безбедност на храна за животни и исхрана на животните*

1. Законско усогласување
Извршено е усогласување на Законот за безбедност на храната за животни ("Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10, 53/11 и 1/12), со предлог закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на храната за животни.



qualityaustria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0

Донесен е и подзаконски акт: Правилник за условите за ставање во промет на суровини за храна за животни, декларирањето и карактеристиките кои треба да бодат дадени на придружниот документ или на пакувањето и листа на суровини за храна за животни ("Службен весник на РМ", бр. 18 од 29.01.2014 година) со кој се доуредува ставањето во промет на суровини за храна за животни..

2. Системот на одобрување и регистрација на објекти и оператори со храна за животни и исхрана на животните е унапреден со имплементирање на ISO 9001_2008, во 2014 год. од кој излегуват процедура .
- ПР7.5-2.5-01в01 Процедура за постапување на комисијата за одобрување на оператор со храна за животни и објекти за производство, преработка и манипулација на храна за животни и исхрана на животните.

Одобрени се шест оператори со храна за животни за производство на храна за животни
- Гринагро Дооел –Скопје (објектот во Градско Велес)
- Соро Промет Доо – Прилеп
- Бачило Козјак доо – Куманово (објект с. Доленци Демир Хисар)
- ДТПУ Ветеринарство – Скопје
- Уни Агро доо – Велес
- З.З Единство – Тетово

4. Регистрирани се 42 оператори со храна за животни
5. Регистрирани се 39 оператори со храна за животни.

6. Спроведени се 41 аудити на оператори со храна за животни.

<u>Hvc-производи од животинско потекло ('НПЖП)</u>

Во областа на нуспроизводите од животинско потекло спроведена се следниве активности:
Спроведување на годишна анкета за количината на НПЖП.
Спроведена е анкета за количините на генериран нус производ од животинско потекло во кланици за 2013 година дадена во прилог.
TRACES систем
TRACES систем – воспоставена е редовна активност за ажурирање на листите на одобрени и регистрирани објекти и оператори со нус производи од животинско потекло во TRACES системот

Активности поврзани со управување со НПЖП

Воспоставена е формална координација и комуникација со МЖСПП- март 2014 година при што се остварени се повеќе работни средби со повеќе институции , меѓу кои и со МЖСПП со цел координација на активностите за воспоставување на Национален систем за нус производи од животинско потекло во Р. Македонија.

Работни состаноци со Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија, Министерството за транспорт и врски и Општината Велес со цел да се дефинираат документите и условите за објавување на меѓународен јавен повик со подолг период на времетраење за изнаоѓање потенцијален инвеститор за изградба на погон за управување, собирање и преработка на НПЖП
Комуникација со Општина Велес за изнаоѓање на локација за изградба на погонот и нејзино вклучување во Деталниот урбанистички план на Општина Велес.
Комуницијa и работни средби со заинтересирани странски инвеститори (Србија, Унгарија).
Постапено е по 4 барања за издавање на Одобрение за нус производи од животинско потекло, односно:
„Гудас Мит" Скопје, извршен е комисиски надзор и издадено е решение;
„Сафари Интернационал" постапката е во тек;
„Луна Комерц" Штип, извршен е комисиски надзор и издадено е решение, и

„Шевро ИМ” Штип, извршен е комисиски надзор и издадено е решение.

Спроведени се од централно ниво официјални контроли на операторите со нуспроизводи од животинско потекло .
Извршени се контроли на операторите со нус производи од животинско потекло и тоа на :
Кожари:
„Ирис 80” Велес;
„Димко Митрев” Велес;
„АНВ” Куманово,;
„Тифи Комерц” Куманово;
„Луна Комерц” Штип;
„Шевро ИМ” Штип;
„Оаза” Штип;
„Ан-Ви” Скопје;

2. Спроведен е контрола и суперревизија на 15 објекти:
Кланици:
„АД Кланица со Ладилник” Струмица;
„Кланица Ново Село” Ново Село;
„Серта Компани” Кавадарци;
„Кланица БДА Компани” Куманово;
„Љума Комерц” Скопје;
„АБС Пилко (Анита ) Скопје;
„Кланица Андонови” Радови;
„Кланица Темови” Радовиш;
„Кланица Бич Треид”;

Млекара:
„Балканска Млекара” Скопје;
„Лабрадор” Охрид;
„Лабсир” Струга;
„Млекара Бистра” Кичево;
„Маврово Ј-Т” Македонски Брод.
Трговија:
„Веропулос” Скопје.

*Официјални контроли во одделение за државна ветеринарна инспекција*

На територијата на Република Македонија распределени во 26 организациони единици од страна на 43 Официјални Ветеринари извршена е контрола на:
Внатрешен промет (производство и преработка на производи од животинско потекло), храна за животни, нуспроизводи од животинско потекло и ветеринарно медицински препарати;
Увоз на храна од животинско потекло, храна за животни, нуспроизводи од животинско потекло и ветеринарно медицински препарати;
Извоз на храна од животинско потекло, храна за животни, нуспроизводи од животинско потекло и ветеринарно медицински препарати

При извршените контроли на објектите, операторите со храна, храна за животни, нуспроизводи од животинско потекло и ветеринарно медицински препарати издадени се 10.136записници. Врз основа на претходно издадените записници издадени се 1299 решенија по кои е постапено во 1176 случаи, издадени се 93 покани за едукација, поднесени се 30 платни налози за глоба од кои 19 се завршени со порамнување, а 11 се предадени на прекршочна комисија, решение се 3 а другите се во постапка.

Во 2014 година не е поднесена кривична пријава.

Земени се вкупно 3.918 мостри на храна од животинско потекло и тоа за:
Биорезидуи 2.746 мостри (974 мостри од националниот контролен план за резидуи и 1123 мостри млеко за испитување на афлатоксин)
Микробиолошка анализа 907 мостри
Хемиска анализа 70 мостри
Анализа за присуство на антибиотици во храна 4 мостри
Анализа за безбедност 191 мостри

Конфискувана и уништена небезбедна храна од животинско потекло вкупно 683.503 кг.
од самиот оператор нештетно уништена храна 362.054 кг. која е хигиенски неисправна, контаминирана храна, микробиолошки неисправна, недекларирана, изминат рок или од други причини небезбедна.
од АХВ нештетно уништена храна 321.449 кг. која е хигиенски неисправна, контаминирана храна, микробиолошки неисправна, недекларирана, изминат рок и други причини небезбедна.

Бројот по вид и категории на животни прегледани и заклани во одобрени кланици вкупно изнесува 447.168 единки крупна стока и 446.629 живина.

Во табелата се прикажани бројот на заклани единки на животни по видови.

| Вид на животни | Број на заклани грла |
|---|---|
| Млади говеда | 5664 |
| Стари говеда | 2368 |
| Говеда вкупно | 8032 |

| | |
|---|---|
| Овци | 2023 |
| Јагниња | 284679 |
| Овци вкупно | 286702 |
| Кози | 85 |
| Јариња | 65 |
| Кози вкупно | 150 |
| Свињи | 152284 |
| Животни Крупни вкупно | 447168 |
| Кокошки | 304011 |
| Бројлери | 142618 |
| Вкупно кокошки | 446629 |

Прегледана храна

Внатрешен промет (производство) 303.315.525,00 кг.
Увоз 71.202.787,00 кг.
Извоз 21.568.499,00 кг.
ВКУПНО: 396.086.811 кг.

Прегледана храна по производ
Месо и производи од месо 74.803.195 кг.
Млеко и млечни производи 154.395.178 кг
Риби и производи од риби 3.545.309 кг.
Јајца 146.711.277 кг.

| | |
|---|---|
| Производи од јајца | 9.471.698 кг. |
| Мед | 38.743 кг |
| Кондиторски производи | 1.366.071кг. |
| Останато | 3.439.077 кг. |
| ВКУПНО: | 369.058.409 кг. |
| Храна за животни | 27.062.652 кг. |

Издадени записници при официјални контроли
Записници 10.136

Издадени решенија за отстранување на недостатоци
Решенија 1.299

Издадени покани за едукација (извршени едукации)
покана за едукација 93

Издадени платни налози за наплата на глоба
платен налог за наплата на глоба 30

Испратени мостри за лабораториска анализа
Мостри 3.918

Хигиенски неисправна и небезбедна храна
Килограми на запленета и уништена храна 683.503 кг.

Поднесени барања за покренување на прекршочна постапка
Прекршочни пријави 11

Издадени сертификати за извршени извози
Издадени се вкупно 1.747 сертификати

| | | | |
|---|---|---|---|
| Производ | Број на извршени извози | Количина во килограми | Број |
| Волна | 42 | 823616 | |
| Замрзнато пилешко и кокошкино месо | 7 | 130329 | |
| Јагнешки црева и изнутрици | 8 | 157046 | |
| Јагнешко месо | 379 | 2 713 890 | 270350 |
| Говедска кожа | 28 | 473530 | |
| Јагнешка кожа | 35 | 673375 | |
| Овча кожа | 1 | 23400 | 6000 |
| Свинска кожа | 19 | 419330 | |
| Кондиторски производи | 428 | 2354267 | |
| Мајонез | 62 | 155249 | |
| Мед | 52 | 191919 | |
| Производи од месо | 239 | 3308435 | |
| Преработени полжави | 68 | 677914 | |
| Млеко | 22 | 368457 | |


qualityaustria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0

| | | | |
|---|---|---|---|
| Млечни производи | 137 | 1154457 | |
| Риба | 6 | 59080 | |
| Сладолед | 113 | 822891 | |
| Супи | 83 | 48068 | |
| Трофеј | 12 | | 20 |
| Јајца | 6 | | 1316574 |

Издадени Мислења за усогласеност на проектната документација – планираната инвестиција со одредбите од ЕУ и Потврди за усогласеност со стандардите на ЕУ по завршувањето на инвестицијата

Во текот на 2014 година, Одделението за државна ветеринарна инспекција во Секторот за Ветеринарно Јавно Здравство има издадено вкупно 9 (девет) *Мислења за усогласеност на проектната документација/планирана инвестиција со одредбите од ЕУ*, од кои што сите се во согласност со стандардите на ЕУ, како и вкупно 1 (една) *Потврда за усогласеност со стандардите на ЕУ по завршувањето на инвестицијата.*

| Бр. | Тип на документ | Име на правен субјект | датум на издавање на документ | број на мислење | тип на инвестиција |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Мислење | ДПТУ КИКИ ДООЕЛ Кочани | 03.01.2014 | 11-8454/2 | Опрема |
| 2 | Мислење | МИС ГЛОБУС ДОО СКОПЈЕ | 03.01.2014 | 11-8457/2 | Опрема |
| 3 | Мислење | РЕС-КОМ, Ресен | 21.01.2014 | 11-361/2 | Опрема |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4 | Мислење | ЈокаДооел Струмица | 16.06.2014 | 11-4395/2 | Реконструкција, опрема |
| 5 | Мислење | МИС ГЛОБУС ДОО СКОПЈЕ | 16.06.2014 | 11-4396/2 | Реконструкција, опрема |
| 6 | Мислење | ДИРОКО ДООЕЛ Кавадарци | 25.06.2014 | 11-4394/2 | Опрема |
| 7 | Мислење | АГРИА - ГРУП Велес | 25.06.2014 | 11-4397/2 | Опрема |
| 8 | Мислење | БИБО КОМЕРЦ | 25.06.2014 | 11-4393/2 | Изградба на објект |
| 9 | Мислење | К-ФАРМ - КОЖЛЕ ДООЕЛ | 05.09.2014 | 11-5541/2 | Опрема |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 10 | Потврда | РЕС-КОМ, Ресен | 29.10.2014 | 02-7274/2 | Опрема |

| ИЗВРШЕНИ ИНСПЕКЦИСКИ КОНТРОЛИ 2014 година | | | | | | | | | Платен налог (пред прекршочна комисија) | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КОНТРОЛИРАНИ ОБЈЕКТИ | **Број на записници** | **Број на аудити** | **Број на Решенија** | **Заклучок** | **Покана за едукација** | **Претставки** | **Платен налог (со порамнување)** | **Вредност во €** | **Поднесени пр.пријави** | **Решени** | **Кривични пријави** |
| КЛАНИЦА | 1921 | 30 | 74 | 621 | 2 | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| МЛЕКАРИ И МАНДРИ | 2294 | 141 | 329 | 603 | 3 | 1 | 5 | 5300 | 2 | 0 | 0 |
| МЕСОПРЕРАБОТКА | 1136 | 48 | 162 | 487 | 1 | 3 | 7 | 14000 | 3 | 0 | 0 |
| ВЕЛЕДРОГЕРИИ И ВЕТЕРИНАРНИ ДРУШТВА | 347 | 7 | 4 | 77 | 5 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 |
| СКЛАД / ЛАДИЛНИК | 1355 | 42 | 492 | 504 | 3 | 2 | 2 | 11000 | 0 | 2 | 0 |
| ПАКУВАЊЕ НА МЕД | 39 | 1 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| СОБИРНИ ЦЕНТРИ ЗА ЈАЈЦА | 588 | 18 | 36 | 273 | 5 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| МАЛОПРОДЖНИ ОБЈЕКТИ | 866 | 28 | 79 | 201 | 33 | 13 | 2 | 2500 | 1 | 1 | 0 |
| ЗЕЛЕН ПАЗАР | 59 | 1 | 2 | 13 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ОПЕРАТОРИ СО ХРАНА ЗА ЖИВОТНИ / УВОЗНИЦИ | 375 | 41 | 45 | 99 | 1 | 0 | 5 | 2500 | 2 | 0 | 0 |
| УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТИ | 324 | 3 | 24 | 98 | 33 | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ПРИМАРНИ ПРОИЗВОДИТЕЛИ | 394 | 16 | 18 | 74 | 1 | 1 | 3 | 6000 | 0 | 0 | 0 |
| ОСТАНАТИ ОПЕРАТОРИ | 438 | 39 | 34 | 132 | 6 | 2 | 3 | 5750 | 2 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **10136** | **415** | **1299** | **3184** | **93** | **29** | **30** | **47050** | **11** | **3** | **0** |

СЕКТОР ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА И БЛАГОСОСТОЈБА НА ЖИВОТНИТЕ

Законот за ветеринарно здравство ја уредува здравствената заштита на животните и делови на јавното ветеринарно здравство од аспект на здравствена заштита на животните. Согласно законот, Агенцијата за храна и ветеринарство има обврска да обезбеди здравствена заштита на животните преку спроведување на мерки на здравствена заштита како и спроведување на годишни и повеќегодишни програми за здравствена заштита на животните.

**Хоризонтални активности**

Во текот на 2014 година согласно барањата за системот за управување со квалитет ИСО 9001: 2008 се воведе системот, сите одделенија во Секторот за здравствена заштита и благосостојба на животните пристапија кон усогласување на документацијата (усогласување на процедурите, упатствата и обрасците со структурата која ја пропишува стандардот). Во рамките на стандардот влегоа 12 процедури и 46 попратни обрасци.

Во 2014 продолжи следење на ЕУ законодавство и транспонирање на ЕУ мерките во националното законодавство од областа на ветеринарното здравство, благосостојба на животните и идентификација и регистрација на животните. Во изминатата година усвоени се повеќе акти:

Од ***областа на заштитата и благосостојбата на животните*** усвоен е нов Закон за заштита и благосостојба на животните. Новиот Закон за заштита и благосостојба на животните ("Службен весник на РМ" 149/14), потполно се усогласува со одредбите од релевантното Европско законодавство: 31998L0058, 32008L0119, 32008L0120, 32007L0043, 31999L0074, 32010L0063, 32009R1099 и 32005R0001. Со донесување на новиот закон, укинат е Законот за заштита и благосостојба на животните ("Службен весник на РМ " 113/07 и 136/2011).

Од ***областа на Аквакултура*** донесени се следните прописи:

а. Правилник за условите за ставање во промет на аквакултура, нејзината намена, како и начинот на вршење на официјални контроли при ставање во промет на аквакултурата ("Службен весник на РМ" бр.85/13 и 132/14),

б. Правилник за мерки за сузбивање и искоренување на одредени болести кај водните ("Службен весник на РМ" 185/11 и 114/14) и в

в. Правилник за дополнителни услови за надзор кај акватични животни врз основа на анализа на ризик ("Службен весник на РМ" 106/14);

Од ***областа услови за увоз на семе за вештачко осеменување, ембриони и јајце клетки*** во ("Службен весник на РМ" бр. 195/14) објавена е измена на Правилникот за условите за увоз на семе за вештачко осеменување, ембриони и јајце клетки, листи на трети земји од кои е дозволен нивниот увоз и содржината и формата на ветеринарно здравствениот сертификат или друг документ што ја придружува пратката.
Во рамките на секторот се спроведуваат активности за мониторинг и управување со проекти кои се финансирани со предпристапните фондови на Европската Унија.
Во јуни 2014 година е поднесена апликација до Европската комисија за вклучување на Република Македонија на листата Ц согласно регулативата 576/2013 за некомерцијално движење на животни.

***Ветеринарно информационен систем (ВИС):*** Имајќи предвид дека 2014 е почетна година во која активностите за здравствена заштита и идентификација и регистрација се внесуваа и следат преку Ветеринарно информациониот систем, посебен осврт е даден на ефикасноста и функционалноста на електронската дата база како и на понатамошната надградба на сегашните и развивање на нови модули. Учесниците во системот стекнаа одредено ниво на рутина на работа со истиот со што потребата од поддршка од страна на Агенцијата е значително намален.
Во рамките на активности на проектот кој започна со работа во 2014 година предвидена е изработка на оперативни процедури за спроведување на активностите од годишната наредба за здравствена заштита на животните за да се обезбеди унифициран пристап на работата на овластените ветеринарни друштва како и подигање на нивото на квалитетно извршување на јавните овластувања кои им се доделени.
Во период од мај–јули 2014 година се изврши надградба односно проширување на ВИС со модул во кои се внесуваат фактури за извршените активности на овластените ветеринарни друштва. Ова претставува нов сегмент од модулот фактурирање кој е функционален и лесен за користење од страна на ветеринарните инспектори. Модулот овозможува внесување и креирање на фактури кои се поврзани со спецификации за извршени активности за здравствена заштита на животните.
Во текот на 2015 година планирано е проширување на системот со нов функционален модулот за колење на одземени заболени животни во кланица и исплаќање на надомест.

**Идни планирани активности на ниво на сектор**

Во рамките на проектот „Зајакнување на административните и институционални капацитети на надлежните органи задолжени за безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика“ во 2015 година предвидени се теоретски и практични обуки на официјалните ветеринари од областа на здравствена заштита на животните, благосостојба на животните и идентификација и регистрација на животните.

Во рамките на твиниг договор- „Институционално зајакнување на капацитетите на надлежните органи во делот на имплементација на европското законодавство во областа на безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика“ кој ќе биде реализиран во текот на 2015 треба да се направат анализи на моменталната состојба со определени болести кои се застапени во државата и да се направи ревизија на тековните програми, анализа на состојбата со одредени болести кои не биле предмет на програми во изминатите години како и изработка на програми за нивно сузбивање и искоренување.
Контролните механизми и админстративни работи се внесуваат во системот за управување со квалитет во форма на пишани процедури од кои произлегуваат записи за извршените активности.

***<u>Одделение за здравствена заштита на животните</u>***

1) Заразни болести кај овци и кози

   *a.* ***Бруцелоза кај овци и кози***

Постои континуитет во имплементацијата на Програма за контрола и искоренување на болеста Бруцелоза кај овците и козите каде во зависност од застапеноста на болеста се применуваат различни мерки за нејзина контрола.
Врз основа на стапката на присутност на бруцелозата кај овците и козите и / или
ризикот за ширење на болеста се врши поделба на територијата на Република Македонија на следните епизоотиолошки единици и епизоотиолошки целини:

1. Епизоотиолошки единици и епизоотиолошки целини каде присуството на болеста на ниво на стадо е од 0-1% и/или каде ризикот за проширување на болеста е низок,
2. Епизоотиолошки единици и епизоотиолошки целини каде присуството на болеста на ниво на стадо е од 1-5% и/или каде ризикот за проширување на болеста е низок,
3. Епизоотиолошки единици и епизоотиолошки целини каде присуството на болеста на ниво на стадо е повисоко од 5% и/или кад ризикот за проширување на болеста е висок и/или е извршена масовна вакцинација на животните.

Во текот на месец јули 2014 година објавена е *Програма за изменување на програмата за сузбивање и искоренување на бруцелозата кај овците и козите* (Службен весник на РМ број 108/2014). Со Програмата се утврдува начинот на заштита на населението од болеста бруцелоза преку намалување на бројот на

заболени овци и кози, мерките за контрола на болеста во случај на сомнителни или потврдени случаи на болеста како и условите кои треба да ги исполнуваат животните при движење помеѓу стада со ист здравствен статус така и при движење од стада со понизок кон повисок здравствен статус Со програма за изменување и дополнување на програмата за сузбивање и искоренување на бруцелозата кај овци и кози се предвидуваат одредени олеснување во делот на движењето на животните но под строго определени услови и само од епидемиолошки единици и епидемиолошки целини со ист здравствен статус.. Истовремено во континуитет се одвива имплементација на мерките за контрола на болеста бруцелоза кај овците и козите односно ре-тестирања во сомнителните и позитивните одгледувалишта во текот на годината.

***Табела 1***: *Споредбен приказ на резултати од контрола на болеста Бруцелоза кај овци и кози од 2008 до 2014 година*

| година | Тестирани стада | Позитивни стада | % од позитивни стада | Тестирани о овци/кози | Позитивни овци/кози | Позитивни овци/кози |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **2008** | 5.820 | 636 | 10,93% | 626.748 | 16.052 | 2,56% |



quality austria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **2009** | 6.522 | 712 | 10,92% | 653.863 | 11.256 | 1,72% |
| **2010** | 5.312 | 171 | 3,22% | 422.752 | 2.865 | 0,68% |
| **2011** | 4.545 | 80 | 1,76 | 362.662 | 1.312 | 0,36% |
| **2012** | 3.889 | 16 | 0,41% | 296.561 | 112 | 0,04% |
| **2013** | 7.453 | 42 | 0,56% | 346.947 | 338 | 0,10% |
| **2014** | 7.587 | 55 | 0,72% | 362.828 | 347 | 0,09% |

*Графички приказ на резултатите од контролата на болеста Бруцелоза кај овци и кози*









quality austria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0






qualityaustria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0




Како директен резултат од спроведените мерки за контрола на болеста кај животните, бројот на заболени луѓе од *B.melitensis* е исто така видливо намален. Табеларно е прикажан преглед на трендот на опаѓање на број на регистрирани заболени луѓе од болеста Бруцелоза во период 2008-2014 година

***Табела 2:*** *Број на заболени луѓе од Бруцелоза преглед период 2008-2014 година **

| година | Број на заболени луѓе од Бруцелоза |
|---|---|
| 2008 | 485 |
| 2009 | 287 |



qualityaustria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0

| | |
|---|---|
| 2010 | 163 |
| 2011 | 96 |
| 2012 | 82 |
| 2013 | 36 |
| 2014 | 40 |

*Институт за јавно здравје




Во периодот од јуни-ноември 2014 година беа организирани и реализирани 10 регионални работилници (семинари) во соработка со Секоторот за контрола и превенција на заразни болести при Институтот за јавно здравје Скопје и Институтот за епидемиологија, биостатистика и медицинска информатика на тема "Состојбата со бруцелоза во Република Македонија" за здравствените и ветеринарните работници. Целта на работилниците беше зајакнување и интезивирање на соработката помеѓу соодветните инспекциски служби од областа на ветеринарната и хуманата медицина како и размена на податоци помеѓу засегнатите институции. На семинарите, Агенцијата за храна и ветеринарство ја презентираше состојбата со бруцелоза во Република Македонија во годините наназад, но и моменталната состојба за 2014 година, активностите што се превземени, постигнатите

резултати, како и предлог мерките за подобра контрола и превенција на ова заболување, со цел навремено информирање и координацијата на активностите кои се од примарно значење за ставање на оваа зооноза под контрола.

### 6. *Антракс кај овци и кози*

Согласно Годишната наредба за здравствена заштита на животните за 2014 година за сузбивање и искоренување на Антраксот кај овци и кози предвидено е да се изврши превентивна вакцинација. Активноста е извршена согласно упатството на производителот на вакцината. За вакцинација се користи вакцината Stern 34 F2 БИОФАРМ-Сливен.

***Табела 3:*** *Преглед на бројна состојба на вакцинирани овци/ кози во 2014 година општини со дистрикти на антракс*

| Општина | Број на одгледувалишта | Животни |
|---|---|---|
| Сарај | 1 | 405 |
| Свети Николе | 3 | 368 |
| Велес | 8 | 1200 |
| Пробиштип | 2 | 384 |
| Сарај | 1 | 161 |
| Чешиново-Облешево | 43 | 3966 |
| Могила | 6 | 452 |
| Пробиштип | 3 | 569 |
| Јегуновце | 10 | 992 |
| Ппробиштип | 18 | 2827 |
| Лозово | 23 | 391 |
| Свети Николе | 7 | 406 |
| Зајас | 14 | 2528 |
| **Вкупно** | **139** | **14650** |

***Табела 4:*** *Резултатите од спроведени дијагностички испитувања кај угинати животни при сомнеж на Антракс во 2014 година*

| Епизотиолошко подрачје | населено место | вид | испитани | позитивни | сомнителни | негативни |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Велес | Велес | коза | 3 | 0 | 0 | 3 |
| Виница | Лаки | коза | 2 | 0 | 0 | 2 |
| Виница | Крушево | овца | 1 | 0 | 0 | 1 |
| Куманово | Макреш | овца | 1 | 0 | 0 | 1 |
| **Вкупно** | | | **7** | **0** | **0** | **7** |

***Табела 5:*** *Резултатите од спроведени дијагностички испитувања на Антракс на кожи наменети за извоз во 2014 година*

| Епизотиолошко подрачје | населено место | вид на кожа | испитани | позитивни | сомнителни | негативни |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Пробиштип | Горно Барбрево | овца | 1 | 0 | 0 | 1 |
| Прилеп | Прилеп | коза | 1 | 0 | 0 | 1 |
| Прилеп | Прилеп | коза | 1 | 0 | 0 | 1 |
| Прилеп | Прилеп | коза | 1 | 1 | 0 | 0 |
| Прилеп | Прилеп | коза | 1 | 0 | 0 | 1 |
| Битола | Бач | овца | 1 | 0 | 0 | 1 |
| Прилеп | Кривогаштани | коза | 1 | 0 | 0 | 1 |
| Прилеп | Прилеп | овца | 1 | 0 | 0 | 1 |
| Прилеп | Прилеп | овца | 1 | 0 | 0 | 1 |
| **Вкупно** | | | 9 | 1 | 0 | 8 |



quality austria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0

### в.*Ентеротоксемија кај овци и кози*

Согласно Годишната наредба за здравствена заштита на животните за 2014 година заради подобрување на епизотиолошката состојба со болеста и намалување на морталитетот кај овците и козите е извршена превентивна вакцинација на сите овци и кози на територија на Република Македонија. Вакцинацијата е спроведена од страна на ветеринарните друштва кои имаат склучено договор со одгледувачите на овци и кози. Трошоците за вакцинација во целост се на товар на одгледувачите на овци и кози. Во табела е даден преглед на испитани примероци при сомнеж на болеста Ентеротоксемија во 2014 година.

***Табела 6:*** *Вкупен број на испитани примероци* при сомнеж на болеста Ентеротоксемија во 2014 година

| Епизотиолошко Подрачје | Населено место | Вид | Испитани | Позитивни | Сомнителни | Негативни |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Крива Паланка | Ранковце | овци | 1 | 0 | 0 | 1 |
| Велес | Велес | овци | 1 | 0 | 0 | 1 |
| Македонски Брод | Пласница | овци | 1 | 0 | 0 | 1 |
| Пробиштип | Пробиштип | овци | 1 | 0 | 0 | 1 |
| Пробиштип | Пробиштип | овци | 1 | 1 | 0 | 0 |
| Пробиштип | Злетово | овци | 1 | 0 | 0 | 1 |
| Велес | Велес | овци | 1 | 0 | 0 | 1 |
| Велес | Чашка | овци | 1 | 0 | 0 | 1 |
| Велес | Градско | овци | 2 | 0 | 0 | 2 |
| Прилеп | Прилеп | овци | 1 | 0 | 0 | 1 |
| Виница | Виница | овци | 2 | 0 | 0 | 2 |
| Прилеп | Кривогаштани | овци | 1 | 0 | 0 | 1 |
| Прилеп | Витолиште | овци | 1 | 0 | 0 | 1 |
| Прилеп | Витолиште | овци | 1 | 0 | 0 | 1 |
| Пробиштип | Пробиштип | овци | 1 | 0 | 0 | 1 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Свети Николе | Свети Николе | овци | 1 | 0 | 0 | 1 |
| **Вкупно** | | | **18** | **1** | **0** | **17** |

2) Заразни болести кај говеда

a. ***Бруцелоза и Туберкулоза кај говеда***

Извршена е имплементација на Програмите за контрола и искоренување на бруцелоза и туберкулоза кај говедата преку спроведување на редовни годишни дијагностички испитувања и тестирања на говедата кои започнаа да се спроведуваат од октомври 2014 година. Ретестирање на сите позитивни стада се спроведуваат во текот на годината каде што се применува засилена он спот контрола и сеопфатно епидемиолошко испитување со цел утврдување на изворот на инфекција. Мерките за контрола на бруцелозата кај говедата (ре-тестирања) како и постапката за утврдување на позитивни животни на туберкулоза кај говедата се одвиваат во континуитет во 2014 година и продолжува да се спроведува и во текот на 2015 година.

**Важно е да се напомене дека од одземените позитивни и сомнителни животни во кланица (говеда, овци и кози вкупно се земени и испратени 758 мостри за бактериолошко потврдување на бруцелоза до националната референтна лабораторијата)**

***Табела 7:*** *Бруцелоза кај говедата -број на тестирани и позитивни животни и стада преглед на период 2010-2014 година*

| година | Тестирани животни | Позитивни животни | % од позитивни животни | Позитивни стада | Број на заклани животни |
|---|---|---|---|---|---|
| **2010** | 168.682 | 663 | 0,39% | 78 | 665 |
| **2011** | 147.615 | 225 | 0,15% | 66 | 229 |
| **2012** | 144.619 | 416 | 0,29% | 64 | 357 |
| **2013** | 144.629 | 344 | 0,24% | 46 | 247 |
| **2014** | 162.582 | 514 | 0,31% | 129 | 544 |



qualityaustria SYSTEM CERTIFIED ISO 9001:2008 No.15994/0

*Графички приказ на резултати од контролата на Бруцелоза кај говедата*







***Табела 8:*** *Туберкулоза кај говедата- број на тестирани, позитивни животни и стада преглед на период 2010-2014 година*

| година | Тестирани животни | сомнителни Пријавени одгледувалишта | Позитивни животни | % од позитивни животни |
|---|---|---|---|---|
| 2010 | 178.838 | 687 | 393 | 0.22% |
| 2011 | 172.087 | 564 | 207 | 0,11% |
| 2012 | 167.506 | 216 | 240 | 0,14% |
| 2013 | 167.128 | 184 | 269 | 0,002% |
| 2014 | 180.902 | 71 | 109 | 0,001% |



qualityaustria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0

Постапката за утврдување на Туберкулозата кај говедата започна во месец октомври 2014 година, а согласно податоците од ветеринарно информативниот систем тестирани се вкупно 180.902 говеда на туберкулоза каде се пријавени од страна на овластените ветеринарни друштва 71 сомнително одгледувалиште со вкупно 109 сомнителни говеда, распоредени во 18 епидемилошки единици. Во текот на 2015 година се спроведуваат ретестирањата во сомнителните одгледувалишта со цел потврдување или отфрлање на сомнежот на болеста. Извршувањето на единечниот туберкулински тест го спроведуваат овластените ветеринари друштва, додека компаративниот туберкулински тест (ретуберкулинизацијата) ја спроведува комисија од страна на Факултетот за ветеринарна медицина Скопје.

Во текот на месеците мај–август 2014 година се изврши исплата на заостанати обврски од претходните години (2011 и 2012 година) во делот за здравствена заштита на животните кон овластените ветеринарни друштва и Факултетот за ветеринарна медицина Скопје. Исплатата се реализираше согласно предвидените средства од Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2014 година. За исплата на надомест на штета за заклани/еутаназирани болни животни вкупно се исплатени **11.563.700,00**денари.
На почетокот на 2015 година се започна со исплата на средства за надоместоци за здравствена заштита за спроведени активности од страна на овластените ветеринарни друштва за 2013 година со средства од програмата за користење на средства за 2015 година

### *б. Антракс кај говедата*

Согласно Годишната наредба за здравствена заштита на животните за 2014 година за сузбивање и искоренување на Антраксот кај говеда предвидено е да се изврши превентивна вакцинација. Активноста е извршена согласно упатството на производителот на вакцината. За вакцинација се користи вакцината Stern 34 F2 БИОФАРМ-Сливен.
***Табела 9:*** *Преглед на бројна состојба на вакцинирани говеда во 2014 година во општини со дистрикти на антракс*

| **Општина** | **Број на одгледувалишта** | **Животни** |
|---|---|---|
| Сарај | 17 | 44 |
| Свети Николе | 2 | 19 |

| | | |
|---|---|---|
| Могила | 6 | 113 |
| Велес | 58 | 386 |
| Пробиштип | 1 | 43 |
| Јегуновце | 13 | 43 |
| Сарај | 10 | 75 |
| Могила | 19 | 222 |
| Долнени | 1 | 12 |
| Чешиново-Облешево | 1 | 3 |
| Могила | 47 | 550 |
| Пробиштип | 1 | 13 |
| Долнени | 3 | 19 |
| Јегуновце | 61 | 221 |
| Могила | 2 | 17 |
| Долнени | 5 | 34 |
| Ппробиштип | 19 | 111 |
| Сарај | 1 | 82 |
| Лозово | 4 | 13 |
| Свети Николе | 4 | 29 |
| Могила | 6 | 98 |
| Зајас | 58 | 420 |
| **Вкупно** | **339** | **2567** |

***Табела 10:*** *Резултатите од спроведени дијагностички испитувања кај угинати животни при сомнеж на Антракс во 2014 година*

| **Епизотиолошко подрачје** | **населено место** | **вид** | **испитани** | **позитивни** | **сомнителни** | **негативни** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Битола Добрушево | Дедебалци | говедо | 1 | 0 | 0 | 1 |
| Велес | Велес | говедо | 1 | 0 | 0 | 1 |
| Велес | Велес | говедо | 1 | 0 | 0 | 1 |
| **Вкупно** | | | 3 | 0 | 0 | 3 |

***Табела 11:*** *Резултатите од спроведени дијагностички испитувања на Антракс на кожи наменети за извоз во 2014 година*

| **Епизотиолошко подрачје** | **населено место** | **вид на кожа** | **испитани** | **позитивни** | **сомнителни** | **негативни** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Скопје | Скопје | говедо | 1 | 0 | 0 | 1 |
| Штип | Штип | говедо | 1 | 0 | 0 | 1 |
| Штип | Штип | говедо | 1 | 0 | 0 | 1 |
| **Вкупно** | | | 3 | 0 | 0 | 3 |

3) *Заразни болести кај копитарите*

***а .Антракс***

Согласно Годишната наредба за здравствена заштита на животните за 2014 година за сузбивање и искоренување на Антраксот кај копитарите предвидено е да се изврши превентивна вакцинација. Активноста е извршена согласно упатството на производителот на вакцината. За вакцинација се користи вакцината Stern 34 F2 БИОФАРМ-Сливен

***Табела 12:*** *Преглед на бројна состојба на вакцинирани коњи во 2014 година во општини со дистрикти на антракс*

| Општина | Број на одгледувалишта | Животни |
|---|---|---|
| ЈЕГУНОВЦЕ | 8 | 14 |
| ЗАЈАС | 2 | 5 |
| **Вкупно** | 10 | 19 |

4. *Болести кај дивечот*

*а. Беснило*

Во текот на 2014 година Агенцијата продолжи со спроведување на активности за зајакнување на контролата на беснило. Како дел од мерките за контрола и искоренување на беснилото во Република Македонија реализирани се следните активности:

*Орална вакцинација на лисиците против беснило*

Оралната вакцинација на лисиците кои претставуваат резервоар и вектор за ширење на вирусот на беснило е единствен успешен начин на искоренување на беснилото кај дивите животни, а со тоа и за спречување на пренесувањето на болеста кај домашните животни и човекот. На овој начин, болеста е успешно искоренета во сите земји на западна и средна Европа каде што таа била присутна (Франција, Германија, Австрија, итн.).

Европската Комисија покрај Република Македонија, во рамките на инструментот за претпристапна помош, финансиски поддржува слични проекти во шест други држави (Косово, Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Хрватска и Албанија) од балканскиот регион за имплементација на програма за орална вакцинација на лисиците против беснило.

Програмата се состои од кампањи за орална вакцинација кои се спроведуваат двапати годишно, во пролет и есен, во траење од најмалку пет години односно се додека за време од две последователни години не се потврди ниту еден случај на беснило, имајќи ја истовремено предвид епидемиолошката состојба во соседните земји.

Република Македонија започна со имплементација на програмата во мај 2011 година кога се реализираше првата кампања за орална вакцинација на лисиците против беснило. Досега се реализирани седум кампањи.

Во 2014 година се реализираа две кампањи за орална вакцинација на лисиците против беснило, пролетна и есенска (шеста и седма по ред):

- Пролет 2014 година, во периодот: 22.04-06.06.2014 година и
- Есен 2014 година, во периодот: 25.09-10.10.2014 година.

Во вакциналните кампањи употребени се вакциналните мамки Fuchsoral (SAD B19).
Пред испораката мамките се тестирани за вирусен титар од страна на Paul Ehrlich Institute (Германија). Во текот на двете вакцинални кампањи беа доставени и дистрибуирани 1.000.000 мамки, по 500.000 во секоја кампања. Во текот на целиот процес се вршеше мониторинг на ладниот ланец (транспорт-складирање-достава до авионот). За имплементација на кампањата беа употребени три авиони од типот Cessna, а дистрибуција се вршеше од три спортски аеродроми во Скопје, Битола и Штип. Во текот на оралната вакцинација, авионите летаа во паралелни линии на 500-600 m оддалеченост помеѓу нив со следење на линијата на летање со вграден GPS систем. Мамките се испуштаа со употреба на SURVIS, автоматски систем, со предвидено исфрлување за да се постигне густина од 21 мамка/km$^2$. Секоја фрлена мамка се регистрираше со употреба на GPS системот, а податоците беа пренесувани на дневна основа од пилотите до Агенција. Дистрибуција на вакцинални мамки се изврши на целата територија на Република Македонија на надморска височина до 2.000 метри со исклучок на градовите, погусто населените места и водните површини кои се предвидува дека зафаќаат површина од 23.248км2.

Кампањите во 2014 година беа на задоволително ниво. Просечната густина на дистрибуирани мамки беше 20,67 мамки/km$^2$ со стандардна девијација (СД) од 11.1 мамки/km$^2$ што укажува на тоа дека има задоволителана точност и хомогеност на густината на исфрлените мамки.

***Мапа**: Општ преглед на густината на дистрибуција на мамките во есенската кампања*

Број на мамки/км$^2$

- 0
- 1-9
- 10-14
- 15-19
- 20-24
- 25-29
- 30-300



## *Мониторинг на оралната вакцинација на лисиците против беснило*

Во текот на 2014 година се спроведе мониторинг на кампањите на вакцинација. Резултатите потврдуваат дека кампањите се успешно реализирани но мора да се нагласи дека бројот на испитани мостри е помал од предвидениот што укажува на тоа дека е потребна засилена контрола и едукација на ловните и ветеринарните друштва кои се одговорни за застрелување на лисици и земање на мостри.

***Табела13**: Резултати од мониторингот на беснило во 2014 година*

| | Вкупно испитани | Позитивни | Негативни | Позитивни% |
|---|---|---|---|---|
| **Тетрациклин** | 289 | 261 | 28 | 90.3 |
| **Антитела** | 131 | 63 | 69 | 48.1 |

*Зајакнување на надзорот на беснило*

Обврската за задолжително пријавување на беснило е пропишана во Законот за ветеринарно здравство, Правилникот за начинот и постапката за пријавување на беснило кај домашни и диви животни и мерки кои треба да се превземаат за сузбивање и искоренување на беснилото, и во Годишната наредба за здравствена заштита на животните. Сите сомнителни домашни и диви животни (животни кои покажуваат знаци на беснило, пронајдени угинати и прегазени од возило) како и сите застрелани лисици, волци и други диви животни треба да се пријават за лабораториско испитување за утврдување на присуство на вирусот на беснило.
Службите за комунална хигиена се задолжени да ги пријават и испратат во Националната референтна лабораторија за беснило сите домашни и диви животни пронајдени угинати и прегазени од возила на јавните површини и патиштата.
Во текот на 2014 година испитани се вкупно 433 мостри на присуство на вирусот на беснило од кои 13 беа сомнителни случаи додека останатите мостри беа испитани во рамките на спроведениот мониторинг на вакцинацијата против беснило и редовниот застрел на волк како штетен дивеч.
Во текот на 2014 година не се регистрирани случаи на беснило кај домашните и дивите животни. Последниот случај на беснило е регистриран во март, 2012 година кај мачка во с. Јаргулица, Радовиш.

*Олеснување на некомерцијалното движење на домашни миленици во рамките на Европската Унија*

На 30 октомври 2014 година Европската Комисија донесе Регулатива (ЕУ) бр. 1160/2014 со која Република Македонија се вклучува на листата на територии и трети земји кои ги исполнуваат условите пропишани од страна на Европската Комисија за контрола на беснилото со што се олеснува некомерцијалното движење на домашните миленици (кучиња, мачки и ласици) од Република Македонија во државите членки на Европската Унија.
Регулативата стапи на сила на 19 ноември 2014 година од кога што животните можат да патуваат без претходно да се изврши тест за титрација на антитела за проверка на имунитетот на извршената вакцинација против беснило. На тој начин периодот за комплетирање на документацијата потребна за патување се намали за три месеци.

*Планирани мерки*

Во наредниот период Одделението за здравствена заштита на животните ќе продолжи со спроведување на програмата за орална вакцинација на лисиците против беснило, во 2015 година предвидено е да се реализираат две вакцинални кампањи во периодот на мај-јуни и октомври. Исто така ќе се спроведуваат и мерки за зајакнување на системот на надзор на беснилото кај дивите и домашните животни.

***б. Класична чума кај дивите свињи***

Како дел од мерките за здравствена заштита на животните и контрола и искоренување на Класичната чума кај дивите свињи во Македонија, во 2014 година Одделението за здравствена заштита на животните продолжи со спроведување на активности за следење на состојбата со болеста кај дивите свињи кои претставуваат резервоар и преносител на вирусот кај домашната популација.

*Надзор на класична чума кај дивите свињи*

Во согласност со Годишната наредба за здравствена заштита на животните за 2014 година и Правилникот за мерки за сузбивање и искоренување на класична чума кај свињите ("Службен весник на РМ" бр. 59/2012), ловните друштва се обврзани да ги пријават сите застрелани и угинати диви свињи за испитување на присуство на вирусот на класична чума кај свињите.

Бројот на пријавени примероци за дијагностичко испитување на класична чума кај дивите свињи е прикажан во Табела _.

***Табела 14:*** *Број на пријавени* примероци *за детекција на вирусот на класична чума кај диви свињи преглед по ловни сезони период 2009-2015*

| [1]Ловна сезона | 2009/2010 | 2010/2011 | 2011/2012 | 2012/2013 | 2013/2014 | 2014/2015 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Диви свињи | 76 | 72 | 370 | 658 | 584 | 317* |

*број на пријавени мостри до крајот на 2014

Сепак, бројот на мостри од серум за испитување на присуство на антитела кај застреланите диви свињи во ловната сезона 2014/2015 е помал (162) од вкупно донесените (317) мостри. На присуство на антитела досега се испитани 152 мостри од серум и сите дадоа негативен. Мострите од органи од дивите свињи се испитуваат со методата на ПЦР за утврдување на присуството на вирусот на класична чума кај свињите. Досега се испитани 216 мостри од кои сите дадоа негативен резултат. Испитувањето е во тек, резултатите се очекуваат до крајот на март 2015 година кога треба и да бидат доставени мострите од сите застрелани диви свињи од страна на ловните друштва. Намалениот број на мостри, особено мостри од серум за испитување на антитела, укажува на потребата од засилена контрола и едукација на ловните друштва (ловџиите), ветеринарните и ловните инспектори.
[1]Ловната сезона за диви свињи е во периодот од 01 Октомври до 31 Јануари.

*Планирани мерки*

Во наредниот период Одделението за здравствена заштита на животните ќе спроведе низа активности за целосно искоренување на класичната чума кај свињите и прекинување на превентивната вакцинација која не е во согласност со одредбите во Европската Унија, каде што болеста е целосно искоренета и превентивната вакцинација е забранета, поради што извозот на живи животни и производи од животинско потекло на пазарите на земјите членки на Европската Унија е оневозможен.
За таа цел покрај контролата на епидемиолошката состојба кај дивите свињи во текот на 2015 година предвидено е да се спроведат следните мерки:

- мониторинг на ефикасноста на извршената вакцинација против класична чума кај свињите кај домашните свињи (согласно подзаконските акти вакцинацијата е задолжителна за сите домашни свињи на целата територија на државата),
- донесување на подзаконски акти (план за итни мерки и оперативен прирачник за класична чума кај свињите),
- мерки за зајакнување на надзорот на болеста
- едукација на одгледувачите на свињи и сите лица инволвирани во контрола на болеста,



qualityaustria SYSTEM CERTIFIED ISO 9001:2008 No.15994/0

- спроведување на обука и симулациска вежба за болеста на официјалните ветеринари и персоналот од Одделението за здравствена заштита на животните,

- мерки за подобрување на биосигурноста на свињарските фарми бидејќи е утврдено дека поголем дел од фармите во секторот за интензивно и екстензивно производство не ги задоволуваат биосигурносните стандарди за да се спречи влезот и одржувањето на вирусот на класична чума кај свињите на фармите. Треба да се нагласи дека тоа е долготраен процес за чија реализација се потребни соодветни финансиски средства за кои постои можност да се обезбедат преку фондовите на Европската Унија.

***в. Трихинелоза***

Во согласност со Годишната наредба за здравствена заштита на животните за 2014 година ловните друштва се обврзани да ги пријават сите застрелани и угинати диви свињи за испитување на присуство на трихинелоза.
Во текот на 2014 година испитани се вкупно 191 мостри од диви свињи при што со методата на вештачка дигестија не е утврдено присуство на трихинелоза.

*5. Заразни и паразитски болести кај пчелите*

***а. Американска чума на пчелното легло***

За контрола на болеста се применуваат одредбите од Годишната наредба за здравствена заштита на животните за 2014 година.
Во текот на 2014 година на присуство на вирусот на американска чума на пчелно легло беа испитани вкупно 173 пчелни семејства во 33 пчеларници. Болеста беше потврдена кај 97 пчелни семејства во 23 пчеларници. Мостри за дијагностичко испитување се земаат само по пријава на сомнеж на болеста од страна на одгледувачот. Пчелните семејства кај кои што е потврдена болеста подлежат на уништување и нештетно одстранување при што на одгледувачот му се исплаќа надомест на штета.

*Национален контролен план за намалување*
*на присуството на салмонелозата кај кокошките (Gallus Gallus) во Република Македонија*

Во согласност со Национален контролен план за намалување на присуството на салмонелозата кај кокошките (Gallus Gallus) во Република Македонија целта е намалување на раширеноста на салмонелозата која е од значење за јавното здравство во одгледувалишта на живина за производство на јајца за исхрана на луѓето, барем на целните нивоа поставени во легислативата на ЕУ (Регулатива (ЕС) Бр. 517/2011), Правилникот за начинот на вршење на официјални контроли на салмонела (Службен Весник на РМ Бр 97/2011), за годишна редукција на најмалку 10%, во однос на бројот на позитивни возрасни несилки споредено со претходната година.

Успехот на планот за контрола на салмонелоза на ниво на родителските јата, значи дека, еднодневните пилиња кои се наоѓаат на фармите треба да се слободни од *S.* Enteritidis и *S.* Typhimuriuim.

Сите јата несилки со 350 птици или повеќе се вклучени во националниот план за контрола. Овие јата односно одгледувалишта се регистрирани во Агенцијата согласно прописите за ветеринарно здравство. Операторите/одгледувачите кои имаат помалку од 350 птици кои ставаат во промет јајца за исхрана на луѓе исто така се вклучени во националниот контролен план.

Обврска на одгледувачите/операторите со храна е да земаат примероци од еднодневни пилиња кои се одгледуваат за производство на јајца за исхрана на луѓето, 2 недели пред да преминат во фаза на несење, а потоа во 15 неделни интервали за време на фазата на несење јајца, со прв примерок земен од птиците на 24 (+/- 2) недела. Примероците се испраќаат во националната референтна лабораторија, која работи во согласност со моменталните ИСО стандарди.

Секој одгледувач/оператор е должен да има сопствен план за спроведување на Националниот контролен план и да води тековна евиденција. Трошоците за земањето на примероците кои се обврска на одгледувачите/операторите со храна се на товар на одгледувачите/операторите со храна.

Во 2014 година продолжува континуирано спроведување на контрола и надзор на раширеноста на салмонелоза кај домашната живина која е во согласност со Процедура за спроведување на Националниот контролен план за намалување на присуство на салмонелозата кај кокошките (Gallus gallus) и други видови живина во Република Македонија.

Официјалните ветеринари земаат официјална проба за контрола на спроведување на Националниот контролен план. Оваа проба е на товар на Агенцијата.

*Фреквенција на испратени проби*

Во 2014 година запазена е фреквенцијата на испратените проби до Национална референтна лабораторија од сите 107 активни одгледувалишта на живина со вкупен број на јата 166 кои подлежат на НКП. Вкупно испратени се 618 проби кои се состојат од две субединици фецес и една субединица прашина.
Од испитаните проби кај 14 јата е утврдена и типизирана S. Enteritidis, во седум јата S. Typhimurium. Во двете јата каде е утврдена и типизирана S. Infantis и овие јата се сметаат за сомнителни на салмонела, и кај нив се пратени примероци за повторен ретест. По добивање на негативен резултат овие јата не се сметаат за сомнителни на салмонела.
*Графички приказ на позитивни примероци од вкупен број на јата кај кокошките (Gallus Gallus) во Република Македонија во 2014 година*






qualityaustria SYSTEM CERTIFIED ISO 9001:2008 No.15994/0

Во сите одгледувалишта по добивање на позитивен наод во координација со Секторот за ветеринарно јавно здравство покрената е управна постапка со решение за наложени мерки, повторно ретестирање, се до добивање на негативен резултат и завршување на постапката.

***<u>Одделение за планови за итни мерки</u>***

Во текот на 2014 година преку работилници се реализираше работната програма наменета за земјите од Западен Балкан (Србија, Бугарија, Црна Гора, Босна и Херцеговина Хрватска и Македонија) за подобрување на капацитетите на подготвеност за брзо дејствување на случај на појава на болеста лигавка и шап. Оваа програма во целост е покриена од ФАО/Европска комисија за контрола на болеста лигавка и шап. На работилниците беа обработени повеќе теми: менаџирање со жариште, ланец на комуникација и наредби, соработка помеѓу надлежен орган и референтна лабораторија, надзор на болеста, симулациона вежба и др. Активностите предвидени со оваа програма ќе продолжат да се спроведуваат и во текот на 2015 година.

*Заразни болести кај живина*

***Класична чума кај живина (Авијарна инфлуенца кај живина)***

Согласно Годишната наредба за здравствена заштита на животните за 2014 година (Службен весник на РМ бр. 41/14) и Програмата за сузбивање и искоренување на авијарната инфлуенца (Службен весник на РМ бр.82/07) се спроведе пасивен надзор на авијарна инфлуенца кај дивите птици.

Во текот на 2015 година се планира продолжување на пасивниот и активниот надзор кај дивите птици на Авијарна инфлуенца но и активен надзор на домашна живина држена интензивно и екстензивно.

*<u>Болести кај аквакултура</u>*

Како дел од мерките за здравствена заштита на животните и контрола на болести кај рибите во Македонија во 2014 година реализирани се повеќе активности. Донесен е Правилник за дополнителни услови за надзор кај акватични животни врз основа на анализа на ризик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 106/14) кој е транспониран согласно ЕУ мерката 32006D0896.

Измена и дополнување на Правилникот за условите за ставање во промет на аквакултурата, нејзината намена, како и начинот на вршење на официјални контроли при ставање во промет на аквакултура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 85/13 и 132/14) во кој се транспонирани одредби од ЕУ мерката 32006L0088 и 32001D0183 и
Дополнување на Правилникот за мерки за сузбивање и искоренување на одредени болести кај водните животни („Службен весник на Република Македонија“ бр. 185/11 и 114/14) во кој се транспонирани одредби од следните ЕУ мерката 32006L0088 и 32001D0183.

*Спроведени контроли во аквакултурата*

Во текот на 2014 година продолжи постапката на регистарција на сите постоечки одгледувалишта на аквакултура согласно Законот за идентификација и регистрација на животните („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/12 и 27/14). Вкупната бројка на регистрирани одгледувалишта на риба со добивање на единствен регистерски број на одгледувалиште во текот на 2014 година достигна до 103 одгледувалишта.

*Спроведен надзор кај аквакултурата*

Во текот на 2014 година не се спроведуваше активен надзор на присуство на болести кај аквакултурата, сепак одгледувачите на аквакултура заради одржување на континуитет во испитувањата и заради обезбедување на документација за движење на порибителен материјал направија определени испитувања кои се презентирани во следната табела.

***Табела15:*** *Резултатите од надзорот на болести кај рибите*

| Болести кај рибите | Вид на риба | Испитани примероци |
|---|---|---|
| Вирусна хеморагичнасептикемија(VHS) | пастрмка | 9 |
| Бактериска болест (BKD) | пастрмка | 3 |
| Заразна некроза на панкреас (IPN) | пастрмка | 4 |
| Пролетна виремија (SVC) | крап | 2 |
| Кои херпес вирус (KHV) | крап | 2 |

*Сите испитани примероци на болестите наведени во табелата се со негативен резултат.

*Проектни активности*

Во текот на 2014 година продолжи реализацијата на програмата за техничка соработка со ФАО TCP/RER/3402 "Assistance to Western Balkan Countries for Improving Compliance to International Standards on Aquatic Animal Health " која започна во 2013 година, а со која се нуди поддршка на земјите од Западен Балкан (Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина Хрватска и Македонија) за подобрување на усогласеноста со интернационалните стандарди кои се однесуваат на здравствена заштита на аквакултурата. Во рамките на оваа програма се реализираа регионални обуки на темите: анализа на ризик, планови на итни мерки при спроведување на постапки за искоренување на болести кај рибите и подигање на спремноста на институцијата во состојба на итност, подигање на свеста кај одгледувачите на риба и спроведување на медиумска кампања за потребите на сузбивање на болести кај рибите и мерки за развој и промовирање на аквакултурата во земјите и регионот. Активностите предвидени со оваа програма за техничка соработка ќе продолжат да се спроведуваат во текот на 2015 година.

***<u>Одделение за заштита и благосостојба на животните</u>***

Од ***областа на заштитата и благосостојбата на животните*** усвоен е нов Закон за заштита и благосостојба на животните. Новиот Закон за заштита и благосостојба на животните ("Службен весник на РМ" 149/14), потполно се усогласува со одредбите од релевантното Европско законодавство: 31998L0058, 32008L0119, 32008L0120, 32007L0043, 31999L0074, 32010L0063, 32009R1099 и 32005R0001. Со донесување на новиот закон, укинат е Законот за заштита и благосостојба на животните ("Службен весник на РМ " 113/07 и 136/2011).

Со законот се пропишуваат минималните услови за заштита и благосостојба на животни во однос на нивното одгледување, чување, грижа и сместување, заштита на животните при фармско држење, заштита и благосостојба на животните за време на превоз, колењето или убивањето на животни кои се одгледуваат за производство на храна, волна, кожа, крзно и други производи како и заради депопулација и слични операции, условите кои треба да ги исполнат кланиците во однос на заштита и благосостојба на животните при колење и убивање, заштита и благосостојба на домашните миленици и бездомни животни, животни во зоолошки градини и животните кои се користат во експериментални или едукативни цели.

Во март 2014 година е извршена проценка на популација на кучиња скитници на територија на град Гостивар. Проценката е направена согласно методологијата на WSPA и во соработка со RSPCA (Кралското здружение за заштита на животните од суровост од Велика Британија).

Во мај 2014 година е извршена проценка на популација на кучиња скитници на територија на град Скопје. Проценката е направена согласно методологијата на WSPA и во соработка со RSPCA (Кралското здружение за заштита на животните од суровост од Велика Британија). Цел на проценката е компарација на резултатите добиени со проценката извршена во 2010 година.

*Во 2014 година оддржани се следниве обуки, проекти и кампањи:*

1. Во Февруари 2014 година е извршена обука за официјалните ветеринари на тема „Спроведување на тест за социјализација на кучиња" од страна на RSPCA (Кралското здружение за заштита на животните од суровост од Велика Британија).

*Планирани активности за 2015 година се:*

Донесување на нов Правилник за заштита и благосостојба на фармските животни со кој ќе се укине Правилникот за условите и начините за заштита на фармските животни *("Службен весник на РМ" 140/09). Во новиот правилник ќе бидат инкорпорирани следните ЕУ акти:* 31998L0058, 32008L0119, 32008L0120, 32007L0043, 31999L0074, 32010L0063. Со новиот правилник, се носат и одредби за заштита на бројлерите што претходно не било предмет на уредување на Правилникот за условите и начините за заштита на фармските животни *("Службен весник на РМ" 140/09).*
Донесување на Правилник за изменување и дополнување на правилникот за време на превоз ("Службен весник на РМ" 03/12) каде ќе се транспонираат одредени делови од регулативата 32005R0001 кои не беа транспонирани целосно и соодветно во националната легислатива. По донесување на правилникот ќе се воспостави систем за регистрација и одобрување на превозниците.
Воспоставување на Комисија за заштита и благосостојба на животните која ќе има улога на советодавно тело на Агенцијата за храна и ветринарство во областа на заштитата и благосостојбата на животните.
Комисијата ќе дава мислења, научна и техничка поддршка во однос на заштитата и благосостојбата на животните. За заштита на животни за научни цели, Комисијата дава совети на Агенцијата и телата за благосостојба на животни за работи поврзани со спроведување постапки, размножување, сместување, грижа и користење на животните во постапки и обезбедува размена на искуства. Со воспоставување на комисијата се исполнува условот за формирање на национална комисија за заштита на експериментални животни согласно член 49 од директивата на Европската Унија 32010L0063 која се однесува на заштитата и благосостојбата на животните кои се користат во научни цели.



qualityaustria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0

По донесувањето на Правилникот за заштита и благосостојба на фармските животни ќе се изврши ревизија на контролните листи за инспекциска контрола на одгледувалишта за говеда, свињи, кокошки несилки и бројлери по што ќе се отпочне со спроведување на инспекциска контрола во сите одгледувалишта на свињи кои држат над 10 маторици и во сите одгледувалишта кои држат над 350 кокошки несилки. Активноста е планирана да отпочне да се спроведува во втората половина на 2015 година.

***<u>Одделение за државна ветеринарна инспекција за здравствена заштита и благосостојба на животните</u>***

Во одделението за државна ветеринарна инспекција за здравствена заштита и благосостојба на животните работните задачи ги координира раководител на одделението, а официјалните контроли ги вршат 44 инспектори кои се распоредени во 28 подрачни единици низ целата територија на Република Македонија.

Основна цел на одделението е постигнување на висок степен на здравствена заштита на животните и на луѓето од заразни болести, одржување на систем на благосостојба и заштита на домашните животни при нивното одгледување, одржување на систем на спремност за контрола, надзор, сузбивање и искоренување на особено опасни заразни болести и ажурирање на податоци во регистарот на објектите за вршење на ветеринарно здравствена дејност во Република Македонија,така што планира, организира и спроведува официјални контроли и активности на официјалните ветеринари согласно одредбите на Законот за ветеринарно здравство (Службен Весник на Република Македонија бр. 113/07, 24/11 и 136/11, 123/12), Законот за инспекциски надзор (Службен весник на Република Македонија бр. 50/10), Закон за идентификација и регистрација на животните (Службен Весник на Република Македонија бр. 95/11), Закон за заштита и благосостојба на животните (Службен Весник на Република Македонија бр. 113/07 и 136/11), Закон за безбедност на храна (Службен Весник на Република Македонија бр. 157/10, 53/11 и 01/12) и Годишната наредба за здравствена заштита на животните.

Официјалните ветеринари контроли ги вршат континуирано на целата територија на Република Македонија, согласно годишни и месечни планови и програми и работни налози за актуелни и непланирани активности.

*Официјални контроли*

Официјалните контроли по Законот за ветеринарно здравство се контрола, надзор, следење и спроведување на ветеринарните активности во областа на здравствена заштита на животните.
Малиот број на официјални контроли по Законот за заштита и благосостојба на фармските животни и домашните миленици, животните во зоолошките градини и животните кои се користат за експериментални и други научни цели се немање на годишен план за истите и не извршената регистрација на превозниците кои превезуваат жив добиток.

Едукацијата е предвидена во повеќе основи по Законот за идентификација и регистрација на животните, а по Законот за ветеринарно здравство има предвидено повеќе високи казни и затоа се јавува голема разлика во поглед на бројот на извршени едукации и наплатени глоби по основ на овие два закона.

***Табела16:*** *Управни постапки*

| | по Закон за ветеринарно здравство | по Закон за заштита и благосостојба на животните | по Закон за идентификација и регистрација | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Записници** | 9173 | 74 | 2456 | **11703** |
| **Решенија** | 3268 | 15 | 471 | **3754** |
| **Заклучоци** | 2524 | 34 | 1327 | **3885** |
| **Порамнување** | 15 | 1 | 40 | **55** |
| **Мандатни казни** | 0 | 0 | 72 | **72** |
| **Едукација** | 97 | 17 | 470 | **584** |
| **Прекршочни пријави** | 21 | 0 | 23 | **44** |
| **Кривични пријави** | 1 | 0 | 0 | **1** |
| **Претставки** | 38 | 5 | 13 | **56** |

Во 2014 година од вкупниот број на контроли 11703 кај 7949 контроли односно во 67,92% од вкупниот број на извршени контроли не се најдени неусогласености по основ на Законот за ветеринарно здравство, Закон за идентификација и регистрација на животните, Закон за заштита и благосостојба на животните, Закон за безбедност на храната како и Годишната наредба за здравствена заштита на животните.

При 3754 контроли односно во 32,08% од вкупен број на контроли утврдени се неусогласености во однос на следниве законските прописи.

Според **Законот за ветеринарно здравство** како најчести се следниве неусогласености:

- не почитување или одбивање на примена на изречените мерки на службен надзор,
- не почитување или одбивање да применуваат заштитни мерки,
- не почитување или одбивање да се спроведуваат дополнителни мерки,
- ставање во промет живи животни кои не ги исполнуваат условите од овој закон,
- не внесување на податоци во регистар или во база на податоци и истите не ги чуваат најмалку три години,
- не ги чуваат здравствените сертификати или документите кои ги придружуваат животните во период од три години и истите не ги даваат на увид по барање од страна на надлежниот орган,
- одбивање или оневозможување на спроведување на мерки за заштита на животните од одделни заразни болести пропишани со годишната наредба за здравствена заштита на животните,
- одбивање или оневозможување на спроведување на мерки пропишани со повеќегодишни програми за сузбивање и искоренување на одредени болести од посебна важност за Република Македонија,
- ветеринарните техничари работат спротивно на членот 36 став (5) од овој закон, и
- ставање во промет живи животни кои се предмет на национални програми за искоренување на болести.

Според **Законот за идентификација и регистрација на животните** како најчести детектирани се следниве неусогласености:

- не обезбедување во ефикасно спроведување на официјалните контроли,
- не регистрирање на одгледувалиште на фармски животни не регистрирање на одгледувалиште на други животни,
- злоупотребување средствата за идентификација или Електронската база на податоци движење на животни без документ за движење,
- не известување на Агенцијата за секое движење во и од одгледувалиштето,
- не известување на Агенцијата за секое раѓање и угинување на животни на одгледувалиштето во предвидениот рок,
- не извршување на попис на животните на одгледувалиште и не внесување на податоците во регистарот на одгледувалиште,
- не доставување на податоци за извршениот попис до Електронската база на податоци во предвидениот рок,
- не чување на податоци согласно со предвидениот рок,
- не придржување до условите и роковите пропишани со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон,
- не водење и тековно не го надополнува регистарот на одгледувалиштето,
- не побара замена на средството за идентификација во предвидениот рок,
- не внесување на датумот на угинување и не го врати пасошот,
- не побара дупликат на пасош за говедо,
- не побара замена на средството за идентификација во предвидениот рок,
- не го идентификува новороденото теле и не ги внесе податоците во Електронската база на податоци во предвидениот рок,

Најголем процент на неусогласености односно 81,85 % се јавуваат при контролите по основ на **Законот за идентификација и регистрација на животните** и при тоа се превземени 582 корективни мерки од кои 470 едукации, 72 мандатна казна и 40 порамнувања.
Со Законот за ветеринарно здравство се предвидени високи глоби и затоа бројот на изречени и наплатени глоби е многу помал во однос на прекршочните санкции согласно Законот за идентификација и регистрација на животните.

Вкупниот процент на неусогласености согласно **Законот за ветеринарно здравство** изнесува 15,75 % и при тоа се превземени корективни мерки од кои 97 едукации, 21 прекршочни санкции,1 кривични пријава и 15 порамнувања.
По основ на **Законот за заштита и благосостојба на животни** се извршени мал број на контроли поради немање на годишен план за истите не е извршената регистрација на превозниците кои превезуваат жив добиток.
Вкупниот процент на неусогласености согласно **Законот за заштита и благосостојба** на животни изнесува 2,53 % и при тоа се превземени корективни мерки од кои 17 едукации и 1 порамнување.

Како главни причини за неусогласеност детектирани се следниве:

- недоволното внимание, стручност и совесност од страна на одгледувачите на животни,
- финансискиот трошок од страна на одгледувачите за постигнување на усогласеност,
- недостаток на средства и ресурси за исполнување на барањата.

*Број на животни по видови извезени од Република Македонија и во 2014 година*

Животните и домашните миленици извезени се во следните земји :

- **еднодневни пилиња** кои потекнуваат од репроцентар Жива с. Гиновци се извезени во Косово;
- **коњи** во Србија и Хрватска;
- **говеда** во Албанија;
- **мачки** во САД, Србија, Швајцарија, Германија, Русија, Украина, Шпанија, Турција,Кина, Грција, Албанија;
- **кучиња** во Албанија, Австрија, Босна и Херцеговина БХ, Бугарија, Белгија, Канада, Хрватска,Чешка, Данска, Англија, Грција, Унгарија, Индија, Израел, Италија, Црна Гора, Молдавија,Косово, Холандија, Србија, Словачка, Словенија, Катар, Шведска, САД, Турција, ОА Емирати, Украина,Ватикан;
- **желки** во Германија, Велика Британија, САД, Швајцарија, Тајван, Хонг Конг и Франција;
- **птици** (*гулаби, канаринци, пауни и папагали*) во Австрија, Бугарија, Данска, Франција, Италија, Швајцарија, Германија,Холандија, Србија, Турција, Словачка, Грција;

*Број на животни по видови увезени во Република Македонија*

Животните се увезени од следните земји :

- **свињи** од Данска и Франција;
- **говеда** од Германија и Данска;
- **рипки крап** од Бугарија
- **аквариумски рипки** од Малезија,Шри Ланка,Израел и Сингапур;
- **кучиња** од Србија;
- **кокошки јарки** од Грција;
- **пилиња** од Србија, Грција и Бугарија.

***Табела 17:*** *Број на животни по видови увезени во Република Македонија*

| Вид | Број/ кг. |
|---|---|
| Свињи | 1520 |
| Говеда | 948 |
| Кучиња | 2 |
| Рипки аквариумски | 51748 |
| Порибителен материјал крап | 2500 |
| Еднодневни пилиња | 297370 |
| Кокошки јарки | 8300 |

*Контроли во внатрешен промет*

***Табела 18:*** *Контроли во внатрешен промет*

| Живи животни | | Собирни центри | |
|---|---|---|---|
| **Записници** | 272 | Записници | 71 |
| **Решенија** | 12 | Решенија | 8 |
| **Покренати казнени постапки** | 7 | Покренати казнени постапки | 2 |

*Контроли и издадени сертификатите за здравствена заштита на животните*

***Табела 19:*** *Податоци во однос на Контроли и издадени сертификатите за здравствена заштита на животните*

| **Број на контроли, издадени сертификати, остварени и уплатени средства во Буџетот на Република Македонија од страна на ветеринарните друштва** | |
|---|---|
| **број на котроли** | 3031 |
| **број на издадени сертификати** | 53409 |
| **вкупно остварен приход** | 18.702.149,00 |
| **уплатени средства во Буџетот на Р.М** | 6.903. 902,50 |
| **не уплатени средства во Буџетот на Р.М** | 2.447. 172,50 |

Остварениот приход од издадените сертификати за здравствена заштита на животните во внатрешен промет на Република Македонија, 50% е приход на Буџетот на Република Македонија, а останатите 50% се приход на овластените ветеринарни друштва за покривање на трошоците за издавањето на сертификатите.

*Податоци за ново регистрирани ветеринарни друштва и контрола на ветеринарни друштва*

Во текот на 2014 година се издадени 15 решенија за вршење на ветеринарно здравствена дејност и тоа: 13 амбуланти, 2 ветеринарни служби на одгледувалиште и издадени се 4 решенија за овластувања за вршење на активности од областа на здравствената заштита согласно член 40-а од Законот за ветеринарно здравство.

***Табела 20:*** *Податоци за ново регистрирани ветеринарни друштва и контрола на ветеринарни друштва во 2014 година*

| Број на ново регистрирани ветеринарни друштва | | |
|---|---|---|
| **Клиники** | / | |
| **Амбуланти** | 13 | |
| **Ветеринарна служба на одгледувалиште** | 2 | |
| ВКУПНО: | 15 | |
| **Број на издадени овластувања за активности од областа на здравствената заштита согласно член 40а од Законот за ветеринарно здравство** | 4 | |
| **Контрола на регистрирани ветеринарни друштва** | | |
| **Записници** | Решенија | Покренати казнени постапки |
| **841** | 108 | / |

## Одделение за идентификација и регистрација на животните

Следствено на дополнувањето на Законот за идентификација и регистрација на животните („Службен весник на РМ“ бр. 27/14) , беа објавени следните правилници:

- Правилник за идентификација и регистрација на животните од видот говеда (Службен весник на РМ бр.68 од 29.04.2014год.)



qualityaustria SYSTEM CERTIFIED ISO 9001:2008 No.15994/0

- Правилник за идентификација и регистрација на животните од видот овци и кози (Службен весник на РМ бр.37 од 20.02.2014год.)

*<u>Развој на електронска база на податоци (ЕБП)</u>*

Во текот на 2014 во ЕБП продолжи работата со регистри на одгледувалиште за сите видови животни вклучително и модулите за регистрација на сите промени и движења на говеда, овци и кози и свињи, како и регистрација на одгледувалишта на желки, зајаци, дивеч, полжави, живина и аква култура, со тоа што последно наведените модули се уште во развојна фаза.

Една од важните карактеристики на електронска база е можноста за бројните извештаи кои на брз и едноставен начин обезбедуваат преглед на состојбата, т.е сообразноста на одгледувалишта со правната рамка. Со ова ќе се овозможи имплементација на предвидени детални контроли (како дополнување на контролите добиени по случаен избор) на одгледувалишта на кои ќе бидат забележани нерегуларности.

*<u>Број на регистрирани одгледувалишта и животни во Република Македонија</u>*

Податоци од базата на податоци за ИР на говеда, овци и кози, свињи и пчелни семејства се прикажани во табелите подолу.

***Табела 21:*** *Бројна состојба на говеда и одгледувалишта на говеда период 2010-2014*

| Говеда | | | |
|---|---|---|---|
| **Година** | **Вкупен број на одгледувалишта** | **Вкупен број на говеда** | **Вкупен број на заклани говеда** |
| **2014** | **28.925** | **213.909** | **6672** |
| **2013** | 29.541 | 213.747 | 6177 |
| **2012** | 40.916 | 261.073 | 5005 |
| **2011** | 41.682 | 267.911 | 6492 |
| **2010** | 41.836 | 255.491 | 7096 |

*Табела 22: Бројна состојба на овци/кози и одгледувалишта на овци/кози период 2010-2014*

| Овци/кози | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Година** | **Вкупен број на одгледувалишта** | **Вкупен број на овци/кози** | **Вкупен број на заклани овци/кози со број на одгледувалиште** | **Вкупен број на заклани овци /кози со индивидуален број** | **Вкупен број на заклани овци/кози** |
| **2014** | **9.441** | **765.791** | **175247** | **68819** | **244066** |
| **2013** | 9427 | 774.761 | 217289 | 62470 | 279759 |
| **2012** | 9.336 | 785.960 | 184.671 | 143.803 | 328.784 |
| **2011** | 10.497 | 809.960 | 236.856 | 23.021 | 259.877 |
| **2010** | 12.684 | 828.941 | 183.292 | 18.303 | 201.595 |

*Табела 23: Бројна состојба на свињи и одгледувалишта на свињи период 2013-2014*

| Свињи | | | |
|---|---|---|---|
| **Година** | Вкупен број на одгледувалишта | Вкупен број на заклани свињи со фармски број | Вкупен број на заклани свињи со индивидуален број |
| **2014** | **5004** | **129865** | **6939** |
| **2013** | 3262 | 46733 | 8900 |



qualityaustria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0

***Табела 24:*** *Бројна состојба на пчелни семејства и пчеларници период 2010-2014*

| | Број на одгледувалишта | Број на пчелни семејства |
|---|---|---|
| Од 1 до 10 | 145 | 953 |
| Од 11 до 20 | 370 | 6520 |
| Од 21 до 50 | 1838 | 68948 |
| Од 51 до 100 | 1025 | 71037 |
| Од 101 до 150 | 170 | 20429 |
| Од 151 до 201 | 46 | 8221 |
| над 201 | 28 | 8081 |
| Вкупно | **3622** | **184189** |

*Податоци за анализа на движења на животните период 2013/2014 година*

Податоци од анализата извршена во базата на податоци за движењата на говеда, овци и кози и свињи за 2013 и 2014 се прикажани во табелите 27, 28 и 29 и дијаграмите 1 и 2 за споредба на движењата за последните две години за животни од видот говеда и свињи, кои следат подолу во текстот.

***Табела 25:*** *Движење на говеда 2014 споредено со 2013*

| ГОВЕДА | период/2013 | | | период/2014 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | број на движења | број на заминати животни | број на пристигнати животни | број на движења | број на заминати животни | број на пристигнати животни |
| Комплетирани движења | 14169 | 22953 | 22254 | 32215 | 47608 | 46925 |
| Заминувања | 34010 | 69208 | | 27752 | 48616 | |
| Пристигнувања | 20017 | | 29520 | 11768 | | 15010 |
| ВКУПНО | **68196** | **92161** | **51774** | **71735** | **96224** | **61935** |

*Табела 26: Движење на овци во 2014*

| ОВЦИ/КОЗИ | Период 2014 година | | |
|---|---|---|---|
| | број на движења | број на заминати животни | број на пристигнати животни |
| Комплетирани движења | 4890 | 271530 | 270120 |
| Заминувања | 9387 | 206028 | |
| Пристигнувања | 37798 | | 54684 |
| ВКУПНО | 52075 | 477558 | 324804 |

*Табела 27: Движење на свињи во 2014 споредено со 2013*

| СВИЊИ | период/2013 | | | период/2014 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | број на движења | број на заминати животни | број на пристигнати животни | број на движења | број на заминати животни | број на пристигнати животни |
| Комплетирани движења | 1650 | 39625 | 40477 | 6157 | 154569 | 154298 |
| Заминувања со СЗС | 484 | 4372 | | 1798 | 19074 | |
| Заминувања без СЗС | 98 | 250 | | 23 | 264 | |
| ВКУПНО | 2232 | 44247 | 40477 | 7978 | 173907 | 154298 |



qualityaustria SYSTEM CERTIFIED ISO 9001:2008 No.15994/0

*Дијаграм за споредба на движењата на говеда во проценти*



*Дијаграмза споредба на движењата на свињи во проценти*




*<u>Онспот контроли на одгледувалишта</u>*

Во 2014 година зададени се 10% онспот контроли за говеда и 5% онспот контроли за овци. Од доделените контроли сработени се кај говедата 51%, а кај овците 63% од предвидените контроли.
Резултатите од извршените онспот контроли на одгледувалишта за говеда, овци и кози се претставени подолу во табелите:



qualityaustria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0

***Табела 28***: *Извршени онспот контроли на одгледувалишта на говеда*

| Доделени онспот контроли | Извршени онспот контроли | Опфатени животни | Не сообразни одгледувалишта | Решенија | Казни | Едукација |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2950 | 1515 | 10607 | 435 | 191 | 24 | 172 |

***Табела 29***: *Извршени онспот контроли на одгледувалишта на овци и кози*

| Доделени онспот контроли | Извршени онспот контроли | Опфатени животни | Не сообразни одгледувалишта | Решенија | Казни | Едукација |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 470 | 297 | 18978 | 71 | 63 | 19 | 51 |

## *Одговорени претставки*

Одделението за идентификација и регистрација на животните во 2014 година има одговорено на 55 преставки поднесени од страна на правни и физички лица по основ на неисплатени субвенции кои се  прикажани во табела .

***Табела 30:*** *Преглед на одговорени претставки во 2014 година*

| Реден број | Начин на поднесување | Наводи во преставката/предлогот | Превземени мерки | Основаност/ сектор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Правно лице,допис до АХВ | Проблем со субвенциите за пчели за 2012 година | Доставено известување до АФПЗРР на барање на одгледувачот | Да/СЗБЖ |
| 2 | Физичко лице,допис до АХВ | Проблем со америчка гнилеж кај пчелите | Доставено известување до одгледувачот | Не/СЗБЖ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3 | Физичко лице,допис до АХВ | Проблем со субвенциите за пчели за 2013 година | Доставено известување до АФПЗРР на барање на одгледувачот | Да/СЗБЖ |
| 4 | Физичко лице,допис до АХВ | Проблем со субвенциите за пчели за 2013 година | Доставено известување до АФПЗРР на барање на одгледувачот | Не/СЗБЖ |
| 5 | Физичко лице,допис до АХВ | Проблем со субвенциите за пчели за 2012, 2013 година | Доставено известување до АФПЗРР на барање на одгледувачот | Да/СЗБЖ |
| 6 | Физичко лице,допис до АХВ | Проблем со субвенциите за овци/кои за 2013 година | Доставено известување до одгледувачот и АФПЗРР | Не/СЗБЖ |
| 7 | Физичко лице,допис до АХВ | Проблем со субвенциите за овци/кои за 2013 година | Доставено известување до одгледувачот и АФПЗРР | Не/СЗБЖ |
| 8 | Правно лице,допис до АХВ | Проблем со субвенциите за овци/кои за 2012 година | Доставено известување до одгледувачот и МЗШВ | Не/СЗБЖ |
| 9 | Правно лице,допис до АХВ | Проблем со субвенциите за овци/кои за 2012 година | Доставено известување до одгледувачот и МЗШВ | Да/СЗБЖ |
| 10 | Правно лице,допис до АХВ | Проблем со субвенциите за овци/кои за 2013 година | Доставено известување до одгледувачот и АФПЗРР | Не/СЗБЖ |
| 11 | Физичко лице,допис до АХВ | Проблем со субвенциите за овци/кои за 2012 година | Доставено известување до одгледувачот | Не/СЗБЖ |
| 12 | Физичко лице,допис до АХВ | Проблем со субвенциите за пчели за 2012 година | Доставено известување до одгледувачот и АФПЗРР | Да/СЗБЖ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 13 | Физичко лице,допис до АХВ | Проблем со субвенциите за говеда за 2012 година | Доставено известување до одгледувачот | Не/СЗБЖ |
| 14 | Физичко лице,допис до АХВ | Проблем со субвенциите за пчели за 2012 година | Доставено известување до одгледувачот и АФПЗРР | Да/СЗБЖ |
| 15 | Физичко лице,допис до АХВ | Проблем со аплицирање субвенциите за овци/кои за 2014 година | Доставено известување до одгледувачот и АФПЗРР | Да/СЗБЖ |
| 16 | Физичко лице,допис до АХВ | Проблем со субвенциите за овци/кои за 2013 година | Доставено известување до одгледувачот и АФПЗРР | Да/СЗБЖ |
| 17 | Физичко лице,допис до АХВ | Проблем со субвенциите за овци/кои за 2013 година | Доставено известување до одгледувачот и АФПЗРР | Да/СЗБЖ |
| 18 | Физичко лице,допис до АХВ | Проблем со субвенциите за говеда за 2012 година | Доставено известување до одгледувачот | Не/СЗБЖ |
| 19 | Физичко лице,допис до АХВ | Проблем со субвенциите за говеда за 2012 година | Доставено известување до одгледувачот | Не/СЗБЖ |
| 20 | Физичко лице,допис до АХВ | Проблем со американска гнилеж кај пчелите | Доставено известување до одгледувачот | Не/СЗБЖ |
| 21 | Физичко лице,допис до АХВ | Проблем со субвенциите за пчели за 2012 година | Доставено известување до одгледувачот | Не/СЗБЖ |
| 22 | Физичко лице,допис до АХВ | Проблем со субвенциите за пчели за 2012 година | Доставено известување до одгледувачот | Не/СЗБЖ |



qualityaustria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 23 | Физичко лице,допис до АХВ | Проблем со субвенциите за овци/кои за 2012 година | Доставено известување до одгледувачот | Не/СЗБЖ |
| 24 | Физичко лице,допис до АХВ | Проблем со субвенциите за пчели за 2012, 2013 година | Доставено известување до одгледувачот | Не/СЗБЖ |
| 25 | Правно лице,допис до АХВ | Проблем со субвенциите за пчели за 2012 година | Доставено известување до ветеринарното друштво и АФПЗРР | Да/СЗБЖ |
| 26 | Правно лице,допис до АХВ | Проблем со субвенциите за овци/кои за 2012 година | Доставено известување до ветеринарното друштво | Не/СЗБЖ |
| 27 | Правно лице,допис до АХВ | Проблем со субвенциите за пчели за 2012 година | Доставено известување до ветеринарното друштво | Не/СЗБЖ |
| 28 | Правно лице,допис до АХВ | Проблем со аплицирање субвенциите за овци/кои за 2013 година | Доставено известување до ветеринарното друштво | Не/СЗБЖ |
| 29 | Правно лице,допис до АХВ | Проблем со аплицирање субвенциите за овци/кои за 2012 година | Доставено известување до ветеринарното друштво | Не/СЗБЖ |
| 30 | Правно лице,допис до АХВ | Проблем со субвенциите за пчели за 2012 година | Доставено известување до ветеринарното друштво | Не/СЗБЖ |
| 31 | Правно лице,допис до АХВ | Проблем со субвенциите за овци/кои за 2012 година | Доставено известување до ветеринарното друштво | Не/СЗБЖ |
| 32 | Правно лице,допис до АХВ | Проблем со субвенциите за говеда,овци/кои за 2012 | Доставено известување до ветеринарното друштво | Не/СЗБЖ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | година | | |
| 33 | Правно лице,допис до АХВ | Проблем со субвенциите за овци/кои за 2012 година | Доставено известување до ветеринарното друштво | Не/СЗБЖ |
| 34 | Правно лице,допис до АХВ | Проблем со субвенциите за говеда 2012 | Доставено известување до ветеринарното друштво | Не/СЗБЖ |
| 35 | Правно лице,допис до АХВ | Проблем со пописот за овци/кои за 2012 година | Доставено известување до ветеринарното друштво | Не/СЗБЖ |
| 36 | Правно лице,допис до АХВ | Проблем со субвенциите за говеда 2012 | Доставено известување до ветеринарното друштво | Не/СЗБЖ |
| 37 | Правно лице,допис до АХВ | Проблем со аплицирање субвенциите за овци/кои за 2013 година | Доставено известување до ветеринарното друштво | Не/СЗБЖ |
| 38 | Правно лице,допис до АХВ | Проблем со податок за ушна маркица во ВИС за говедо | Доставено известување до ветеринарното друштво | Не/СЗБЖ |
| 39 | Правно лице,допис до АХВ | Проблем со субвенциите за пчели за 2012 година | Доставено известување до ветеринарното друштво | Не/СЗБЖ |
| 40 | Правно лице,допис до АХВ | Проблем со аплицирање субвенциите за овци/кои за 2013 година | Доставено известување до ветеринарното друштво | Не/СЗБЖ |
| 41 | Правно лице,допис до АХВ | Проблем со субвенциите за пчели за 2012 година | Доставено известување до ветеринарното друштво | Не/СЗБЖ |



qualityaustria SYSTEM CERTIFIED ISO 9001:2008 No.15994/0

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 42 | Правно лице,допис до АХВ | Проблем со аплицирање субвенциите за овци/кои за 2014 година | Доставено известување до ветеринарното друштво | Да/СЗБЖ |
| 43 | Правно лице,допис до АХВ | Проблем со субвенциите за пчели за 2013 година | Доставено известување до ветеринарното друштво | Не/СЗБЖ |
| 44 | Правно лице,допис до АХВ | Проблем со аплицирање субвенциите за овци/кои за 2013 година | Доставено известување до ветеринарното друштво и АФПЗРР | Не/СЗБЖ |
| 45 | Правно лице,допис до АХВ | Проблем со субвенциите за пчели за 2012 година | Доставено известување до ветеринарното друштво и АФПЗРР | Не/СЗБЖ |
| 46 | Правно лице,допис до АХВ | Проблем со субвенциите за пчели за 2012 година | Доставено известување до ветеринарното друштво и АФПЗРР | Не/СЗБЖ |
| 47 | Физичко лице,допис до АХВ | Проблем со субвенциите за овци/кои за 2013 година | Доставено известување до одгледувачот | Не/СЗБЖ |
| 48 | Физичко лице,допис до АХВ | Проблем со субвенциите за пчели за 2013 година | Доставено известување до одгледувачот и АФПЗРР | Да/СЗБЖ |
| 49 | Физичко лице,допис до АХВ | Проблем со субвенциите за пчели за 2012 година | Доставено известување до одгледувачот и АФПЗРР | Да/СЗБЖ |
| 50 | Физичко лице,допис до АХВ | Проблем со субвенциите за говеда 2013 | Доставено известување до одгледувачот и АФПЗРР | Да/СЗБЖ |
| 51 | Физичко лице,допис до АХВ | Проблем со субвенциите за пчели за | Доставено известување до одгледувачот | Да/СЗБЖ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 2013 година | | |
| 52 | Физичко лице,допис до АХВ | Проблем со субвенциите за овци/кои за 2013 година | Доставено известување до одгледувачот | Не/СЗБЖ |
| 53 | Физичко лице,допис до АХВ | Проблем со субвенциите за овци/кои за 2013 година | Доставено известување до одгледувачот и АФПЗРР | Да/СЗБЖ |
| 54 | Физичко лице,допис до АХВ | Проблем со субвенциите за пчели за 2012 година | Доставено известување до одгледувачот | Не/СЗБЖ |
| 55 | Физичко лице,допис до АХВ | Проблем со субвенциите за пчели за 2012 година | Доставено известување до одгледувачот | Не/СЗБЖ |

*Предвидени активности за ИР во 2015 година*

Во врска со новата апликација предвидени се следните активности:

- По направени детални анализи во врска со работењето на новата апликација (ВИС) забележани се неправилности кои во 2015 година се планира да се отстранат.
- Модул за домашни миленици се планира да се пушти во продукциска верзија во месец Октомври 2015 година,
- Изработка на модул за внесување на податоци во случај на појава на болест,
- Се планира контрола на добавувачите на средствата за идентификација со цел да се направи увид во квалитетот на нивното работење, како и да се дадат јасни насоки за понатамошното нивно работење затоа што се нови учесници во системот.



qualityaustria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0

Планирани се неколку измени и дополнувања во Законот за идентификација и регистрација на животните, како и изработка на Правилник за висината на надоместоците за издавање на податоци од Централната електронската база на податоци за идентификација и регистрација на животните.

Во 2015 година ќе се направат измени во пристапот на спроведување на официјални контроли на системот за ИР при што поголем акцент ќе се стави на вонредните контроли кои ќе се вршат во случај на појава на невообичаени движења и активности во електронската база на податоци. Во тек е анализа на Системот за ИР со цел да се утврдат правила за автоматско пријавување на невообичаени состојби во однос на движењата и бројната состојба на животните од аспект на ИР како и во однос на појавата и застапеноста на болести кај животните од аспект на здравствена заштита на животните. Системот ќе биде подесен да ги пријавува овие состојби и ќе предупредува што ќе им овозможи на корисниците да можат да превземаат мерки за нивно надминување, односно да ги проверат податоците кои се пратени со пријавата.
Освен модулите за ИР на говеда, овци и кози и свињи кај кои е потребно да се направат соодветни прилагодувања, останатите модули треба да се доразвијат што е планирано да се направи во периодот кој следи.
Дополнителени контроли во однос на ИР ќе се постигнат со овозможување на правна рамка за прифаќање на резултатите од он спот контроли кои ги врши Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој. Оваа активност треба да започне со примена најкасно до 2016 година, секако доколку се постигне договор помеѓу двете институции.

## Информација за состојбата со болеста Син јазик во Република Македонија и опкружувањето во 2014 година

*Состојба со болеста Син јазик во Република Македонија*

На 27.07.2014 година од страна на Ветеринарната служба на Република Грција е добиено известување за потврда на присуство на болеста Син јазик во регионот на Мала Преспа, во близина на Флорина во непосредна близина на границата со Република Македонија. Во тој период болеста е веќе присутна и се шири и во Република Бугарија.



qualityaustria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0

Болеста Син јазик кај нас за прв пат е потврдена на 04.08.2014 по добивањето на позитивни резултати на присуство на болеста Син јазик од земените мостри во општина Берово.
На 08.08.2014 година беше одржан состанок на Работната групата за спроведување на мерки за контрола и сузбивање на болеста Син јазик формирана од страна на директорот на Агенцијата составена од претставници на Агенцијата, Факултетот за земјоделски науки и храна, Факултетот за ветеринарна медицина, Управата за хидрометеоролошки работи и Центарот за управување со кризи на која подоцна и се приклучија и претставници на Ветеринарната комора на Република Македонија и Федерацијата на фармерите на република Македонија.
Работната група одржа неколку состаноци на кои се разгледуваше состојбата со болеста и се предлагаа мерки за превенција и контрола. Заклучок на работната група е дека без оглед што не предизвикува заболување кај луѓето, болеста е од големо економско значење заради директните и индиректните загуби кои можат да ги претрпат сточарите како и заради средствата кои треба да се издвојат за сузбивање, искоренување и мониторинг на болеста, истата се наоѓа на листата на болести кои задолжително се пријавуваат на Светската организација за здравствена заштита на животните (ОИЕ) што претставува дополнителна обврска за Република Македонија.
Од појавувањето на болеста таа се прошири на територијата на целата држава и речиси во сите општини. Агенцијата за храна и ветеринарство презеде мерки за сузбивање и искоренување на болеста согласно Програмата за сузбивање и искоренување на болеста Син јазик, кои се спроведуваа во соработка со повеќе служби ангажирани во земјоделието.
Покрај останатите мерки кои беа преземаат на терен изработен е и информативен материјал насочен за одгледувачите на животни со препораки за заштита на животните од вектори и контрола на векторите на сопствените одгледувалишта, истиот е објавен и на веб страната на Агенцијата.

*Состојба во регионот*

Појавата на болеста во регионот започна во Република Грција кон крајот на месец мај (29.05.2014) за да во рок од месец дена се прошири до Република Бугарија. Во овие две држави болеста се прошири со многу брзо темпо за да во месец Август се појави и во

нашата држава. Болеста денеска е присутна во сите соседни држави, а и пошироко. Присуството на болеста веќе е пријавено во Албанија, Србија Црна Гора, Хрватска, Унгарија и Романија.

Свесни дека болеста е проблем на регионот, а не само на Република Македонија, многу рано пред болеста да земе замав во државата, Агенцијата организираше работен состанок на земјите од опкружувањето на ниво на Директори на ветеринарните служби на земјите од опкружувањето, имено, Република Албанија, Република Србија, Република Бугарија и Република Грција, на која беа разгледани можните сценарија за ширење на болеста, мерките кои треба да се преземат за нејзино сузбивање и искоренување. На средбата покрај директорите земаа учество и експерти од областа од државата како и од останатите соседни земји присутни на состанокот.

На средбата беа разменети искуства во однос на сузбивање на болеста особено во однос на состојбата со болеста во Република Грција и Република Бугарија. Она што е интересно е дека и двете држави имаат различен пристап во контрола на болеста, имено Република Грција врши убивање и нештетно отстранување на некои од заболените животни додека во Република Бугарија ветеринарните служби вршат дезинсекција на одгледувалиштета каде е утврдена болеста. Од средбата произлегоа и заклучоци за формирање на мрежа за размена на информации во однос на болеста, размена на искуства во однос на дијагностичките протоколи и методите за дезинсекција на одгледувалиштата, воспоставување на соработка помеѓу службите и лабораториите кои вршат дијагностички тестирања на болеста како и утврдување на векторите и присуството на вирусот во векторите, обезбедување на регионален пристап во контрола на болеста како и заеднички настап пред Комисијата на Европската унија заради обезбедување на средства за регионален пристап на решавање на проблемот со болеста Син јазик.

Со оглед на тоа што болеста ги зафати сите држави во регионот и е распространета во сите региони на државите се очекува следната година болеста повторно да се појави така да е потребен регионален пристап кон спречување на штетите доколку оваа констатација се овистини. За жал нема униформиран пристап во регионот и сите земји во опкружувањето планираат да се справуваат со болеста до година на начин за кој сметаа дека е нај соодветен. Овој факт треба да се земе во предвид при планирањето на мерките кои ќе се преземаат во Република Македонија следната година.



quality austria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0

*Мерки за контрола и сузбивање на болеста*

Во рамките на сузбивањето на болеста Агенцијата преземаше мерки кои беа насочени кон спречување на ширењето на болеста најмногу во делот на борба против векторите кои ја пренесуваат болеста. Согласно мерките пропишани со Законот за ветеринарно здравство и Програмата за сузбивање и искоренување на болеста Син јазик, преземени се следните мерки:

- формирана е работна група за спроведување на мерки за контрола и сузбивање на болеста Син јазик;
- формирани се зони околу позитивните одгледувалиште со радиус од 20 км;
- вршени се епидемиолошко испитување за утврдување на изворот на болеста;
- затворање на животните во периодот кога векторите се активни;
- забрана за движење на и од одгледувалиштето;
- надзор на одгледувалиштата;
- цензус на приемчивте животни на одгледувалиштето и известување за нивната здравствена состојба;
- неделно известување за состојбата со болеста;
- земање на мостри заради потврдување или отфрлање на присуство на болеста; и
- нештетно отстранување на угинатите животни.

Непосредно по пријавувањето на сомнеж на болеста заради следење на болеста и анализа на епидемиолошката состојба се пристапи кон редовно пријавување на состојбата со болеста Син јазик. За пријавување на болеста се користеше матрица во *excel* формат со која официјални ветеринари имаа обврска да доставуваат податоци до централата на Агенцијата. Матрицата е подоцна усвоена од страна на Владата на Република Македонија како алатка за пријавување на состојбата со болеста Син јазик. Преку пополнетите матрици до централата на Агенцијата се доставуваа податоци за нови жаришта како и за промените во жариштата каде што болеста претходно беше потврдена.
Податоците за вкупен број животни во стадата по видови,број на заболени животни со клиничка слика и број на угинати животни се дадени во Табела.

***Табела 31:*** *Вкупен број на угинати животни од болеста Син јазик во Република Македонија*

| | Говеда | Овци | Кози |
|---|---|---|---|
| **Број на угинати животни** | 23 | 19300 | 425 |
| Вкупно | | | 19747 |

По завршувањето на појавата на болеста и сумирањето на резултатите и нивната потврда направен е план за анализа и проверка на податоци и документација заради утврдување на веродостојноста на доставените податоци. Анализата и проверката поразбираат контрола на сите доставени податоци и документација и нивна споредба со податоците од Ветеринарниот информационен систем.
Со проверка беа опфатени сите официјални ветеринари кои доставиле податоци со записник и број на ушна маркица на угинати животни.

*Контроли на ветеринарни друштва*

Во 2014 година се изврши контрола во 20 овластени ветеринарни друштва во периодот од 25.12.2014 до 09.01.2014 година. Контролите се извршени од страна на вд раководител на Секторот за здравствена заштита и благосостојба на животните, вд раководител на Одделението за државна инспекција за здравствена заштита на животните и надлежниот ветеринарен инспектор за контролираното ветеринарно друштво.

При извршените контроли не се утврдени злоупотреби при пријавувањето на угинатите животни од болеста Син јазик и при внесувањето на податоците во ВИС Констатирано е дека сите ветеринарни друштва имаат уредна евиденција за пријавени угинати животни од болеста Син јазик и навремено ги внеле податоците за угинатите животни во Ветеринарно Информационизот Систем на соодветен начин. Евиденцијата за угинатите животни од болеста Син јазик е водена на "Образецот за пријавување на промени и нарачување на средства за идентификација и документи од системот за идентификација и регистрација", согласно упатствата дадени од страна на раководните структури на Агенцијата за храна и ветеринарство.

Дезинсекција во одгледувалиштата е вршена со средства регистрирани во Република Македонија за таа намена. За извршената дезинсекција издавана е потврда за извршени активности, на образец пропишан и издаден од Ветеринарната комора на Република Македонија. Податоците за извршената дезинсекција соодветно се внесени во ВИС и кореспондираат со податоците од издадените потврди.

*Контрола на извршена дезинсекција на одгледувалишта*

Анализа на податоците за извршена дезинсекција на одгледувалиштата заради појава на болеста Син јазик е направена врз основа на податоците кои се внесени од страна на ветеринарните друштва при што во предвид се земени два параметри и тоа површина на метри квадратни на кои е направена дезинсекција и бројот на животни кои се регистрирани на одгледувалиштата

## СЕКТОР ЗА ЕУ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Во насока на остварување на поставените цели на еден од стратешките приоритети на Агенцијата за храна и ветеринарство (АХВ), процесот на евро-интеграции, а во функција на хармонизација на националното законодавството со законодавството на ЕУ како и програмирање и имплементација на проекти финансирани од Европската унија, во текот на 2014 година, Сектотот за ЕУ и меѓународна соработка ги постигна долунаведените резултати:

### ПРОЦЕС НА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ И ПРЕГОВОРИ

Следење степенот на реализација на активностите предвидени со НПАА ревизија 2014 - Поглавје 12-Безбедност на храна. ветеринарна и фитосанитарна политика

Изработени се и доставени, по претходно барање на СЕП, 2 месечни извештаи (јануари и март) за постигнатиот напредок во рамки на Поглавјето 12, за информирање на Владата и Собранието на Република Македонија (македонска верзија).

Изработени се и доставени, по претходно барање на СЕП, 12 месечни извештаи (период од јануари до ноември) за постигнатиот напредок во рамки на Поглавјето 12 за информирање на Европската Комисија (англиска верзија).

Агенцијата за храна ветеринарство како координатор за Поглавјето 12 - Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика, на барање на ВРМ, изготви детална и сеопфатна информација за статусот на реализација на активностите од Поглавјето, предвидени да се реализираат со Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија – НПАА ревизија 2014, во првиот и вториот квартал од 2014;

Претставниците на Секторот за ЕУ ми меѓународна сотаботка земаа учество на седниците на Работниот Комитет за евроинтеграции (РКЕИ) и Поткомитетот на РКЕИ

Работната група за Поглавје 12, одржа неколку состаноци чија динамика произлезе од заклучоците донесени на седниците на РКЕИ. На истите беше следен напредокот во однос на активностите од евроинтеграцискиот процес и ИПА активности, а посебно активностите планирани со НПАА рев 2014 од Поглавјето 12. Се дискутираа и беа давани предлог решенија за надминување на можните проблеми. Најголем дел од заклучоците од одржаните состаноци беа реализирани во предвидените рокови.

Со НПАА ревизија 2014, реализирани **се 25 активности**.

2. Одржување на 10-тиот состанок за Поткомитетот за земјоделство и рибарство

Пред состанокот: утврдена е агендата, определени се лица за подготовка и презентирање на материјалите пред Европската Комисија, подготвени се материјалите за состанокот, /македонска верзија за одобрување од страна на Владата на РМ и англиска верзија за подготовка/информирање на Европската комисија пред состанокот/ во претходно утврдениот рок.
Претставници од Агенцијата за храна и ветеринарство - АХВ земаа активно учество на десетти по ред на Поткомитетот за земјоделство и рибарство помеѓу Република Македонија и Европската Унија во рамки на Комитетот за стабилизација и асоцијација, што се одржа на 11 април 2014 година во Брисел.
АХВ, по одржување на состанокот имаше обврска за доставување на Информација до Европската Комисија за новини во надградбата на системот за идентификација и регистрација на животните. Обврската е реализирана во предвидениот рок.
Успешно реализирани активности во однос на последниот состанок на Поткомитетот.

3. Информирање на Европската Комисија за напредокот на РМ за Поглавјето 12

Агенцијата за храна и ветеринарство заедно со останатите институции учеснички подготвија Придонес кон Извештајот на Европската Комисија, документ/и што претставува основа за презентирање на состојбата за постигнатиот напредок на Република Македонија во евроинтеграцискиот процес од Поглевјето 12 областа на безбедноста на храната, ветеринарната и фитосанитарната политика за периодот од изминатите 12 месеци (септември 2013-април 2014, односно дополнување на Придонесот мај-август 2014 и второ дополнување за септември 2014).

Активностите се успешно реализирани.

4. Анализа на извештајот на ЕК за постигнатиот напредок на РМ во евро-интеграпискиот процес (2014)

Европската комисија по петти пат додели висока оцена (напредна фаза) за Агенцијата за храна и ветеринарство за подготовките за преземање на обврските за членство во ЕУ кои се предмет на Поглавјето 12, во поглед на безбедност на храната и ветеринарната политика.

Извршена е анализа на Извештајот, предложени се мерки и дадени одговори од страна на институциите на Поглавјето 12 за поголеми напори во областите каде се дадени негативни наоди од страна на ЕК.

Негативните наодите се должат на недоволно средства доделени со националниот Буџет за 2014 г. за навремена и успешна реализација на сите планирани активности (ненавремена исплата, нецелосна имплементација на програмите).

5. Отпочнување на подготовките на НПАА ревизија 2015

(разгледување на ГАП анализите од последниот Извештај на ЕК за напредокот на РМ, тековни достигнувања- краток преглед и клучни стратешки приоритети на ниво на Поглавје)

Реализирани се следните активности согласно утврдената временска рамка од страна на ВРМ-СЕП:

Во периодот од 5 ноември до 11 декември 2014 се пристапи кон ревизија на Националната Програма за усвојување на Правото на ЕУ НПАА за 2015 година;

Бараните материјали подготвени од Работната група за Поглавје 12 (наративен дел и матрица на цели и активности) се доставени според временската рамка утврдена од страна на ВРМ-СЕП.

Одржана е работилница (26-28 ноември 2014) за финализирање на НПАА од страна на институциите.

НПАА во фаза на меѓуресорска консултација (мислења/измени/коментари од страна на надлежните институции пред разгледување/одобрување од ВРМ

усвоена ревизија на НПАА за 2015 на 23 декември 2014 на седница на Вадата на Република Македонија

СЛЕДЕЊЕ НА ЕУ ЗАКОНОДАВСТВОТО И НЕГОВА ТРАНСПОЗИЦИЈА ВО НАЦИОНАЛНИ ПРОПИСИ

Агенцијата за храна и ветеринарство како носител на политиката за безбедност на храната и ветеринарството во Република Македонија, извршува активности поврзани со преземањето на европското законодавство во националното законодавство.

Следење на промените во европското законодавство во однос на безбедноста на храната и ветеринарната политика се спроведуваше континуирано, со следење на објавувањето на нови ЕУ мерки, нивна измена, дополнувања и исправки на постоечките ЕУ мерки од областа на безбедноста на храната и ветеринарната политика. Редовно се известуваа и проследуваа објавените ЕУ мерки до

релевантните сектори и одделенија во Агенцијата за храна и ветеринарство. Се изготви квартален и вкупен извештај за објавените ЕУ мерки во 2014 година, со цел да се обезбеди сеопфатен увид во новонастанатите промени во европското законодавство, како и да се земат во предвид новите/изменетите ЕУ мерки, дополнувањата и исправките на релевантните ЕУ мерки, во националните прописи во кои се преземени релевантните ЕУ мерки. Кварталниот и вкупниот извештај за објавените ЕУ мерки се користи при подготовката на ревизијата на НПАА за 2015 година - Поглавје 12.

Објавените прописи во 2014 година, во кои се врши транспозиција на ЕУ законодавството, како и објавени други прописи, дадени се во **прилог** на овој извештај:

Прописите кои до периодот на известување се во фаза на усвојување се следните:
Закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на храната за животни;
Закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на храната

Правилник за изменување на правилникот за посебните барања за безбедност на храната за посебна нутритивна употреба - млечна храна за доенчиња;
Правилник за начинот на вршење на официјални контроли на салмонела и други одредени алиментарни интоксикации;



quality austria SYSTEM CERTIFIED ISO 9001:2008 No.15994/0

Правилник за изменување на Правилникот за посебните барања за безбедност на додатоците на исхрана;
Правилник за начинот и постапката на регистрација на правни лица кои вршат увоз и/или повторен извоз;
Правилник за начинот и постапката за издавање на мислење, потребната документација и висината на трошоците во постапката за издавање мислење по барање на странка, за производство и увоз на додатоци на исхрана, храна за посебна нутритивна употреба и збогатена храна - храна на која и се додадени витамини и минерали;
Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за издавање на одобрение за ставање во промет на ветеринарно-медицински препарат, како и општите и посебните услови кои треба да ги исполни ветеринарно-медицинскиот препарат за ставање во промет;
Правилник за посебните услови во однос на објектите, техничката опременост, како и постапките и условите за вршење на соодветна дејност кои треба да ги исполнуваат преработувачките објекти за Категорија 3 Материјали и посебните услови за преработени животински протеини и други преработени производи кои може да се користат како материјал за исхрана на животните;
Правилник за условите кои треба да ги исполнуваат објектите за производство на храна за домашни миленици и техничките објекти за нус производи од животинско потекло и посебните технички услови и постапки за преработка при ставање во промет и увоз на храна за домашни миленици и технички производи од нус производи од животинско потекло;
Правилник за начинот на регистрација и одобрување на оператори, објекти и погони за нус производи од животинско потекло;
Правилник за начинот и постапката на вршење на официјалните контроли на производите од животинско потекло наменети за исхрана на луѓето.

**Информирање на јавноста и на засегнатите страни за донесување на нови прописи**

Во процесот на изработка и усвојување на прописите континуирано се спроведе известување на јавноста и на другите засегнати страни, со писмено известување и со прикачување на нацрт и предлог законите, кои се во надлежност на Агенцијата за храна и ветеринарство, на Единствениот национален електронски регистар на прописи на Република Македонија (ЕНЕР) каде што се достапни на увид и коментари од јавноста и другите засегнати страни.

Новите прописи донесени од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство (објавени во службен весник на РМ, како и внатрешни прописи) редовно се објавија на официјалната веб страна на АХВ (http://www.fva.gov.mk/index.php?option=com_jdownloads&view=viewcategories&Itemid=182&lang=mk).

**<u>Соработка со останатите сектори во рамките на АХВ</u>**

При изработката на Законите и подзаконските акти се оствари непосредна соработка со другите сектори и одделенија во Агенцијата за храна и ветеринарство, преку давање мислења и забелешки, како и сугестии и вршење на корекции на прописи, помагање во подобрување на текстот и содржината прописите, а со цел да се постигне потполна усогласеност со законодавството на ЕУ, а корелација со националното законодавство. Обезбедена е поддршка во изработката на кореспондентни табели и Изјави за усогласеност на национални прописи со законодавството на ЕУ, како и поддршка во подготовка и изработка на национални прописи кои не се предмет на усогласување со ЕУ мерки. Во процесот на донесување на прописи од областа на безбедноста на храната и ветеринарната политика се оствари секојдневна соработка со Секретаријатот за законодавство.

**<u>Изготвување и ажурирање на база на ЕУ мерки и национални законски и подзаконски прописи</u>**

Ажурирање и соодветно менување податоците во базата на ЕУ мерки и национални законски и подзаконски прописи се спроведуваше редовно

ИПА (IPA-INSTRUMENT FOR PRE ACCESSION)

Основните функции на ИПАработната група се програмирање на проекти, целосна договорност во техничката имплементација и спроведување на мониторинг на активностите од проектните задачи.
Во текот на 2014 година спроведени се активности кои произлегуваа од следните Проектни Фишеа (ПФ):

**ИПА 2009**

Проектот "Јакнење на капацитетите на надлежните органи задолжени за безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика" се спроведува согласно динамиката утврдена со институциите кориснички (АХВ, МИШВ).
Договорот за услуги (EuropeAid/132281/D/SER/MK) е потпишан на 19.12.2013 година со Консултантската куќа NIRAS IC Sp.zo.o. (во конзорциум со AGROTEC S.p.A., AETS и Државен инспекторат за здравствена заштита на растенија и Инспекторат за семе-Р.Полска).
Во тек е негова имплементација, со која се очекува подобрување на работењето на Агенцијата за храна и ветеринарство во поглед на процесите за анализа на ризикот, процедурите за спроведување на законодавството, поддршка на инспекциските служби во спроведувањето на официјалните контроли, активности поврзани со следливост на храната и тн. Со активностите од проектот ќе се зголеми свесноста на операторите со храна за своите обврски во ставање во промет на безбедна храна.

**ИПА 2010**

Проектното фише ИПА 2010 "Зајакнување на административните и институционални капацитети на надлежните органи задолжени за безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика"- ИПА ТАИБ 2010, со кој беа предвидени **5 договори** (твиниг, набавка на опрема за инспекциски служби, набавка на вакцини против беснило, изградба на ГИМ Блаце и супервизија на градежните работи, Рамковен договор за ревизија на тендерска документација за изградба на Блаце ), од кои:

Со имплеметацијата на *Договорот за набавка на вакцини против болеста беснило,* набавката и дистрибуцијата на вакциналните мамки на целата територија на Република Македонија, се продолжи во месец Април 2014 година и месец Октомври 2014 година, кога се спроведе четврта и петта вакцинална кампања против беснило кај дивите животни. Заради обезбедување на континуирана апликација на вакцините против беснило на дивите лисици, се пристапи кон процедура на амандман на договорот за додавање на една дополнителна петта вакцинална кампања.


qualityaustria SYSTEM CERTIFIED ISO 9001:2008 No.15994/0

*Рамковниот договор за ревизија на тендерска документација за изградба на Блаце* кој се имплементираше од страна на Консултантската куќа **Grontmij,** резултираше со целосно изготвена тендерска документација за Договорот за градба на ГИМ Блаце и Договорот за надзор на истиот.
*Договорот за градба на ГИМ Блаце*, по периодот на достава на понуди и извршена успешна евалуација на доставените понуди, сепак не се потпиша од причина што најниската понудена цена беше над планираните буџетски средства, што не остави простор за преговори и следствено потпишување на самиот договор.
*Рамковен договор за надзор на договорот за градба*, исто така не се потпиша имајќи ја предвид поврзаноста со самиот договор за градба.
*Твининг договорот*, по успешната евалуација на сите пристигнати предлози од потенцијалните твининг партнери, се потпиша на крајот од Ноември 2014 со италијанскиот твининг партнер.

**<u>ИПА 2012</u>**
Проектното фише во рамките на ИПА 2012 "Понатамошно усогласување на безбедноста на храната, ветеринарната и фитосанитарната политика со барањата на ЕУ" – ИПА 2012, е предвидува потпишување на еден твиниг договор и договор за набавка на вакцини. Сепак со последните промени во АХВ и имплементирањето на голем број на активности претходно планирани со ова фише, нова ревидирана верзија се подготви и е доставена до ДЕУ на одобрување.
Во новата верзија планирани се 3 договори, и тоа:
Договор за набавка на вакцини против болеста беснило,
Договор за услуги и
Договор за набавка на опрема.
Тендерската документација за Договорот за набавка на вакцини е подготвена и доставена до ЦФЦД.

СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ И ИЗГОТВУВАЊЕ НА БУЏЕТ
**<u>Стратешко планирање</u>**
Стратешкото планирање во Агенцијата за храна и ветеринарство се спроведува континуирано во среднорочна тригодишна рамка. Во планот на Агенцијата се одразени приоритетите, целите, програмите и активностите за наредните три години.

Скратена верзија на Стратешкиот план 2014-2016 беше објавена на интернет страницата на Агенцијата до 15 јануари 2014 год. со што е обезбедена транспарентност во спроведување на политиките на Владата и трошењето на буџетските средства.
Во јануари 2014 година на барање од Генералниот секретаријат Секторот за стратегија планирање и следење доставени се предлог иницијативи за приоритетни цели на Агенцијата за храна и ветеринарство за 2014 година во функција на подготвување на Предлог одлука за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија за 2014 година. Исто така се достави и Информација за остварените резултати на АХВ кои се во функција на стратешките приоритети на Владата на РМ за претходната година.
Одделението за стратешко планирање изготви и Процедура за изготвување на стратешкиот план и предлог Буџетот на Агенцијата за храна и ветеринарство.
Во периодот од јуни до август се работеше на изготвување на Нацрт- стратешкиот план за 2015-2017 год. кој претставува основен документ на Агенцијата за храна и ветеринарство. а во кој се содржани програмите и активностите преку кои се планира остварување на целите и приоритетите, а во функција на визијата и мисијата на институцијата во наредниот тригодишен период. Стратешкиот план за периодот 2015-2017 е изработен врз основа на анализа на постигнатите резултати во текот на 2013 година како и постигнатите резултати во изминатата 2014 година и резултатите што треба да се реализираат до крајот на 2014година. Во состав на Нацрт- стратешкиот план беа вклучени и плановите на програмите за развој кои се однесуваат на развојни проекти, како и програмите преку кои се прикажани средства од Фондовите на ЕУ и национално кофинансирање

**<u>Изготвување на буџет</u>**

Агенцијата за храна и ветеринарство во период од јули-септември 2014 година пристапи кон изготвување на Предлог Буџетот на Агенцијата за храна и ветеринарство. Беа обезбедени информации за потребните буџетски средства и се подготвија сите буџетски циркулари по утврдените програми во буџетот на АХВ, администрација, ветеринарно здравство и безбедност на храната
Нацрт - стратешкиот план и предлог Буџетот беа доставени до Генералниот секретаријат, Сектор за стратегија планирање и следење и Министерството за финансии во предвидените рокови.
По усвојувањето на буџетот, се изработи скратена верзија на Стратешкиот план која треба да биде објавена на интернет страницата на Агенцијата, со што се обезбедува транспарентност во спроведување на политиките на АХВ и трошењето на буџетските средства.



qualityaustria SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0

V. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И КОМУНИКАЦИЈА

Во делот на меѓународна соработка и комуникација за 2013 година остварени се следните активности:

**Соработка со Европската комисија (Канцеларија за храна и ветеринарство-ФВО)**

Во период од 18 -28 март 2014, се спроведе FVO мисија 2014-7217 за евалуација на спроведувањето на активности од страна на надлежниот орган во однос на контроли на ветеринарното јавно здравство и надградба на одредени класи на објекти за преработка на храна (црвено месо и млеко) во контекст на претпристапниот период;

Обезбедени се информации и акциски план за спроведените Последователни активности во однос на ФВО мисијата, 2011-6110, со цел ревизија на контролниот систем за благосостојба на животните на фарма, за време на транспорт и за време на колење,

Обезбедени се информации и акциски план за спроведените последователни активности во однос на ФВО мисијата, 2012-6286која се реализираше во период од 5 – 12 Јуни 2013 година, за евалуација на контролниот систем за пестициди во храната од растително потекло за извоз во Европската унија обезбедени се информации и акциски план за спроведените последователни активности во однос на ФВО мисијата, 2013-6868 спроведена од 6 - 15 Март 2013 за проценка на контролниот систем за производство на црвено месо, термички третирано млеко и млечни производи за извоз во ЕУ.

**Соработка со земјите во регионот**

Во Скопје, на 21 Ноември 2014 година потпишан е “Протоколот за меѓусебно признавање и прифаќање на документи издадени од страна на акредитирани лабораториии за храна и храна за животни меѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија и Министерството за надворешна трговија и економски односи на **Босна и Херцеговина”**.

**Соработка со НР Кина**

Во октомври 2014 година, беше организирана мисија спроведена од делегација на НР Кина во Република Македонија со цел запознавање со ветеринарниот и системот за заштита од болести и посета на објекти за преработка и складирање на месо во Република Македонија и согледување на можностите за извоз на македонски производи во Народна Република Кина .



qualityaustria SYSTEM CERTIFIED ISO 9001:2008 No.15994/0

Во текот на мисијата се парафираше "Протокол помеѓу Генералната администрација за надзор на квалитет, инспекција и карантин на Народна Република Кина и Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија во однос на барањата за карантин и здравствените барања за замрзнато јагнешко месо наменето за извоз од Република Македонија во Кина.

**Соработка со ОИЕ**

Во ноември 2014 година, АХВ го организираше Регионалниот Семинар за националните контакт точки за ветеринарни препарати, под покровителство на Светска организација за здравствена заштита на животни (OIE), на кој учествуваа претставници од околу 25 земји во регионот на Европа

**Спроведени меѓународни обуки**

Согласно надлежностите на Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија, е корисник на специјализирани обуки во горенаведените области во организација на Генералниот директорат на Европската комисија за "Здравје и потрошувачи" *DG SANCO*, согласно нивната програма "*Better training for safer food*", како и корисник на *TAIEX* (*Technical Assistance and Information Exchange Instrument*), инструментот со кој раководи Генералниот директорат за проширување на ЕК *DG Enlargement*.

BTSF

Во текот на 2014 година одржувана е редовна комуникација и координација со организаторите на различните програми за специјализирани обуки под покровителство на *DG SANCO "Better Training for Safer Food"*. Во рамките на оваа програма во текот на 2014 година, се реализираа вкупно 71 обуки во странство на кои присуствуваа 100 вработени во Агенцијата за храна и ветеринарство. Во табелата подолу се надени насловите на обуките, бројот на сесии одржани за секоја одделна обука како и бројот на учесници од АХВ:

| Име на обуката | Број на обуки | Број на учесници |
|---|---|---|
| Нус-производи од животинско потекло | 4 | 5 |
| | | |



qualityaustria SYSTEM CERTIFIED ISO 9001:2008 No.15994/0

| | | |
|---|---|---|
| **Идентификација и регистрација на животни и нивна следливост** | 2 | 2 |
| | | |
| **Благосостојба на животни** | | |
| Благосостојба на животни за време на транспорт | 1 | 2 |
| Благосостојба на животни за време на убивање заради контрола на болест | 2 | 3 |
| Благосостојба на животни за време на производство на живина | 2 | 4 |
| Благосостојба на животни за време на производство на свињи | 3 | 5 |
| Благосостојба на животни за време на убивање и колење | 1 | 2 |
| | | |
| **Систем за аудит и внатрешен аудит** | 2 | 2 |
| | | |
| **План за итни мерки и контрола на болести кај животните** | 2 | 3 |
| | | |
| **Ветеринарни контроли на граничен премин** | 1 | 2 |
| | | |
| **Контрола на контаминенти во храна и храна за животни** | 4 | 10 |
| | | |
| **Контрола на движење на кучиња и мачки** | 2 | 2 |
| | | |
| **Храна за животни (сесија за легислатива и сесија за хигиенски правила и HACCP аудит)** | 2 | 4 |
| | | |
| **Истражувања за појава на алиментарни заболувања** | 5 | 9 |
| | | |
| **Состав на храна и информации** | 5 | 5 |
| | | |
| **Нови техники за истражување за официјални контроли во** | 3 | 3 |



qualityaustria SYSTEM CERTIFIED ISO 9001:2008 No.15994/0

| | | |
|---|---|---|
| рамките на ланецот на храна (Сесии за нови техники за измама со храна и сесии за измами при електронска продажба/рекламирање на храна) | | |
| | | |
| Хигиена на храна и флексибилност | 5 | 5 |
| | | |
| Хигиена на храна при примарно производство | 2 | 2 |
| | | |
| Контрола при увоз на храна и храна за животни од неживотинско потекло | 4 | 8 |
| | | |
| HACCP принципи и техники за вршење аудит | 4 | 6 |
| | | |
| Микробиолошки критериуми за храна | 4 | 4 |
| | | |
| Официјален надзор во однос на семе, јајце клетки и ембриони | 1 | 1 |
| | | |
| PDO/PGI/TSG (Заштитена ознака за потекло/Заштитена географска ознака/ Ознака за гарантиран традиционален специјалитет) | 1 | 1 |
| | | |
| Органско производство | 2 | 2 |
| | | |
| RASFF | 2 | 2 |
| | | |
| TRACES систем | 2 | 2 |
| | | |
| Спречување, контрола и искоренување на TCE | 1 | 2 |



quality austria SYSTEM CERTIFIED ISO 9001:2008 No.15994/0

| | | |
|---|---|---|
| Резидуи од ВМП во храната од животинско потекло | 2 | 2 |
| ВКУПНО | 71 | 100 |

**TAIEX**

Во однос на TAIEX инструментот, во 2014 година се реализираа вкупно 9 настани од областа на ветеринарната политика на кои земаа учество претставници на Агенцијата за храна и ветеринарство, и тоа:

Работилница за барања за извоз на аквакултура;

Работилница за соработка помеѓу CEFTA земјите во однос на СПС гранична инспекција;

Работилница за зоонози и предизвикувачи на зоонози;

Работилница Стандарди за означување на храна од животинско потекло во CEFTA;

Работилница Болести кај животни кои се пренесуваат преку вектори;

Работилница за објекти кои произведуваат традиционални производи;

Работилница за имплементација на ЕУ законодавство со кое се уредува аквакултура;

Експертска мисија и работилница за имплементација на TRACES системот;

Во делот на меѓународна соработка и комуникација во 2014 година остварени се и следните активности:

Писмена коресподенција со национални и меѓународни институции во доменот на работата на Агенцијата за храна и ветеринарство (Светска организација за здравствена заштита на животните – OIE, Генерален Директорат за здравје и потрошувачи – DG SANCO, Codex Alimentarius, UNICEF, TAIEX, надлежни органи на други држави итн.);

Учество во коресподенција со Меѓународната организација за здравствена заштита на животни – ОИЕ со цел да се организира мисија во Република Македонија за поддршка и евалуација на работата на инспекциската служба на Агенцијата за храна и ветеринарство;

Учество во коресподенција со Федерална служба за ветеринарен и фитосанитарен надзор на Руската Федерација со цел да се иницира започнување соработка во доменот на трговија со храна од животинско потекло;

Како дел од работата на Секторот за ЕУ и меѓународна соработка, во текот на 2014 година, **се изврши превод на следните документи**:

Превод на англиски јазик известувањата за активностите преземени од страна на инспекторите за храна и/или официјалните ветеринари во однос на нотификациите за небезбедни производи добиени преку RASFF системот, и тоа:
RASFF нотификација 2013.1163 и 2013.1207 за увоз на небезбедни ензимски мешавини произведени во Германија и Франција;
RASFF нотификација 014.0418 – add 1/03.04.2014 за увоз на небезбеден производ – безглутенско брашно;
RASFF нотификација 2013.1068 за увоз на небезбеден производ – пилешки филети;
RASFF нотификација 2014.AMR за извоз на небезбеден производ – сладолед произведен во Република Македонија;
RASFF нотификација 2014.0915 за увоз на небезбеден производ - органска храна за бебиња;
Превод на документи за потребите на спроведување на FVO мисијата 2014-7217 (18 -28 март 2014) за евалуација на спроведувањето на активности од страна на надлежниот орган во однос на контроли на ветеринарното јавно здравство и надградба на одредени класи на објекти за преработка на храна (црвено месо и млеко) во контекст на претпристапниот период- март 2014;
Превод на нацрт извештај за аудит спроведен во Република Македонија во периодот од 18 до 28 март 2014 година со цел да се изврши евалуација на спроведувањето на активности од страна на надлежниот орган во однос на контроли на ветеринарното јавно здравство и надградба на одредени класи на објекти за преработка на храна (црвено месо и млеко) во контекст на претпристапниот период (DG (SANCO) 2014 – 7217) и одговорите на Агенцијата за храна и ветеринарство по однос на препораките на FVO– јуни 2014;
Превод на Завршен Извештај од аудит спроведен во Република Македонија во периодот од 06 до 15 март 2013 година со цел да се изврши евалуација на спроведувањето контроли на производството на црвено месо, термички обработено млеко и производи од месо наменети за извоз во Европската унија (DG (SANCO) 2013 – 6868) – Мај 2014;
Превод на Годишен извештај за Мониторинг програмата за 2013 година – април 2014;

**Прилог:**
**Усвоени национални акти во кои се транспонира ЕУ законодавство**



quality austria SYSTEM CERTIFIED ISO 9001:2008 No.15994/0

Листа за изменување и дополнување на Листата на категоризирани нуспроизводи од животинско потекло („Службен весник на Република Македонија" бр. 8/2014) ;
Правилник за условите за ставање во промет на живина и јајца за ведење („Службен весник на Република Македонија" бр. 18/2014) ;
Правилник за условите за ставање во промет на суровини за храна за животни, декларирањето и карактеристиките кои треба да бидат дадени на придружниот документ или на пакувањето и Листа на суровини за храна за животни („Службен весник на Република Македонија" бр. 18/2014) ;
Правилник за начинот на собирање, превезување и идентификување на посебните категории на нуспроизводи од животинско потекло („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/2014) ;
Правилник за поблиските услови, начинот и постапката за спроведување и примена на забраните за употреба на одредени нуспроизводи во исхраната на животните („Службен весник на Република Македонија" бр. 28/2014) ;
Правилник за начинот и постапката за примена на исклучоците во однос на употребата на нуспроизводи од животинско потекло („Службен весник на Република Македонија" бр. 30/2014) ;

Правилник за начинот и постапката за примена на исклучоците во однос на отстранување на нуспроизводи од животинско потекло („Службен весник на Република Македонија" бр. 30/2014) ;
Правилник за начинот на собирање и нештетно отстранување на нус производите од животинско потекло и техничко-технолошките услови кои во поглед на објектот, опремата и кадарот треба да го исполнуваат правните лица кои вршат собирање и нештетно отстранување на нус производите од животинско потекло како и технички-технолошките услови што треба да ги исполнуваат превозните средства за превоз на нус производи од животинско потекло („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/2014) ;
Правилник за идентификација и регистрација на животни од видовите овци и кози („Службен весник на Република Македонија" бр. 37/2014) ;
Решение за забрана на увоз на храна во Република Македонија, која содржи или се состои од листови бетел од Бангладеш („Службен весник на Република Македонија" бр. 56/2014) ;
Решение за изменување и дополнување на Решението за примена на мерки за заштита од внесување на вирусот на африканска свинска чума во Република Македонија од одредени трети земји и делови од трети земји („Службен весник на Република Македонија" бр. 56/2014) ;

Правилник за ограничување на употребата на определени епокси деривати кај производи и материјали што доаѓаат во контакт со храната („Службен весник на Република Македонија” бр. 61/2014) ;
Правилник за посебните барања за безбедност на храната третирана со јонизирачко зрачење („Службен весник на Република Македонија” бр. 63/2014) ;
Правилник за посебни барања за безбедност на активни и интелегентни материјали и производи што доаѓаат во контакт со храната („Службен весник на Република Македонија” бр. 64/2014) ;
Правилник за идентификација и регистрација на животни од видот говеда („Службен весник на Република Македонија” бр. 68/2014) ;
Правилник за методите за земање на примероци и за вршење на анализи, вклучувајќи ги и методите на потврда или референтните методи кои се користат во случај на оспорување (супераанализа) на млекото („Службен весник на Република Македонија” бр. 96/2014) ;
Правилник за дополнителни услови за надзор кај акватични животни врз основа на анализа на ризик („Службен весник на Република Македонија” бр. 106/2014) ;

Правилник за дополнување на правилникот за сузбивање и искоренување на одредени болести кај водните животни („Службен весник на Република Македонија” бр. 114/2014) ;
Правилник за изменување и дополнување на правилникот за мерки за сузбивање и искоренување на класична чума кај свињите („Службен весник на Република Македонија” бр. 116/2014) ;
Решение за преземање на безбедносни мерки при увоз и транзит на домашни и диви свињи, семе, јајца и ембриони од свињи, свинско месо, производи и подготовки од свинско месо и други производи кои содржат свинско месо, заради заштита од внесување на вирусот на африканска свинска чума во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр. 124/2014) ;
Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката за увоз и транзит, листа на трети земји од кои е одобрен увоз и транзит, формата и содржината на ветеринарно-здравствениот сертификат или други документи што ја придружуваат пратката со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло, како и начинот и постапката на вршење на проверка и преглед при увоз и транзит на пратка со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло („Службен весник на Република Македонија” бр. 124/2014) ;

Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за мерки за сузбивање и искоренување на африканска чума кај свињите („Службен весник на Република Македонија" бр. 128/2014) ;
Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за условите за ставање во промет на аквакултура, нејзината намена, како и начинот на вршење на официјални контроли при ставање во промет на аквакултура („Службен весник на Република Македонија" бр. 132/2014) ;
Закон за изменување и дополнување на Законот за нуспроизводи од животинско потекло („Службен весник на Република Македонија" бр. 144/2014) ;
Правилник за посебните барања за безбедност на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната направени од филм од регенерирана целулоза („Службен весник на Република Македонија" бр. 147/2014) ;
Закон за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на Република Македонија" бр. 149/2014);
Решение за изменување и дополнување на Решението за преземање на безбедносни мерки при увоз и транзит на домашни и диви животни, семе, јајца и ембриони од свињи, свинско месо, производи, подготовки од свинско месо, други
производи кои содржат свинско месо, како и нуспроизводи од свињи заради заштита од внесување на вирусот на африканска свинска чума во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 153/2014);
Листа на фармаколошки супстанци одобрени за употреба во ветеринарната медицина („Службен весник на Република Македонија" бр. 174/2014);
Решение за проверка и преглед на пратки пластичен кујнски прибор од полиамид и меламин кои потекнуваат или се испорачани од Кина и Хонг Конг при увоз во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 195/2014);

**Национални прописи објавени во 2014 година**:

Правилник за начинот и постапката за идентификација и регистрација на пчелите („Службен весник на Република Македонија" бр. 4/2014);
Закон за дополнување на Законот за идентификација и регистрација на животните („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014) ;

Исправка на Правилник за начинот и постапката за идентификација и регистрација на пчелите („Службен весник на Република Македонија" бр. 61/2014) ;
Правилник за барањата во однос на квалитетот на овошје, зеленчук, печурки и нивни преработени производи („Службен весник на Република Македонија" бр. 69/2014) ;
Правилник за изменување на правилникот за посебните барања за безбедност и хигиена и начинот и постапката на вршење на службените контроли на млекото и млечните производи („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/2014) ;
Правилник за изменување и дополнување на правилникот за посебните барања кои се однесуваат на микробиолошките критериуми за храната („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/2014).

**Други документи изработени и објавени во 2014 година**:

План за изменување и дополнување на повеќегодишниот контролен план за надзор во областа на храната, ветеринарството и здравјето на растенијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 93/2014) ;
Годишен извештај за повеќегодишен контролен план за надзор во областа на храната, ветеринарството и здравјето на растенијата за 2013 година.



qualityaustria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0

## СЕКТОР ЗА ГРАНИЧНА ВЕТЕРИНАРНА ИНСПЕКЦИЈА

### I. ВОВЕД

Определбата на Република Македонија за пристапување во ЕУ и должностите за спроведување на Спогодбата за стабилизација и асоцијација, ја утврдуваат потребата за усогласување на националното законодавство од областа на безбедноста на храната со соодветното ЕУ Acquis, како и негова целосна имплементација во секторот храна.

Поглавјето 12 од Националната Програма за усвојување на правото на Европската Унија, Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика, преку соодветните надлежни органи одговорни за безбедност на храната во Република Македонија, детално ја разработува оваа област, почнувајќи од примарното производство на храна до нејзината употреба од страна на крајниот потрошувач.

Со одредени број легислативни акти (опфатени со Поглавјето 12), Европската Унија го дефинира системот на безбедност на храна како единствен систем од фарма до трпеза, со покривање на сите сектори на ланецот на исхрана, вклучително и производството на добиточна храна и исхрана на животните, примарното производство, преработката на храната, складирањето и дистрибуцијата, здравствената заштита и благосостојба на животните.

**Агенција за храна и ветеринарство на Република Македонија (понатаму во текстот АХВ)** ја  воспостави својата функција **со донесување на Законот за безбедност на храната** („Службен весник на Република Македонија" бр **157/10) од 01 јануари 2011 година.**

АХВ, е самостоен орган на државната управа со својство на правно лице, и е  надлежен орган за вршење на работите во областа на безбедноста на храна и храна за животни, спроведување, контрола, надзор и следење на ветеринарните активности во областа на здравствената заштита на животните, нивна благосостојба, ветеринарното јавно здравство, како и контрола на лаборатории кои даваат поддршка за потребите на Агенцијата.

АХВ, конторолните системи во интегрираниот систем на контрола на храна ги класифицира во 11 области меѓу кои и : контролен систем за храна од животинско потекло (Control system for food of animal origin); контролен систем за увоз на храна од животинско потекло (Control system for imports of food of animal

origin);контролен систем за генерална безбедност на храната (Control system for general food hygiene) контролен систем за увоз на храна од растително потекло (Control system for imports of food of plant origin); контролен систем за пестициди (Control system for pesticides); и контролен систем за благосостојба на животните (Control system for animal welfare).

Согласно Правилникот за систематизација на работните места во состав на АХВ Бр. 01-4071/3 од 09.10.2012 година, како и измените и дополните со Бр. 01-2137/1 од 07.05.2013 година , Бр. 01-539/1 од 29.01.2015 година како и Бр. 01-795/1 од 05.02.2015 година, функционираат седум сектори и тоа: Сектор за гранична инспекција, Сектор за здравствена заштита и благосостојба на животните, Сектор за ветеринарно јавно здравство, Секотор за храна од неживотинско потекло, Сектор за ЕУ и меѓународна соработка, Сектор за правни и административни работи и Сектор за стручна подршка.

На централно ниво Секторот за гранична инспекција опфаќа три одделенија и тоа: Одделение за државна ветеринарна инспекција за граничен премин, Одделение за меѓународна трговија и сертификација, и Одделение за државна инспекција за граничен премин за храна од неживотинско потекло.

Ветеринарната инспекција на граничните премини е организирана во состав на Одделението за државна ветеринарна инспекција за граничен премин, кое на центрлано ниво брои 4 државни службеници- доктори по ветеринарна медицина. Граничните премини каде се дозволени увозот и провозот на пратките опфатени со Законот за ветеринарното здравство ги определува Владата на Република Македонија со Одлука ( „Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2010 ). Ветеринарната проверка и преглед на пратки живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло се спроведуваа од страна на **19 официјални ветеринари распоредени на ветеринарни инспекциски места на 9 гранични премини.**

Обврската на Република Македонија да организира ветеринарна контрола на граничните премини произлегува од Законот за ветеринарното здравство, Кодексот на Меѓународната организација за здравствена заштита на животните (ОИЕ) со седиште во



quality austria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0

Париз чиј член е и Република Македонија, меѓународните билатерални договори за соработка во областа на ветеринарството и меѓународните конвенции за контрола на стоки на границите.

Врз основа на Законот за ветеринарно здравство, официјалниот ветеринар на граничниот премин при службен надзор и контрола има право и должност да
врши ветеринарни проверки и прегледи на пратките со живи животни и производи од животинско потекло.

Секторот за гранична ветеринарна инспекција во идниот период ќе продолжи да ги спроведува активностите во делот на усогласување на легислативата согласно европските стандарди, што суштински преставува усогласување и примена на ЕУ принципите и политиките во согласност со европските норми, преку спроведување на веќе изготвените законски акти како и со донесување на идните, предвидени со Поглавјето 12 од Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија.
Спроведување на горенаведените активности ќе придонесе за непречено остварување на целосната легислатива од областа на ветеринарното здравство во делот на граничната ветеринарна инспекција, со што би се постигнало соодветно управување во ветеринарната инспекциска служба од една страна и воспоставување контролен систем компатибилен со контролниот во ЕУ од друга страна, но и директна одговорност од страна на ветеринарните инспекциски служби, а како последица на тоа, успешно спроведени ветеринарни контроли согласно високите ЕУ стандарди.

Со овој нов реорганизиран концепт, Секторот за гранична инспекција (понатаму во текстот: Сектор за ГИ)- со трите одделенија како дел од **АХВ,** во текот на 2014 година вложи посебни напори за реализација на неколку проекти од исклучителна важност за воспоставувањето на контролен систем компатибилен со контролниот во ЕУ, се со цел да се зголеми ефикасноста и ефективноста на инспекциските контроли при што нема да биде доведено во прашање здравјето на луѓето, животните и животната средина, и тоа:

1. Идентификување на приоритетните области и активности **за олеснување на меѓународната трговија, ја наметна** потребата АХВ да спроведе активности за намалување на трошоците и олеснување на трговијата. Проектот кој беше инициран и подржан од Светска Банка (***World Bank***) - Меѓународната Финансиска Корпорација ***(IFC Europe and Central Asia Department*** - ***Regional Trade Logistics Project***). Согласно акциониот план, Секторот за ГИ пристапи кон реализација на низа активности за олеснување на меѓународната трговијата, што секако е во насока со препораките на ЕУ за воспоставување на



quality austria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0
ОБ 4.2.3-07в01

инспекциски контроли согласно високите ЕУ стандарди и добрите практики. За таа цел, **за прв пат е развиен МОНИТОРИНГ ПЛАН за пратки од увоз**.

2. Врз основа на направената анализа на ризик во 2013 година се **изготвија 4 планови за мониторинг на пратките од увоз за 2014 година:** за храна од животинско потекло, храна за исхрана на животни, храна од неживотинско потекло и за материјали кои доаѓаат во контакт со храната. Истовремено започнавме со измена на законодавството со цел имплементација на плановите за мониторинг.

3. Во поглед на правната рамка за спроведување на плановите за мониторинг, донесено е Упатство за спроведување на годишната програма за мониторинг на храната од животинско и неживотинско потекло, храната за животни и материјалите кои доаѓаат во контакт со храната од увоз за 2014 година. Исто така, донесена е и стратегија за анализа на ризик која ги опфаќа активностите предвидени за 2014 година во поглед на олеснување на меѓународната трговија и ефективна и ефикасна инспекциска контрола која обезбедува заштита на здравјето на луѓето и животните.

4. Со воспоставување на погоре наведениот **Мониторинг план, се очекува:**

- **Намалување на фрекфенцијата на преглед на пратките на граничен премин;**
- **Намалување на времетраењето на прегледот со поедноставување на увозните постапки** со намалување, усогласување и хармонизирање на документираните барања и постапки, што секако е основа и за воспоставување на меѓуагенциска координација (SPS надлежни органи со Царинската управа) во областа на управување со ризик и контрола на увозно/извозните постапки, кои се есенцијални во воспоставувањето на билатералната и регионалната соработка;
- **Редуцирање на пратките од увоз** кои ќе подлегнуваат на земање на мостра за лабораториски анализи при што значително би се намалил бројот на пратките кои ќе подлежат на лабораториска анализа за околу 50% во споредба со досегашните пратки;
- **Намалување на финансиските надоместоци** поврзани со увозно/извозните постапки;



qualityaustria SYSTEM CERTIFIED ISO 9001:2008 No.15994/0

- **Ставање на јавното мислење во фокусот на вниманието на надлежните органи** за ветеринарна контрола, безбедност на храна и санитарната-фитосанитарната контрола.

5. Како дополнителна активност за поддршка на процесот на имплементирање на Мониторинг планот врз база на ризик анализа за пратките од увоз која започна во 2013 година и продолжи во текот на целата 2014 година е: **надоградба и подобрување на сите модули од *"Главен информативен систем за гранична инспекција"*** кој е оперативен софтверски систем за граничната инспекција од 2007 година. Во рамки на оваа активност се изготви и се имплементира комплетно нов модул за увоз на храна од неживотинско потекло.
6. Согласно активностите предвидени со рамковниот договор од инструментот ИПА 2015 Капацитетите за вршење ветеринарни контроли при увозот на граничните премини ќе бидат дополнително зајакнати со изградба на објекти и опремување на ветеринарното инспекциско место на граничен премин –Блаце. Активноста е поддржана преку инструментот -ИПА 2015, од каде се обезбедени се средства за склучување на договор за започнување на изградба на објекти на ГП Блаце за ветеринарна и фитосанитарна контрола, како и договор за надзор над изградбата. ВИМ на ГП Блаце е главната артерија за проток на пратки од животинско потекло, кои како прекуокеански пратки најчесто од САД, Бразил и Аргентина пристигнуваат на пристаништето во Бар-Црна Гора, како и од пристаништето во Драч-Албанија. Со подобрување на патната инфраструктура во северниот дел на Република Албанија значително се зголеми бројот на транспортни компании кои го избираат токму овој ГП а не ГП Ќафасан, поради географската местоположба и близината до главиот град на Република Македонија. Инспекциското место на ГП Ќафасан, сеуште нема исполнети условите за добивање на градежни дозволи од причина што не е завршена експропријацијата на земјиштето каде треба да бидат изградени објектите.

Соработката со Меѓународната Финансиска Корпорација која се воспостави во 2014 година, ќе продолжи и во 2015 година, при што ќе се воведе софтверска поддршка за нотифицирање на небезбедните пратки кои се увезуваат на граничните премини (по примерот на RASFF сисемот), како и софтвер за собирање на податоци од овластените лаборатории. Пред целосна имплементација на мониторинг плановите предвидена е обука за официјалните ветеринари и државните инспектори за храна на граничните премини

и завршување на активностите за воведување и подобрување на модулите на “Главниот информативен систем за гранична инспекција“.

Секторот за ГИ- со трите одделенија како дел од **АХВ во текот на 2014 година** продолжи и со тековните **активнстите во процесот на:**

- **усвојување на препораките** добиени од Кодекс алиментариус, Светската организација за заштита на здравјето на животните (OIE), Европската агенција за безбедност на храна (ЕФСА),
- **спроведување на најдобрите пракси** согласно европските стандарди, се со цел подобрување на деловната клима во Република Македонија како дел од државите на Западен Балкан и нивниот стремеж-интегрирање во Евроатлантските структури, во таа насока **и**
- **спроведување на насоките од ЦЕФТА-Договорот за слободна трговија** како дел од пактот за стабилност за земјите од југоисточна Европа, како и
- **Спроведување на активностите во делот на веќе воспоставениот Систем на Интегрираното гранично управување**, врз основа на Стратегијата за интегрираното гранично управување и Националниот акционен план за интегрирано гранично управување, со што се овозможува олеснување на протокот на лица и стоки преку државната граница.

АХВ како орган вклучен во Интегрираното гранично управување, преку **Секторот за гранична инспекција во 2014 година,** продолжи со превземање организирани и координирани мерки посебно **со царинските служби и граничната полиција како и сите други јавни служби присутни на граничните премини** во надзорот на законитоста на влезот и излезот на стоки и превозни средства, спречувањето и откривањето на сите видови на шверц преку граничните премини, контрола и спречувањето на преносот на материи и заразни болести што ги загрозуваат луѓето и стоките.**Активности во рамки на Националниот координативен центар за *Интегрирано гранично управување*** -ИГУ

Активностите во рамки на Националниот координативен центар за Интегрирано гранично управување воглавно се однесуваа на тековни ***координации*** меѓу институциите кои се дел од ИГУ и тоа пред се со Царинската управа, и Министерството за внатрешни работи и Министерството за надворешни работи.



qualityaustria SYSTEM CERTIFIED ISO 9001:2008 No.15994/0
ОБ 4.2.3-07в01

Во текот на 2014 година во координација со колеги од Секторот за европска унија и полициски советници од СГРМ учествуваме во креирање на идната петгодишна ***стратегија за интегрирано гранично управување***, како и ***петгодишниот и годишниот акциски план***, кој во Јануари 2015 година е испратен на мислење во седиштето на Европската комисија во Брисел.

Преку Кабинетот на Директорот на бирото за јавна безбедност до министерот е доставена проблемска информација за непостапувањето на Агенцијата за управување со одземен имот во случаи на заплена на жива стока. За проблемот, информација беше доставена и до Владата на РМ, по што произлезе обврзувачки заклучок за Агенцијата, но и понатаму проблемот не е решен. ***Стратешка анализа*** се изработува врз основа на добиените податоци од Министерствата кои учествуваат во работата на НКЦГУ и тоа преку офицерите за врска од надлежните министерства како и институциите деташирани во НКЦГУ за тримесечен период.

Редовни состаноци на ***Националното советодавно тело*** кое е работно тело на НКЦГУ во чиј состав се вклучени офицерите за врска од сите министерства и институции и чиј претседател е Заменикот на Националниот Координатор.

Следење и подготвување на тековни извештаи за Rasff системот (Rapid Alert System for Food and Feed) т.е. припрема на дневни и неделни табели и редовно проследување на истите.

Официјалните контроли при увоз на храна од неживотинско потекло и предмети и материјали кои доаѓаат во контакт со храна на граничен премин е организирана во состав на Одделението за државна инспекција на граничен премин за храна од неживотинско потекло. Увозот на храна од неживотинско потекло и предмети и материјали кои доаѓаат во контакт со храна се врши на 10 гранични премини, а инспекциските места на граничен премин за проверка и преглед на пратки со храна од неживотинско потекло кои се увезуваат во Република Македонија се определени со **Решението за определување на инспекциски места на граничен премин за увоз на храна од неживотинско потекло („Службен весник на Република Македонија“ бр.161/2011 и 68/2013).**

Во рамките на Секторот за гранична инспекција, во Одделението за меѓународна трговија и сертификација се врши и усогласување, односно изработка на ветеринарно-здравствени сертификати за увоз во Република Македонија на живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло, како и здравствени сертификати за увоз на нус производи и храна за исхрана на животни.

Покрај увозната сертификација, се изработуваат и извозните ветеринарно здравствени сертификати за земјите на Европската Унија и други трети земји, со кои Република Македонија има соработка во делот на нејзините надлежности.
Во тек на 2014 година вкупно се изработени 40 ветеринарно-здравствени сертификати на повеќе светски јазици.
Моделите на ветеринарно-здравствените сертификати наменети за увоз во Република Македонија, се пропишуваат во подзаконските акти и се во согласност со европското законодавство. Во рамките на Одделението за меѓународна трговија и сертификација се врши коресподенција со надлежните органи, амбасадите и дипломатските претставништва на земјите извознички со цел
усогласување на условите за увоз и ветеринарно-здравствените сертификати во смисла на поедноставување на постапките и олеснување на трговијата.

**ЦЕФТА**

Како дел од Процесот на стабилизација и асоцијација, во 2006 година Република Македонија го потпиша ЦЕФТА договорот. ЦЕФТА 2006 претставува сеопфатен договор за слободна трговија, кој цели кон целосна либерализација на трговијата во регионот, како и кон решавање на различните нецарински бариери во трговијата, кои меѓу другото ги вклучуваат и санитарните и фитосанитарни прашања. Агенцијата за храна и ветеринарство, е надлежна институција за спроведување на релевантната СПС политика во Република Македонија, како во решавањето на одредени задачи и прашања во однос на истата. Согласно оваа надлежност, Агенцијата за храна и ветеринарство е задолжена за доставување на информации и надградување на ЦЕФТА СПС дата базата, која е воспоставена во текот на 2014 година,а која што претставува важен инструмент за трговските партнери, како во рамките на ЦЕФТА, така и на меѓународно ниво.

Следејќи го принципот на ротација на земјите членки за претседавање, во 2014 година Република Македонија по втор пат после 2007 година претседаваше со ЦЕФТА 2006 Договорот.
Во рамки на претседавањето на Република Македонија со ЦЕФТА 2006, на 9 – 10 јуни 2014 година во Скопје се одржа официјален состанок на Поткомитет на ЦЕФТА за земјоделство кој ги вклучува и санитарните и фитосанитарните прашања.
Од 19 до 20 Ноември во рамки на ЦЕФТА неделата што се одржа во Скопје, беа организирани работни сесии и дискусии на кои беа разменети искуства од примената на ЦЕФТА договорот со цел да се подобри севкупната економска соработка во регионот.



qualityaustria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0

Настанот беше вовед во седницата на Мешовитиот комитет на ЦЕФТА на која беа финализирани активностите од претседателството на Македонија со ЦЕФТА во 2014 година.

## СТО

Република Македонија како земја членка на Светската Трговска Организација и потписник на Спогодбата за примена на Санитарни и фитосанитарни мерки, има обврска да почитува одредени правила во делот на трговијата со живи животни и производи од животинско и неживотинско потекло, во делот на нивниот увоз
и спроведување на официјалните контроли.
Агенцијата за храна и ветеринарство има надлежност за донесување и воспоставување на санитарни мерки, кои имаат за цел да го заштитат јавното здравје и здравјето на животните, а во исто време е и надлежна институција за спроведување на обврските кои произлегуваат од СПС спогодбата. Согласно Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на информативни и контактни тела на Владата на Република Македонија за Светската трговска организација, донесена од Владата на Република Македонија под бр. 41-10606/1-13 од 14.01.2014, националното Информативно тело за санитарни и фитосанитарни мерки е воспоставено во Агенцијата за храна и ветеринарство. Исто така, од Агенцијата за храна и ветеринарство номинирани се одговорни лица за одговарање на релевантни прашања од другите земји.
При тоа треба да се спомене дека санитарните и фитосанитарните мерки се воспоставуваат врз основа на меѓународно признаени стандарди, насоки и препораки и истите можат директно или индиректно да влијаат на меѓународната трговија.

Во доставениот извештај се презентира работењето на **Секторот за гранична инспекција-Оделение за државна ветеринарна инспекција на граничен премин, Одделение за меѓународна трговија и сертификација и Одделение за државна инспекција за граничен премин за храна од неживотинско потекло во 2014 година**. Извештајот се состои од осум дела и тоа: Дел 1- Општ преглед на фреквенција на пратки во увоз и транзит на ветеринарни инспекциски места на граничните премини во Република Македонија во 2014 година, Дел 2- Преглед на увезени пратки млеко и производи од млеко во 2014 година, Дел 3- Преглед на увезени пратки месо и производи од месо во 2014 година, Дел 4- Преглед на увезени пратки акватични животни и производи од аквакултура во 2014 година, Дел 5- Преглед на увезени пратки живи животни во 2014 година, Дел 6- Остварени финансиски средства од проверки и прегледи на пратки од животинско потекло на ветеринарни инспекциски места на гранични премини во 2014 година, Дел 7-



qualityaustria SYSTEM CERTIFIED ISO 9001:2008 No.15994/0

Остварени финансиски средства од проверки и прегледи на пратки од животинско потекло на ветеринарни инспекциски места на гранични премини во 2014 година, Дел 8-Преглед на пратки кои при увозната постапка на инспекциски места на граничните премини во Република Македонија во 2014 година се предмет на лабораториска анализа како и предмет на уништување или враќање во земјата на потекло, Дел 9-Преглед на контролирани и увезени пратки од неживотинско потекло во 2014 година и Дел 10-Преглед на контролирани и увезени пратки производи и материјали што доаѓаат во контакт со храна во 2014 година.

## II. ПРИЛОГ

### ДЕЛ 1

### ОПШТ ПРЕГЛЕД НА ФРЕКВЕНЦИЈА НА ПРАТКИ ВО УВОЗ И ТРАНЗИТ НА ВЕТЕРИНАРНИ ИНСПЕКЦИСКИ МЕСТА НА ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2014 ГОДИНА

Во 2014 година увезени се 13.927 пратки, при што најголем број пратки се увезени на ветеринарното инспекциско место на граничен премин Табановце и тоа 80%. На ветеринарното инспекциско место на граничен премин Богородица се увезени 12% пратки, а останатите 7% од увезените пратки се внесени на другите ветеринарни инспекциски места на граничен премин.

Во 2014 година има вкупно 2.822 пратки во транзит, од кои 1. 131 пратки минале на ветеринарното инспекциско место на граничен премин Табановце, 562 пратки на Богородица, 903 пратки на ветеринарното инспекциско место на граничен премин Деве Баир, 133 пратки на Ново Село, 82 пратки на Ќафасан, додека значително помалку пратки транзитирале низ останатите ветеринарно инспекциски места, и тоа 8 пратки на Блаце и 3 пратки на Меџитлија. (табела 1 и слика 1).

***Табела 1:*** *Број на пратки од животинско потекло кои се увезени и транзитирале на ветеринарни инспекциски места на граничен премин во 2014 година*

| Ветеринарни инспекциски места на граничен премин | Увоз | Транзит | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Табановце | 11.204 | 1.131 | **12.335** |



quality austria SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0

| | | | |
|---|---|---|---|
| Богородица | 1.669 | 562 | 2.231 |
| Деве Баир | 391 | 903 | 1.294 |
| Ќафасан | 330 | 82 | 412 |
| Меџитлија | 126 | 3 | 129 |
| Аеродром Скопје | 73 | 0 | 73 |
| Ново Село | 68 | 133 | 201 |
| Блаце | 66 | 8 | 74 |
| Вкупно | 13.927 | 2.822 | 16.749 |




*Слика 1. Вкупен број на увезени и транзитни пратки на ветеринарни инспекциски места на граничен премин во 2014 година*



quality austria SYSTEM CERTIFIED ISO 9001:2008 No.15994/0
ОБ 4.2.3-07в01

Во периодот од 2009 до 2014 година во Република Македонија просечниот број на внесени – увезени пратки е 12.856, а просечниот број на пратки во транзит е 2.986.

Споредбено во периодот од 2009 до 2014, број на увезени пратки линеарно се зголемува,што не е случај и со пратките во транзит , каде се забележува благ пад на пратките во транзит.

Спредбено 2014 година со 2013 година, бројот на пратки од увоз е со незначителен пораст од 2 %, додека пак незабележителен пад од 1% има кај пратките од животинско потекло кои транзитирале низ Република Македонија.

Пикот во однос на бројот на увезени пратки за периодот од шест години: 2009 до 2014 година, согласно податоците, останува да важи за 2012 година, што не е случај и кај бројот на пратки во транзит, пикот е во 2009 година.

Во однос на просекот, во 2013 година, бројот на пратки од увоз е зголемен за 8%, а на пратките во транзит е намален за 5,5% (табела 2 и слика 2).

***Табела 2:*** *Број на пратки кои поминале на граничните премини при увоз и транзит во Република Македонија од 2009 до 2014 година*

| | Година | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | Просечно 2009-2014 |
| **Увоз** | 10.008 | 11.173 | 13.560 | 14.832 | 13.638 | 13.927 | 12.856 |
| **Транзит** | 3.348 | 2.830 | 3.285 | 2.787 | 2.842 | 2.822 | 2.986 |
| **Вкупно** | **13.356** | **14.003** | **16.845** | **17.619** | **16.480** | **16.749** | **15.661** |



quality austria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0




*Слика 2. Вкупен проток на пратки од животинско потекло (при увоз и транзит) на ветеринарни инспекциски места на граничен премин во периодот од 2009 до 2014 година*

## ДЕЛ 2

## ПРЕГЛЕД НА УВЕЗЕНИ ПРАТКИ МЛЕКО И ПРОИЗВОДИ ОД МЛЕКО ВО 2014 ГОДИНА

Во 2014 година во Република Македонија увезени се вкупно 974 пратки односно 15.756.919 килограми млеко и тоа само на ветеринарното инспекциско место на граничен премин Табановце. Најголем увоз на млеко има од земјите од регионот или ЦЕФТА договорот и тоа: 574 пратки (11.296.562 кг или 72%) од Босна и Херцеговина, Србија со 147 пратки (2.107.983 кг или 13.4%). Со значителен удел во увозот на млеко се истакнуваат и земјите од Европската Унија: Хрватска со 150 пратки (808.862 кг или 5.1%) , Словенија со 80 пратки (1.469.993 или 9%) . Останатите 73.519 кг или околу 0.5% се увоз од Белгија, Германија, Словачка, Франција и Шпанија.

Ситуацијата на откриени резидуи- ***Афлатоксин*** во млекото со потекло од Србија и Хрватска, која беше објавена во 2013 година се одрази со негативен тренд/ пад на увезени количини млеко од овие држави и во 2014 година. Споредбено со 2012 година увозот на млеко од Србија бележи пад од 68%, односно 70% од Хрватска во споредба со увезените количини млеко од овие земји пред 2013 година т.е. во 2012 година. Како последица од ова се забележува висок раст од 187% на количините увозено млеко од Словенија во 2014, споредбено со 2012 година (512.081 кг во 2012 год.).

Во вкупната количина на млеко и производи од млеко (4.480 пратки, односно 35.172.127 кг ) што се увезени во Република Македонија во текот на 2014 година, производите од млеко учествуваат со 55.2%, односно увезени се вкупно 3.506 пратки или 19.415.208 килограми (слика 3 и табела 3 ).




***Слика 3.*** *Приказ на соодносот на увезени количини млеко и производи од млеко 2014 година*

*Табела 3: Број на пратки и количина во килограми производи од млеко кои поминале на граничните премини при увоз во Република Македонија во 2014 година*

| Ветеринарни инспекциски места на граничен премин | Број на пратки производи од млеко | Количина (кг), производи од млеко |
|---|---|---|
| Табановце | 3.254 | 18.356.812 |
| Богородица | 145 | 632.508 |
| Деве Баир | 61 | 295.364 |
| Меџитлија | 19 | 85.756 |
| Ќафасан | 13 | 20.820 |
| Аеродром Скопје | 7 | 231 |
| Ново Село | 7 | 23.717 |
| Блаце | / | / |
| Вкупно | **3.506** | **19.415.208** |



qualityaustria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0

**Дел 3.1**

**Преглед на увезени пратки производи од млеко по Граничен премин**

**Табановце**

Како што може да се види од табела 3, најголем број на пратки на производи од млеко (3254 пратки) во нашата земја во 2014 година влегле на ветеринарно инспекциско место на граничен премин Табановце, што претставува 92.8% од вкупниот број на пратки. Како земја најголем извозник на производи од млеко во Република Македонија, се јавува Србија со 5.629.351 кг или 703 пратки, што претставува 29% вкупната увезена количина. Со значителен процент се истакнуваат и следните земји: Германија (4.781.965 кг или 24.6%), Босна и Херцеговина (1.527.674 или 7.9%), Хрватска (1.505.784кг или 7.6%), Полска (997.123 кг или 5.1%), Словенија (979.111 или 5%). Останатите 20.8% производи од млеко се увоз од Австрија, Англија, Белгија, Данска, Словачка, Унгарија, Франција, Чешка.

**Богородица**

На ветеринарно инспекциско место на граничен премин Богородица во текот на 2014 година влегле 145 пратки производи од млеко или 632.508 килограми, што претставува 3.3% од вкупно увезена количина производи од млеко во 2014 година. Најголема количина на производи увезена е од Грција, и тоа 442.207 кг, односно 69.9%. Следуваат Романија, Италија и Германија со 86.420 кг, 37.710кг и 37.450 кг соодветно. Како извозници на производи од млеко во Република Македонија со учество од 4.6% се јавуваат и Англија, Белгија, САД и Швајцарија.

**Деве Баир**

1.5% од вкупната количина на производи од млеко во 2014 година увезени се преку ветеринарно инспекциско место на граничен премин Деве Баир. Со најголем процент, односно 76.8% се јавува Романија. Следува Бугарија со количина од 52.346 кг или 17.7%. Германија, Данска, Полска и Холандија учествуваат со 5.5%

Увезената количина на производи од млеко на граничните премини **Ќафасан, Меџитлија, Аеродром Александар Велики и Ново Село** е незначителна во однос на горенаведените премини, односно преку овие гранични премини увезени се вкупно 130.524 кг односно само 0.7%.




*Слика 4.* Количини во килограми на увезено млеко и различни видови производи од млеко во 2014 година во Република Македонија

## ДЕЛ 3

## ПРЕГЛЕД НА УВЕЗЕНИ ПРАТКИ МЕСО И ПРОИЗВОДИ ОД МЕСО ВО 2014 ГОДИНА

Во 2014 година во Р. Македонија увезени се вкупно 4.741 пратки односно 64.768.284 килограми месо.
Месото од живина опфаќа 60% од вкупното увезено месо за 2014 година, со 2.928 увезени пратки односно 38.567.805 килограми.

Говедското месо опфаќа 22% од вкупното увезено месо за 2014 година, со 1.050 увезени пратки односно 14.635.577 килограми.
Свинското месо опфаќа 18% од вкупното увезено месо за 2014 година, со 763 увезени пратки односно 11.564.922 килограми.

***Табела 4:*** *Број на пратки и количина во килограми на месо и производи од месо кои поминале на граничните премини при увоз во Република Македонија во 2014 година*

| Вид на пратка | Количина во килограми | Број на пратки |
|---|---|---|
| **живинско месо** | 25.459.026 | 1.964 |
| **механички обескостено месо од живина** | 10.341.260 | 627 |
| **говедско месо** | 9.602.401 | 805 |
| **свинско месо** | 11.012.712 | 692 |
| **живински внатрешни органи** | 2.767.519 | 337 |



qualityaustria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0

| | | |
|---|---|---|
| говедски внатрешни органи | 5.033.156 | 245 |
| свински внатрешни органи | 552.210 | 71 |
| производи од месо | 7.667.606 | 1.697 |
| Вкупно | **72.619.110** | **6.438** |

**Дел 3.1**
**Преглед на увезени пратки производи од месо по Граничен премин**
**Табановце**

Најголем број на пратки на месо во нашата земја во 2014 година влегле на ветеринарно инспекциско место на граничен премин Табановце, 3 529 пратки, со количина од 45.459.728 кг во нашата земја во 2014 година влегле на ветеринарно инспекциско место на граничен премин Табановце, што претставува 75% од вкупниот број на пратки (табела 5) . При тоа 1924 пратки односно 22.706.979 кг се месо од живина, 989 пратки односно 13.952.389 кг се говедско месо и 616 пратки односно 8.800.360 кг се свинско месо. Најголем број на увезените пратки месо на овој граничен премин се со потекло од земјите членки на Европската Унија, и тоа пред се од: Германија со 8.963.249 или 638 пратки што претставува 20% од вкупната увезена количина, Полска со 7.416.555 кг или 16% од вкупната увезена количина, Австрија со 5.374.462 кг или 676 пратки што претставува 12% од увозот на месо, Словенија со 2.735.338 кг или 301 пратка, што претставува 6% од увозот на месо. Останатите земји во речиси еднаков процент учествуваат во извозот на месо во Република Македонија, а тие се: Холандија, Италија, Србија, Белгија, Унгарија и други.

**Богородица**

Во 2014 година на ветеринарно инспекциско место на граничен премин Богородица влегле 837 пратки, односно 13.445.788 кг, што претставува 18 % од вкупниот број на пратки на месо од увоз (табела 5). Од оваа количина, 698 пратки односно 10.663.265 кг се месо од живина, 124 пратки односно 2.518.584кг се свинско месо и 15 пратки односно 263.939кг се говедско месо. При тоа најголемиот број на

пратки се увоз од свинско и пилешко месо со потекло од преку-океанските земји, и тоа Канада и Бразил. Имено, од Бразил вкупно се увезени 211 пратки на месо од живина, со количина од 5.004.449 кг, што претставува 37% од вкупниот број на увезени пратки. Останатиот поголем дел на увезени пратки се по потекло од Канада, со вкупно 114 пратки на месо од живина и свинско месо, односно 2.727.363 кг што е 20% од вкупниот број пратки месо од увоз.

**Деве Баир**

Во 2014 година на ветеринарно инспекциско место на граничен премин Деве Баир влегле 189 пратки, односно 2.037.571 кг, што претставува 4% од вкупниот број на пратки на месо од увоз (табела 5) . Од оваа количина, 149 пратки односно 1.694.208 кг се месо од живина, 21 пратка односно 204.099 кг се свинско месо и 19 пратки односно 139.264 кг се говедско месо. При тоа најголемиот број на пратки се увоз од Бугарија, и тоа 64 пратки односно 726.108кг, Романија со 62 пратки односно 870.896 кг, значително помал е увозот на месо од Шпанија, со 15 пратки односно 150.998кг на месо, Германија со 12 пратки односно 127.365 кг на месо. Останатите пратки на месо се увезени од други европски земји и дел од Турција во значително помали количини.

**Ќафасан**

Во 2014 година на ветеринарно инспекциско место на граничен премин Ќафасан влегле 159 пратки месо, односно 3.770.973 кг, што претставува 3.3% од вкупниот

број на пратки на месо (табела 5) . Од оваа количина на увезено месо, најголем дел отпаѓа на месо од живина и тоа 151 пратка односно 3.580.594 кг, а само мал дел е говедско месо односно 8 пратки или 190.379 кг.

Увезената количина на месо на останатите гранични премини **Ново Село, Меџитлија, Блаце и Аеродром- Александар Велики** е незначителна во однос на горенаведените премини, и преку нив се увезени само 27 пратки односно 237.444 кг на месо (табела 5).



quality austria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0

***Табела 5:*** *Број на увезени пратки месо на ветеринарни инспекциски места на граничен премин во 2014 година*

| Ветеринарни инспекциски места на граничен премин | Број на пратки месо | Количина (кг) |
|---|---|---|
| Табановце | 3.529 | 45.459.728 |
| Богородица | 837 | 13.445.788 |
| Деве Баир | 189 | 2.037.571 |
| Ќафасан | 159 | 3.770.973 |
| Меџитлија | 6 | 28.622 |
| Аеродром Скопје | / | / |
| Ново Село | 20 | 182.341 |
| Блаце | 1 | 26.481 |
| Вкупно | 4.741 | 64.768.284 |

Во 2014 година увезени се вкупно 1.697 пратки производи месо односно 1.042.307кг.
При тоа најголем процент од пратките производи од месо и тоа 92% од вкупниот увоз се увезени на ветеринарно инспекциско место на граничен премин Табановце. Приказ на увозот на производи од месо на ветеринарни инспекциски мести на гранични премини, (табелата 6).



qualityaustria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0
ОБ 4.2.3-07в01

***Табела 6:*** *Број на увезени пратки и килограми производи од месо прикажани по ветеринарни инспекциски места на граничен премин во 2014 година*

| Граничен премин | Број на пратки производи од месо | Количина во килограми |
|---|---|---|
| **Табановце** | 1.557 | 7.361.443 |
| **Богородица** | 47 | 34.611 |
| **Деве Баир** | 7 | 10.836 |
| **Меџитлија** | 13 | 15.634 |
| **Ќафасан** | 47 | 178.800 |
| **Блаце** | 23 | 62.056 |
| **Аеродром Александар Велики** | 3 | 4.226 |
| **Вкупно** | 1.697 | 7.667.606 |



qualityaustria SYSTEM CERTIFIED ISO 9001:2008 No.15994/0




*Слика 5.* *Приказ на количество во килограми на увезени пратки месо по категории во 2014 година*




***Слика 6.*** *Компаративен приказ на увезени количини месо во периодот од 2009 до 2014 година*

## ДЕЛ 4

## ПРЕГЛЕД НА УВЕЗЕНИ ПРАТКИ АКВАТИЧНИ ЖИВОТНИ И ПРОИЗВОДИ ОД АКВАКУЛТУРА ВО 2014 ГОДИНА

Во 2014 година увезени се вкупно 793 пратки производи од риба и производи од аквакултура (разладена, замрзната, солена, чадена риба како и рибино масло), или 7.830.676 кг, (табела 7).

***Табела 7:*** *Број на увезени пратки и килограми производи од риба и производи од аквакултура прикажани по ветеринарни инспекциски места на граничен премин во 2014 година*

| Ветеринарни инспекциски места на граничен премин | Број на пратки производи од риба | Количина (кг) производи од риба |
|---|---|---|
| Табановце | 265 | 1.231.520 |
| Богородица | 441 | 5.439.936 |
| Деве Баир | 614 | 62.760 |
| Ќафасан | 1362 | 897.820 |
| Меџитлија | 1915 | 1965 |
| Аеродром Скопје | 74 | 70 |
| Ново Село | 72 | 2000 |
| Блаце | / | / |
| **Вкупно** | **793** | **7.830.676** |

Дел 4.1

**Преглед на увезени пратки производи од риба и производи од аквакултура по Граничен премин**

**Богородица**

Најголем број на пратки на производи од риба вклучително и аквакултура (441 пратки) во нашата земја во 2014 година влегле на ветеринарно инспекциско место на граничен премин Богородица, што претставува 55.6% од вкупниот број на пратки производи од риба и производи од аквакултура (табела 7). Како земја најголем извозник на производи од риба вклучително и аквакултура во Република Македонија, се јавува Аргентина со 2.716.286 кг, што претставува 49.9% вкупната увезена количина. Со значителен процент се истакнува и следната земја: Тајланд (1.086.279 кг или 20%). , како и Грција (264.901кг или 4.9%).Следуваат Мароко, Нов Зеланд, Филипини, Шпанија со ~2%.

**Табановце**

На ветеринарно инспекциско место на граничен премин Табановце во текот на 2014 година влегле 265 пратки производи од риба вклучително и аквакултура или 1.231.520 килограми, што претставува 15.7% од вкупната увезена количина (табела 7).

Најголема количина на производи увезена е од Хрватска, и тоа 360.431 кг, односно 29.3%. Следуваат Полска и Естонија со 251.121 кг и 110.342 кг соодветно. Како извозници на производи од риба вклучително и аквакултура се јавуваат и Виетнам, Германија, Норвешка.

**Ќафасан**

11.5% од вкупната количина на производи од риба вклучително и аквакултура во 2014 година увезени се преку ветеринарно инспекциско место на граничен премин Ќафасан. Со најголем процент, односно 34.9% се јавува Тајланд. Следуваат Аргентина со количина од 180.788 кг или 20% и Шпанија со 128.222 кг или 14.3%. Како извозници на производи од риба вклучително и аквакултура во 2014 година во нашата земја се јавуваат и: Албанија, Бразил, Виетнам, Тунис, Филипини.

Увезената количина на производи од млеко на граничните премини **Деве Баир, Меџитлија, Аеродром Александар Велики и Ново Село** е незначителна во однос на горенаведените премини, односно преку овие гранични премини увезени се вкупно 66.795 кг односно само 0.85%.




*Слика 7. Приказ на земји извозници на производи риба и аквакултура во 2014 година. Шематскиот приказ е по земја и удел во количина увезени килограми*

# ДЕЛ 5

## ПРЕГЛЕД НА УВЕЗЕНИ ПРАТКИ ХРАНА ЗА ДОМАШНИ МИЛЕНИЦИ И ХРАНА ЗА РИБИ ВО 2014 ГОДИНА

Во 2014 година во Република Македонија увезени се вкупно 294 пратки храна за домашни миленици или 2.247.229 кг, кои согласно легислативата се вклучени во нус-производи од животинско потекло или NHC (Not for Human Consumption).

***Табела 8:*** *Број на увезени пратки и килограми храна за домашни миленици прикажани по ветеринарни инспекциски места на граничен премин во 2014 година*

| Ветеринарни инспекциски места на граничен премин | Број на пратки | Количина (кг) |
|---|---|---|
| Табановце | 241 | 1.625.663 |
| Богородица | 8 | 83.124 |
| Деве Баир | 19 | 158.946 |
| Ќафасан | 9 | 145.771 |
| Меџитлија | 17 | 233.725 |
| Аеродром Скопје | / | / |
| Ново Село | / | / |
| Блаце | / | / |
| Вкупно | 294 | 2.247.229 |



quality austria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0

Дел 5.1

**Преглед на увезени пратки храна за домашни миленици по Граничен премин**

**Табановце**

72.3% (1.625.663 кг) од вкупната количина на храна за домашни миленици во 2014 година во Република Македонија увезени се преку ветеринарно инспекциско место на граничен премин Табановце (табела 8). Како најголем извозник со 30.6% од вкупната количина или 496.766 кг се јавува Германија, а следува Италија со 20.3% или 329.503 кг. Храна за домашни миленици се увезувала и од Полска (7%), Словенија (15.7%), Унгарија (13.5%) и Франција (6.2%), а во незначителни количини и од Холандија, Чешка и Белгија.
Количината на храна за домашни миленици увезена преку останатите гранични премини е многу помала, односно следуваат **Меџитлија** со 233.725 кг (10.4%), **Деве Баир** 158.946 кг (7.1%), **Ќафасан** 145.771 кг (6.5%) и **Богородица** 83.124 кг (3.7%), (табела 8).



qualityaustria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0




***Слика 8****. Приказ на земји извозници на храна за домашни миленици во 2014 година. Шематскиот приказ е по земја и количина увезени килограми*

Во 2014 година во Република Македонија увезени се вкупно 103 пратки храна за риби или 1.934.270 кг. на четири гранични премини кои согласно легислативата се вклучени во нус-производи од животинско потекло или NHC (Not for Human Consumption).

*Табела 9: Број на увезени пратки и килограми* храна за храна за риби *прикажани по ветеринарни инспекциски места на граничен премин во 2014 година*

| Ветеринарни инспекциски места на граничен премин | Број на пратки | Количина (кг) |
|---|---|---|
| Табановце | 84 | 1.624.028 |
| Богородица | 13 | 254.850 |
| Деве Баир | / | / |
| Ќафасан | 4 | 55.195 |
| Меџитлија | / | / |
| Аеродром Скопје | 2 | 197 |
| Ново Село | / | / |
| Блаце | / | / |
| **Вкупно** | **103** | **1.934.270** |

Дел 5.2

## Преглед на увезени пратки храна за исхрана на риби по Граничен премин Табановце

Приближно 84% или 1.624.028 кг од вкупната количина на храна за исхрана на риби во 2014 година во Република Македонија увезени се преку ветеринарно инспекциско место на граничен премин Табановце (табела 9). Како најголем извозник со 47.9% од вкупната количина или 778.558 кг се јавува Полска, а следуваат Холандија, Италија и Австрија со 329.140 кг (20.3%), 255.005 кг (15.7%) и 191.750 кг (11.8%).

Увезената количина на храна за исхрана на риби на останатите гранични премини е незначителна во однос на Табановце, односно преку овие гранични премини увезени се вкупно 310.242 кг односно само 4.3%.




*Слика 9. Приказ на земји извозници на храна за риби во 2014 година. Шематскиот приказ е по земја и количина увезени килограми*

## ДЕЛ 6

## ПРЕГЛЕД НА УВЕЗЕНИ ПРАТКИ ЖИВИ ЖИВОТНИ ВО 2014 ГОДИНА

Увозот на живи животни во Република Македонија се остварува преку патниот сообраќај, како и преку воздушен сообраќај, што директно зависи од видот на животните како и нивната крајна намена. Имено преку патниот сообраќај се увезуваат крупните видови животни ( говеда, овци, свињи и коњи) чија намена е одгледување, продукција и колење после увозот во Република Македонија. Исто така преку патен сообраќај се увезуваат еднодневните пилиња наменети за бројлерско производство или несење. Потеклото на пратките живи животни е пред се од земјите членки на ЕУ и земјите членки на ЦЕФТА ( Србија и Босна и Херцеговина). Пратките, украсни риби, по потекло се од Израел, Индонезија, Малезија, Сингапур и Шри Ланка, а нивниот увоз се остварува преку авионски сообраќај – Аеродром Александар Велики.

Во 2014 година, значително е зголемен увозот на бумбари и корисни инсекти кои служат за опрашување на растенија, а истиот се остварува пред се преку авионски сообраќај –ветеринарно инспекциско место на граничен премин Аеродром Александар Велики, помал дел пристигнуваат преку патен сообраќај на граничните премини Деве Баир и Богородица.

**Приказ на увоз на живи животни по гранични премини**

- На ветеринарно инспекциско место на ГП Табановце, во 2014 година се увезени 1.054 живи животни од видот говеда, 528 живи животни од видот овци, 2.682 живи животни од видот свињи, 179.300 живи животни живина, 83 диви живи животни и 11 спортски коњи.
- На ветеринарно инспекциско место на ГП Аеродром – Александар Велики увезени се 93.339 единки украси рипки.
- На ветеринарно инспекциско место на ГП Богородица, во 2014 година се увезени 562.690 броја живина.



qualityaustria SYSTEM CERTIFIED ISO 9001:2008 No.15994/0

- На ветеринарно инспекциско место на ГП Ново Село, во 2014 година се увезени 321 живи животни од видот говеда и 2.500 кг риба за одгледување и насадување.
- На ветеринарно инспекциско место на ГП Меџитлија, во 2014 година увезени се 36.500 еднодневни пилиња и 28 диви животни за одгледување.

***Табела 10:*** *Број на увезени живи животни во Република Македонија по видови (species) и по земја на потекло на ветеринарни инспекциски места на ГП во 2014 година*

| Животински вид | Број на животни | Земја на потекло | Вид на Транспорт | ВИМ на ГП | Крајна дестинација |
|---|---|---|---|---|---|
| **Домашни животни од видот говеда (Bos taurus, Bison bison, Bubalus bubalis и нивни вкрстени раси) наменети за приплод и/или производство по увозот** | | | | | |
| Домашни говеда за одгледување | 979 | Германија | Патен транспорт | Табановце | Битола, Делчево |
| Домашни говеда за одгледување | 45 | Италија | Патен транспорт | Табановце | Кочани |
| Домашни говеда за колење | 293 | Бугарија | Патен транспорт | Ново Село | Струмица |
| Домашни говеда за одгледување | 28 | Бугарија | Патен транспорт | Ново Село | Кочани, |



quality austria SYSTEM CERTIFIED ISO 9001:2008 No.15994/0

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Домашни говеда за одгледување | 30 | Данска | Патен транспорт | Табановце | Битола, |
| **Домашни овци (Ovis aries) и кози (Capra hircus) наменети за приплод и/или производство по увозот** | | | | | |
| Домашни овци за одгледување | 528 | Шпанија | Патен транспорт | Табановце | Скопје, Св. Николе |
| **Домашни свињи (Sus scrofa) наменети за приплод и/или производство по увозот** | | | | | |
| Домашни свињи за одгледување | 54 | Англија | Патен транспорт | Табановце | Тетово |
| Домашни свињи за одгледување | 81 | Франција | Патен транспорт | Табановце | Скопје |
| Домашни свињи за одгледување | 2.547 | Данска | Патен транспорт | Табановце | Кавадарци, Гевгелија, Велес, Св. Николе |
| **Еднодневни пилиња** | | | | | |
| Еднодневни пилиња | 124. 860 | Србија | Патен транспорт | Табановце | Скопје, Неготино, Охрид, Демир Хисар |
| Еднодневни | 526.199 | Грција | Патен | Богородица | Гевгелија, |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| пилиња | | | транспорт | | Неготино, Гостивар, Скопје, Кичево, Куманово, Струмица, Тетово, Валандово, Велес, Штип, Крушево, |
| Еднодневни пилиња | 36.500 | Грција | Патен транспорт | Меџитлија | Битола, Тетово, Демир Хисар |
| Живина за одгледување | 32.320 | Грција | Патен транспорт | Богородица | Скопје, Куманово, |
| Еднодневни пилиња | 123.930 | Бугарија | Патен транспорт | Ново Село | Гевгелија, Струмица, Берово, Кавадарци |
| Живина за одгледување | 54.400 | БИХ | Патен транспорт | Табановце | Ресен |
| **Украсни риби наменети за затворени украсни објекти** | | | | | |
| Украсни рипки | 13.787 | Израел | Авион | Аеродром, Александар Велики | Скопје |



qualityaustria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Украсни рипки | 5.096 | Индонезија | Авион | Аеродром, Александар Велики | Скопје |
| Украсни рипки | 25.284 | Малезија | Авион | Аеродром, Александар Велики | Скопје |
| Украсни рипки | 34.636 | Сингапур | Авион | Аеродром, Александар Велики | Скопје |
| Украсни рипки | 14.589 | Шри Ланка | Авион | Аеродром, Александар Велики | Скопје |
| **Животни од аквакултура наменети за одгледување, насадување, рибници и отворени украсни објекти** | | | | | |
| | 2.500 кг | Бугарија | Патен транспорт | Ново Село, Македонија | Прилеп |
| **Домашни миленици** | | | | | |
| Куче | 1 | Србија | Патен транспорт | Табановце | Скопје |
| Мачка | 1 | Јужно Афричка Република | Авион | Аеродром, Александар Велики | Скопје |
| Куче | 1 | САД | Авион | Аеродром, Александар | Скопје |



quality austria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Велики | |
| Куче | 1 | Србија | Патен транспорт | Табановце | Скопје |
| Куче | 1 | Србија | Патен транспорт | Табановце | Куманово |
| **Бумбари (*bombus spp.*) и Корисни инсекти за опрашување на растенија** | | | | | |
| Бумбари и корисни инсекти за опрашување на растенија | 30 или 115 кг, | Холандија | Авион, | Аеродром, Александар Велики, | Кочани |
| Бумбари | 6.221 или 1.310 кг 2.856 или 1.755 кг | Словачка | Авион, Патен транспорт | Аеродром, Александар Велики, Деве Баир | Богданци, Кочани, |
| Бумбари и корисни инсекти за опрашување на растенија | 70.000 или 89 кг | Италија | Патен транспорт | Богородица | Богданци |
| Бумбари | 6.422 или , 719 | Белгија | Авион | Аеродром, Александар Велики | Струмица |
| Бумбари и корисни инсекти за | 24.511 или 949 кг | Грција | Патен транспорт | Богородица, Гевгелија | Богданци |



qualityaustria SYSTEM CERTIFIED ISO 9001:2008 No.15994/0

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| опрашување на растенија | | | | | |
| **Видови од редот Artiodactyla (со исклучок на bovine animals (including Bubalus and Bison species и нивни вкрстени раси), Ovis aries, Capra hircus, Suidae и Tayassuidae), и од фамилиите Rhinocerotidae и Elephantidae*** | | | | | |
| **Видови од редот*** | 83 | Австија | Патен транспорт | Табановце | Кавадарци |
| **Видови од редот*** | 28 | Грција | Патен транспорт | Мецитлија | Кавадарци |
| **Регистрирани коњи за одгледување и расплод** | | | | | |
| Коњи | 3 | Австрија | Патен транспорт | Табановце | Кавадарци |
| Коњи | 3 | Бугарија | Патен транспорт | Деве Баир | Скопје |
| Коњи | 6 | Србија | Патен транспорт | Табановце | Кочани, Скопје |
| Коњи | 2 | Словенија | Патен транспорт | Табановце | Скопје |
| **Живи полжави** | | | | | |
| Живи Полжави | 900 | Бугарија | Патен транспорт | Деве Баир | Неготино |



qualityaustria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0

# ДЕЛ 7

## ОСТВАРЕНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД ПРОВЕРКИ И ПРЕГЛЕДИ НА ПРАТКИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО НА ВЕТЕРИНАРНИ ИНСПЕКЦИСКИ МЕСТА НА ГРАНИЧНИ ПРЕМИНИ ВО 2014 ГОДИНА

Во 2014 година, од извршените проверки и прегледи на пратки од животинско потекло, при увоз и транзит на ветеринарните инспекциски места на граничните премини во Република Македонија, остварен е финансиски приход од 95.515.700 денари (приближно 1.548.568 евра).

Најголем финансиски приход од проверка и преглед на пратки од увоз и транзит, имаат остварено ветеринарните инспекциски места на граничните премини Табановце (73%) и Богородица (16%), а сите останати премини заедно 11% (табела11).

Во однос на финансискиот приход од проверка и преглед на пратки од увоз, најголем удел имаат ветеринарните инспекциски места на граничните премини Табановце (75%) и Богородица (15%), а сите останати премини заедно 10%. Овие бројки укажуваат дека најфреквентни премини за увоз се Табановце и Богородица (слика 10).

Најголем удел во финансискиот приход од проверка и преглед на пратки од транзит, имаат ветеринарните инспекциски места на граничните премини Табановце (38%), Богородица (21%), Деве Баир (32%) и Ново Село (5%). Овие бројки укажуваат дека за транзитните пратки најфреквентни се ГП-ни: Табановце, Богородица, Деве Баир. Забележителен е падот на приходите од транзитните пратки на ГП Ново Село од 13% во 2013 година на 5% во 2014 година.

***Табела 11***: *Финанскиски приходи изразени во денари од проверки и прегледи на пратки од животинско потекло при увоз и транзит на ветеринарните инспекциски места на граничен премин во 2014 година*

| Граничен премин | Увоз | Транзит | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Табановце | 67.143.800 | 2.957.850 | 70.101.650 |
| Богородица | 13.314.150 | 1.616.650 | 14.930.800 |



quality austria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0

| | | | |
|---|---|---|---|
| Ќафасан | 3.339.150 | 251.300 | 3.590.450 |
| Деве Баир | 2.358.650 | 2.502.500 | 4.861.150 |
| Блаце | 375.100 | 24.400 | 399.500 |
| Останати (Меџитлија, Ново Село, Аеродром Александар Велики) | 1.217.350 | 414.800 | 1.632.150 |
| Вкупно | **87.748.200** | **7.767.500** | **95.515.700** |

***Табела 12:*** *Финансиски приходи изразени во денари од проверки и прегледи на пратки од животинско потекло при увоз и транзит на ветеринарните инспекциски места на граничен премин во периодот од 2009 до 2014 година*

| Година | Увоз | Транзит | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 2009 | 13.667.460 | 17.317.475 | 30.984.935 |
| 2010 | 73.896.900 | 7.743.800 | 81.640.700 |
| 2011 | 85.158.100 | 8.678.100 | 93.843.000 |
| 2012 | 90.250.475 | 7.585.250 | 97.835.725 |
| 2013 | 89.466.475 | 7.755.800 | 97.222.275 |
| 2014 | 87.748.200 | 7.767.500 | 95.515.700 |



qualityaustria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0




*Слика 10. Финансиски приходи во денари од проверки и прегледи на пратки од увоз и транзит во 2014 година*



qualityaustria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0




*Слика 11.* *Компаративен приказ на финансиски приходи во денари од проверки и прегледи на пратки во увоз и транзит во периодот од 2009 до 2014 година*

## ДЕЛ 8

## ПРЕГЛЕД НА ПРАТКИ ПРИ УВОЗНАТА ПОСТАПКА НА ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2014 ГОДИНА КОИ СЕ ПРЕДМЕТ НА ЛАБОРАТОРИСКА АНАЛИЗА КАКО И ПРЕДМЕТ НА УНИШТУВАЊЕ ИЛИ ВРАЌАЊЕ ВО ЗЕМЈАТА НА ПОТЕКЛО

Во 2014 година при извршување на задолжителната проверка и преглед на пратки од страна на официјалните ветеринари на граничните премини, со цел заштита на јавното здравје и здравјето на потрошувачите, во делот на превземање на безбедносни мерки, земени се вкупно **4.762 мостри** за анализа, што значи намалување од за 20% во споредба со лани 2013 година (5.925 мостри). Од овој број на земени 4.689 мостри се од пратки од животинско потекло како храна за исхрана на луѓе, што е за 19% помалку од 2013 година (5.780 мостри) и 73 мостри од пратки храна за исхрана на животни, што е за 50% помалку од 2013 година (143 мостри).

Согласност со утврдената годишна програма за мониторинг на пратки од увоз за 2014 година, од вкупниот број на земени мостри за анализа во 2014 година, 148 мостри се за лабораториско испитување на храна од животинско потекло и 15 мостри за храна за исхрана на животни како и 465 мостри на храна од неживотинско потекло и производи и материјали кои доаѓаат во контакт со храната. Годишната програма за мониторинг на пратки од увоз за 2014 година се реализираше во периодот од август до декември 2014 година, заради што бројот на лабораториски мостри кои се земени во согласно со оваа програма изнесува околу половина од бројот на предвидените мостри.

Во 2014 година идентификувани се 0,37 % неусогласености во однос на вкупно увезените пратки. Неусогласености се утврдени кај 42 пратки, од кои 33 се утврдени како неусогласени по однос на микробиолошките параметри и 9 пратки се идентификувани како неусогласени поради несоодветна или непотполна документација со која треба да се потврди здравствената безбедност на истите при увоз.

Како не безбедни за исхрана на луѓе, утвдени се вкупно 33 пратки од увоз или 0,37 % од вкупниот број на увезени пратки од кои 32 пратки се од групата храна за исхрана на луѓе (HC) и тоа: месо од живина, МОМ- живински, свинско месо и производи од месо. Една пратка (1) пратка е храна за исхрана на животни (NHC) (слика 12). Неисполнување на критериумите за безбедност на храна кај погоре наведените пратки се однесува на микробиолошки параметрите.

Во врска со потврденото присуство на Афлатоксин -резидуи/контаминенти од мувли кои се присутни кај зрнестите култури а кои се користат како основна компонента во добиточната храна, опасност кој ја пратише цела 2013 година, и во 2014 година, со цел спроведување на безбедносните мерки базирани на ризик анализа, токму овој вид очекувана неусогласеност беше предмет на анализи кај пратките млеко и производи од млеко од увоз. Од вкупниот број на земени мостри во 2014 година, 59% или **2.826 мостри** отпаѓа на мостри од пратки млеко и производи од млеко од кои 2.661 мостра е испитана на Афлатоксин (mycotoxins), како нај ризична категорија за овој вид резидуи.

Согласно донесените безбедносни мерки во текот на 2014 година, најчесто предмет на предмет на лабораториско испитување беа пратки со потекло од земји членки на ЦЕФТА групата: Србија и Босна и Херцеговина, како и од земји членки на Европската Унија (Словенија, Чешка, Хрватска, Италија Германија, Полска, Грција, Романија Франција).

Неусогласеностите кај пратките од животинско потекло како присуство на резидуи/контаминенти над максимално дозволените вредности во 2014 години не се утврдени во мострите за кои е наложено лабораториско испитување за овој вид параметар (слика 13).

Исто така, во 2014 како небезбедни вратени или уништени се вкупно 9 пратки кои не ги исполнуваат условите за увоз поради несоодветна или непотполна документација со која треба да се потврди здравствената безбедност на истите при увоз и транзит, од нив, 3 пратки се храна за исхрана на животни (NHC ), од кои 2 пратки се млеко во прав за исхрана на животни и 1 пратка додаток за храна за исхрана на животни.



*Слика 12.* *Приказ на процентуален сооднос на број на пратки од увоз од животинско потекло наменети за исхрана на луѓе и пратки наменети за исхрана на животни кои се небезбедни согласно микробиолошки параметри*






qualityaustria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0

*Слика 13.* *Приказ на процентуален соодност на неусогласености по однос на микробиолошки критериуми кај пратки од увоз*




*Слика 14.* *Компаративен приказ на количината на вратени и уништени пратки од животинско потекло во 2014 година, при постапка за увоз*

## ДЕЛ 9

## ПРЕГЛЕД НА КОНТРОЛИРАНИ И УВЕЗЕНИ ПРАТКИ ХРАНА ОД НЕЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО ВО 2014 ГОДИНА

Во 2014 година на граничните премини за влез во Република Македонија биле контролирани вкупно 19.159 пратки или 511.170.984 килограми храна од неживотинско потекло. Од вкупната бројка контролирани пратки 13.924 или 72.7% добиле дозвола за влез. За 5.224 или 27.3% била издадена согласност за влез со ускладиштување поради лабораториско тестирање, а 11 пратки биле забранети за увоз. Лабораториски биле испитани 5.224 пратки со храна при што биле земени вкупно 6017 мостри.

Во однос на видот на контролирана храна се издвојуваат житата, пекарските производи и суровините за пекарство, односно биле контролирани вкупно 2.970 пратки, од кои 1.315 пратки или 29.801.227 кг добиле дозвола за влез, а за 1655 или 109.227.553кг била издадена согласност за влез со ускладиштување поради лабораториско тестирање. Исто така може да се издвојат и овошјето, зеленчукот и нивните преработки со 103.818.228кг и шеќерот 101.704.087кг, односно 20.3% и 19.9% од вкупната количина соодветно.

***Табела 13:*** *Број на контролирани пратки и количина во килограми на храна од неживотинско потекло на граничните премини при увоз во Република Македонија во 2014 година*

| Граничен премин | Број на контролирани пратки храна | Количина (кг) |
|---|---|---|
| Табановце | 10.361 | 213.811.851 |
| Богородица | 4.488 | 109.272.596 |
| Деве Баир | 1.187 | 13.116.399 |
| Ќафасан | 956 | 20.270.698 |



qualityaustria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0

| | | |
|---|---|---|
| **Меџитлија** | 263 | 12.091.751 |
| **Аеродром Скопје** | 428 | 7.637.558 |
| **Ново Село** | 394 | 11.479.745 |
| **Блаце** | 565 | 15.330.453 |
| **Делчево** | 404 | 2.896.441 |
| **Товарна** | 122 | 82.286.104 |
| **Вкупно** | **19.159** | **511.170.984** |

Од прикажаното во табелата може да се види дека најфреквентни се граничните премини Табановце (10.361 пратки или 213.811.851кг) и Богородица (4.488 пратки или 109.272.596кг). На останатите гранични премини за влез во Република Македонија биле контролирани вкупно 4.310 пратки односно 188.086.537кг храна од неживотинско потекло.

**Дел 9.1**

**Преглед на контролирани и увезени пратки производи од неживотинско потекло по Граничен премин**

**Табановце**

Како што може да се види од табела 13, најголем број на пратки храна од неживотинско потекло во 2014 година биле контролирани на граничен премин Табановце, што претставува 54% од вкупниот број на пратки. Од вкупната бројка контролирани пратки 6.343 или 61.2% добиле дозвола за влез. За 4.012 или 38.7% била издадена согласност за влез со



qualityaustria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0

ускладиштување поради лабораториско тестирање, а 6 пратки биле забранети за увоз. Лабораториски биле испитани 4.012 пратки со храна при што биле земени вкупно 4.768 мостри.

Во однос на видот и количината на контролирана храна се издвојуваат житата, пекарските производи и суровините за пекарство, со контролирани вкупно 1.990 пратки (105.343.745кг), од кои 463 пратки или 11.967.935кг добиле дозвола за влез, а за 1.527 или 93.375.828кг била издадена согласност за влез со ускладиштување поради лабораториско тестирање. Исто така со значителен процент се истакнуваат и овошјето, зеленчукот и нивните преработки, пивото и безалкохолните пијалоци, како и какао производите, чоколадите, суровините за нивно производство.

***Табела 13:*** Број на контролирани пратки и количина во килограми по вид на контролирана храна од неживотинско потекло на граничен премин Табановце

| Вид на контролирана храна | Број на контролирани пратки храна | Количина (кг.) |
|---|---|---|
| Жита, пекарски производи и суровини за пекарство | 1.990 | 105.343.745 |
| Масти и масла од растително потекло | 717 | 14.669.802 |
| Адитиви за прехранбена индустрија | 751 | 3.962.368 |

| | | |
|---|---|---|
| Какао производи, чоколади и бонбонски и крем. производи и суровини за производство | 2.001 | 18.679.202 |
| Овошје, зеленчук и преработки | 1.230 | 17.448.956 |
| Оцет | 45 | 786.282 |
| Вино и алкохолни пијалоци | 152 | 1.556.619 |
| Пиво и безалкохолни пијалоци | 1.167 | 21.366.663 |
| Минерални води | 364 | 8.641.672 |
| Сол | 101 | 2.215.894 |
| Кафе и чаеви | 574 | 4.054.649 |
| Детска храна и храна за доенчиња | 155 | 873.834 |
| Диететски производи и додатоци на храна | 434 | 451.850 |
| Шеќер | 337 | 11.670.973 |
| Зачин и зачински смеши | 321 | 1.921.107 |
| Останато | 22 | 168.235 |
| Вкупно | **10.361** | **213.811.851** |

**Богородица**

Во текот на 2014 година на граничниот премин Богородица биле контролирани 4.488 пратки (109.272.596кг) храна од неживотинско потекло, што претставува 23.4% од вкупната количина на контролирани пратки. Од вкупната бројка контролирани пратки 3.905 (94.544.130кг) добиле дозвола за влез. За 582 пратки (14.706.976кг) била издадена согласност за

влез со ускладиштување поради лабораториско тестирање, а 1 пратка била забранета за увоз. Лабораториски биле испитани 582 пратки со храна, при што биле земени 590 мостри.

Што се однесува до видот и количината на контролирана храна, со 2.616 пратки (63.779.700кг) се издвојуваат овошјето, зеленчукот и нивните преработки, а следуваат мастите и масла од растително потекло со 450 пратки, какао производите, чоколадите, суровините за нивно производство со 333 пратки, кафето и чајот со 287 пратки, житата, пекарските производи и суровините за пекарство со 283 пратки.

***Табела 14:*** *Број на контролирани пратки и количина во килограми по вид на контролирана храна од неживотинско потекло на граничен премин Богородица*

| Вид на контролирана храна | Број на контролирани пратки храна | Количина (кг.) |
|---|---|---|
| Жита, пекарски производи и суровини за пекарство | 283 | 4.065.885 |
| Масти и масла од растително потекло | 450 | 11.319.261 |



qualityaustria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0

| | | |
|---|---|---|
| Адитиви за прехранбена индустрија | 57 | 647.428 |
| Какао производи, чоколади и бонбонски и крем.производи и суровини за производство | 333 | 4.040.111 |
| Овошје, зеленчук и преработки | 2.616 | 63.779.700 |
| Оцет | 15 | 344.298 |
| Вино и алкохолни пијалоци | 45 | 431.551 |
| Пиво и безалкохолни пијалоци | 34 | 420.300 |
| Минерални води | 11 | 200.001 |
| Сол | 133 | 3.189.475 |
| Кафе и чаеви | 287 | 5.610.610 |
| Диететски производи и додатоци на храна | 58 | 241.083 |
| Шеќер | 132 | 14.783.193 |
| Зачин и зачински смеши | 34 | 199.700 |
| Вкупно | **4.488** | **109.272.596** |

**Деве Баир**

На граничниот премин Деве Баир во 2014 година биле контролирани 1.187 пратки, односно 13.116.399 килограми храна од неживотинско потекло. Од вкупната бројка контролирани пратки 1.187 (13.116.399кг) добиле дозвола за влез. За 25 пратки (258.060кг)

била издадена согласност за влез со ускладиштување поради лабораториско тестирање. Лабораториски биле испитани 25 пратки со храна, при што биле земени 25 мостри.

Во однос на видот и количината на контролирана храна, на граничниот премин Деве Баир како и на Табановце се издвојуваат житата, пекарските производи и суровините за пекарство, со контролирани вкупно 284 пратки (1.995.698кг), од кои 274 пратки или 1.806.369кг добиле дозвола за влез, а за 10 пратки или 189.329кг била издадена согласност за влез со ускладиштување поради лабораториско тестирање. Исто така со значителен процент се истакнуваат и овошјето, зеленчукот и нивните преработки, пивото и безалкохолните пијалоци, како и какао производите, чоколадите, суровините за нивно производство.

***Табела 15:*** Број на контролирани пратки и количина во килограми по вид на контролирана храна од неживотинско потекло на граничен премин Деве Баир

| Вид на контролирана храна | Број на контролирани пратки храна | Количина (кг.) |
|---|---|---|
| Жита, пекарски производи и суровини за пекарство | 284 | 1.995.698 |
| Масти и масла од растително потекло | 45 | 619.306 |
| Адитиви за прехранбена индустрија | 126 | 930.688 |



quality austria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0

| | | |
|---|---|---|
| Какао производи, чоколади и бонбонски и крем. производи и суровини за производство | 225 | 3.323.279 |
| Овошје, зеленчук и преработки | 106 | 1.855.719 |
| Оцет | 1 | 20.340 |
| Вино и алкохолни пијалоци | 15 | 169.010 |
| Пиво и безалкохолни пијалоци | 173 | 2.468.096 |
| Минерални води | 1 | 20.994 |
| Сол | 4 | 44.878 |
| Кафе и чаеви | 27 | 70.815 |
| Диететски производи и додатоци на храна | 89 | 229.998 |
| Шеќер | 42 | 796.707 |
| Зачин и зачински смеши | 7 | 9.413 |
| Останато | 42 | 561.459 |
| Вкупно | **1.187** | **13.116.399** |

**Ќафасан**

На граничниот премин Ќафасан во 2014 година биле контролирани 956 пратки, односно 20.270.698 килограми храна од неживотинско потекло. Од вкупната бројка контролирани пратки 739 (15.398.962кг) добиле дозвола за влез. За 216 пратки (4.871.679кг)

била издадена согласност за влез со ускладиштување поради лабораториско тестирање. Лабораториски биле испитани 216 пратки со храна, при што биле земени 228 мостри.

Во однос на видот на контролирана храна се издвојуваат овошјето, зеленчукот и нивните преработки со 544 пратки (56.9%). Следуваат житата, пекарските производи и суровините за пекарство со 140 пратки (14.6%), какао производите, чоколадите, суровините за нивно производство со 79 пратки (8.3%), кафето и чајот со 68 пратки (7.1%)

***Табела 16:*** *Број на контролирани пратки и количина во килограми по вид на контролирана храна од неживотинско потекло на граничен премин Ќафасан*

| Вид на контролирана храна | Број на контролирани пратки храна | Количина (кг.) |
|---|---|---|
| Жита, пекарски производи и суровини за пекарство | 140 | 3.129.807 |
| Масти и масла од растително потекло | 32 | 418.273 |
| Адитиви за прехранбена индустрија | 22 | 252.601 |
| Какао производи, чоколади и бонбонски и крем. производи и суровини за производство | 79 | 522.675 |
| Овошје, зеленчук и преработки | 544 | 13.753.351 |
| Оцет | 7 | 33.358 |



quality austria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0

| | | |
|---|---|---|
| Вино и алкохолни пијалоци | 1 | 540 |
| Пиво и безалкохолни пијалоци | 43 | 672.964 |
| Минерални води | 1 | 24.230 |
| Сол | 2 | 28.000 |
| Кафе и чаеви | 68 | 555.154 |
| Детска храна и храна за доенчиња | 2 | 124 |
| Диететски производи и додатоци на храна | 1 | 7 |
| Шеќер | 7 | 760.000 |
| Зачин и зачински смеши | 7 | 119.614 |
| Вкупно | **956** | **20.270.698** |

**Меџитлија, Аеродром, Ново Село, Блаце, Делчево, Товарна**

На граничните премини Меџитлија, Аеродром, Ново Село, Блаце, Делчево и Товарна во 2014 година биле контролирани 2.167 пратки со храна од неживотинско потекло, што претставува 11.3% од вкупниот број на пратки. 212 пратки (9.786.802кг) добиле дозвола за влез. За 61 пратки (14.706.825кг) била издадена согласност за влез со ускладиштување поради лабораториско тестирање, а 3 пратки биле забранети за увоз. Лабораториски биле испитани 61 пратки со храна, при што биле земени 69 мостри.

Што се однесува до видот и количината на контролирана храна, со 452 пратки (6.980.502кг) се издвојуваат овошјето, зеленчукот и нивните преработки. Според бројот на пратки следуваат мастите и масла од растително потекло со 414 пратки, пивото и безалкохолните пијалоци со 301 пратки, житата, пекарските производи и суровините за пекарство со 273 пратки. Бројот на пратки и количината на останатите видови храна од неживотинско потекло се дадени во табеларен преглед.

*Табела 17: Број на контролирани пратки и количина во килограми по вид на контролирана храна од неживотинско потекло на граничен премин Меџитлија, Аеродром, Ново Село, Блаце, Делчево и Товарна*

| Вид на контролирана храна | Број на контролирани пратки храна | Количина (кг.) |
|---|---|---|
| Жита, пекарски производи и суровини за пекарство | 273 | 24.493.627 |
| Масти и масла од растително потекло | 414 | 28.395.012 |
| Адитиви за прехранбена индустрија | 124 | 143.177 |
| Какао производи, чоколади и бонбонски и крем. производи и суровини за производство | 118 | 1.082.722 |
| Овошје, зеленчук и преработки | 452 | 6.980.502 |
| Оцет | 13 | 67.164 |
| Вино и алкохолни пијалоци | 9 | 31.424 |
| Пиво и безалкохолни пијалоци | 301 | 9.385.540 |
| Минерални води | 6 | 124.871 |
| Сол | 33 | 6.194.144 |
| Кафе и чаеви | 55 | 410.530 |

| | | |
|---|---|---|
| Диететски производи и додатоци на храна | 143 | 23.587 |
| Шеќер | 94 | 73.693.214 |
| Зачин и зачински смеши | 37 | 76.946 |
| Останато | 95 | 3.596.980 |
| Вкупно | **2.167** | **154.699.440** |

## ДЕЛ 10

## ПРЕГЛЕД НА КОНТРОЛИРАНИ И УВЕЗЕНИ ПРАТКИ ПРОИЗВОДИ И МАТЕРИЈАЛИ ШТО ДОАЃААТ ВО КОНТАКТ СО ХРАНА ВО 2014 ГОДИНА

Во 2014 година на граничните премини за влез во Република Македонија биле контролирани вкупно 8.252 пратки или 65.182.099 килограми производи и материјали што доаѓаат во контакт со храната. Од вкупната бројка контролирани пратки 7.854 или 95.2% добиле дозвола за влез. За 394 или 4.8% била издадена согласност за влез со ускладиштување поради лабораториско тестирање, а 4 пратки биле забранети за увоз. Лабораториски биле испитани 394 пратки со производи и материјали што доаѓаат во контакт со храната, при што биле земени вкупно 398 мостри.

Во однос на видот контролирани пратки производи и материјали што доаѓаат во контакт со храната се издвојуваат материјалите, производите и садовите од вештачки маси со 2.473 контролирани пратки (12.520.947кг). За 2.348 пратки била издадена согласност за влез со ускладиштување поради лабораториско тестирање. Лабораториски биле испитани 125 пратки со производи и материјали што доаѓаат во контакт со храната, при што биле земени вкупно 126 мостри. Следуваат материјалите и производите од стакло, порцелан и керамика (2.145 пратки), машините и апаратите за производство на храна и металните садови и прибор со 1.271 и 1.209 пратки соодветно.

*Табела 18: Број на контролирани пратки и количина во килограми на производи и материјали што доаѓаат во контакт со храна на граничните премини при увоз во Република Македонија во 2014 година*

| Граничен премин | Број на контролирани пратки производи и материјали што доаѓаат во контакт со храна | Количина (кг) |
|---|---|---|
| Табановце | 4.370 | 3.950.964 |
| Богородица | 1.862 | 8.935.845 |
| Деве Баир | 610 | 4.805.574 |
| Ќафасан | 82 | 400.594 |
| Меџитлија | 100 | 599.070 |
| Аеродром Скопје | 131 | 607.713 |
| Ново Село | 580 | 5.705.278 |
| Блаце | 78 | 850.226 |
| Делчево | 404 | 2.896.441 |
| Товарна | 35 | 877.394 |
| Вкупно | **8.252** | **65.182.099** |

Од прикажаното во табелата може да се види дека најфреквентни се граничните премини Табановце (4.370 пратки или 3.950.964кг) и Богородица (1.862 пратки или 8.935.845кг). Следуваат граничните премини Деве Баир и Ново Село со 610 и 580 пратки соодветно. На останатите гранични премини за влез во Република Македонија во 2014 година биле контролирани вкупно 830 пратки или ~10%.

### Дел 10.1

### Преглед на контролирани и увезени пратки производи и материјали што доаѓаат во контакт со храна по Граничен премин Табановце

Како што може да се види од табела 19, најголем број на пратки и тоа 4.370 производи и материјали што доаѓаат во контакт со храна во 2014 година биле контролирани на граничен премин Табановце, што претставува 53% од вкупниот број на пратки. Од вкупната бројка контролирани пратки 4.169 или 95.4% добиле дозвола за влез. За 201 пратки или 4.6% била издадена согласност за влез со ускладиштување поради лабораториско тестирање. Лабораториски биле испитани 201 пратки со храна при што биле земени вкупно 202 мостри.

Во однос на видот и количината на контролирани пратки производи и материјали што доаѓаат во контакт со храна се издвојуваат материјалите и производите од стакло, порцелан и керамика со 21.380.346кг или 54.1%.

***Табела 19:*** *Број на контролирани пратки и количина во килограми по вид на производи и материјали што доаѓаат во контакт со храна на граничен премин Табановце*

| Вид на контролирана храна | Број на контролирани пратки производи и материјали што доаѓаат во контакт со храна | Количина (кг.) |
|---|---|---|
| **Метални садови и прибор** | 591 | 2.195.412 |

| | | |
|---|---|---|
| Машини и апарати за производство на храна | 799 | 1.575.894 |
| Материјали и производи од дрво | 271 | 4.156.622 |
| Материјали и производи од стакло, порцелан и керамика | 1.191 | 21.380.346 |
| Материјали, производи и садови од вештачки маси | 992 | 6115.252 |
| Материјали и производи од хартија, гума и текстил | 525 | 4.058.058 |
| Специфични течни детергенти и дезинфициенси за производи и материјали кои доаѓаат во контакт со храната | 1 | 22.380 |
| Вкупно | **4.370** | **39.503.964** |

**Богородица**

Во текот на 2014 година на граничниот премин Богородица биле контролирани 1.862 пратки, односно 8.935.845кг производи и материјали што доаѓаат во контакт со храната. Од вкупната бројка контролирани пратки 1.745 или 93.7% добиле дозвола за влез. За 113 пратки била издадена согласност за влез со ускладиштување поради лабораториско тестирање, а 4 пратки биле забранети за увоз. Лабораториски биле испитани 113 пратки со производи и материјали што доаѓаат во контакт со храна при што биле земени вкупно 113 мостри.

Во однос на видот и количината на контролирани пратки производи и материјали што доаѓаат во контакт со храна се издвојуваат материјалите и производите од стакло, порцелан и керамика со 21.380.346кг или 54.1%.



qualityaustria SYSTEM CERTIFIED ISO 9001:2008 No.15994/0

*Табела 20: Број на контролирани пратки и количина во килограми по вид на производи и материјали што доаѓаат во контакт со храна на граничен премин Богородица*

| Вид на контролирана храна | Број на контролирани пратки производи и материјали што доаѓаат во контакт со храна | Количина (кг.) |
|---|---|---|
| Метални садови и прибор | 365 | 1.331.386 |
| Машини и апарати за производство на храна | 262 | 685.498 |
| Материјали и производи од дрво | 27 | 78.775 |
| Материјали и производи од стакло, порцелан и керамика | 438 | 3.744.326 |
| Материјали, производи и садови од вештачки маси | 625 | 2.033.519 |
| Материјали и производи од хартија, гума и текстил | 145 | 1.062.341 |
| Вкупно | **1.862** | **8.935.845** |

## Деве Баир

На граничниот премин Деве Баир во 2014 година биле контролирани 610 пратки, односно 4.805.574 килограми производи и материјали што доаѓаат во контакт со храната.

Во однос на видот и количината на увезени производи и материјали што доаѓаат во контакт со храна, на граничниот премин Деве Баир како и на Табановце се издвојуваат материјалите и производите од стакло, порцелан и керамика со увезени 168 пратки (3.054.025кг). Следуваат материјалите, производите и садовите од вештачки маси, металните садови и прибор и машините и апаратите за производство на храна со увезени 1.165.519кг, 227.139кг и 249.020 кг соодветно.

***Табела 21:*** *Број на контролирани пратки и количина во килограми по вид на производи и материјали што доаѓаат во контакт со храна на граничен премин Деве Баир*

| Вид на контролирана храна | Број на контролирани пратки производи и материјали што доаѓаат во контакт со храна | Количина (кг.) |
|---|---|---|
| Метални садови и прибор | 96 | 227.139 |
| Машини и апарати за производство на храна | 62 | 249.020 |
| Материјали и производи од дрво | 4 | 2.756 |
| Материјали и производи од стакло, порцелан и керамика | 168 | 3.054.025 |
| Материјали, производи и садови од вештачки маси | 254 | 1.165.519 |
| Материјали и производи од хартија, гума и текстил | 18 | 73.568 |
| Останато | 8 | 33.547 |

| | | |
|---|---|---|
| Вкупно | 610 | 4.805.574 |

**Ново Село**

На граничниот премин Ново Село во 2014 година биле контролирани 580 пратки, односно 5.705.278 килограми производи и материјали што доаѓаат во контакт со храна. Од вкупната бројка контролирани пратки 559 (5.519.505кг) добиле дозвола за влез. За 21 пратки (185.773кг) била издадена согласност за влез со ускладиштување поради лабораториско тестирање. Лабораториски биле испитани 21 пратки производи и материјали што доаѓаат во контакт со храна, при што биле земени 21 мостри.

Во однос на видот на контролирана пратки производи и материјали што доаѓаат во контакт со храна се издвојуваат материјалите и производите од стакло, порцелан и керамика со контролирани 160 пратки (3.080.478кг).

***Табела 22:*** *Број на контролирани пратки и количина во килограми по вид на производи и материјали што доаѓаат во контакт со храна на граничен премин Ново Село*

| Вид на контролирана храна | Број на контролирани пратки производи и материјали што доаѓаат во контакт со храна | Количина (кг.) |
|---|---|---|
| Метални садови и прибор | 61 | 288.969 |
| Машини и апарати за производство на храна | 17 | 34.527 |
| Материјали и производи од дрво | 1 | 867 |



qualityaustria SYSTEM CERTIFIED ISO 9001:2008 No.15994/0
ОБ 4.2.3-07в01

| | | |
|---|---|---|
| Материјали и производи од стакло, порцелан и керамика | 160 | 3.080.478 |
| Материјали, производи и садови од вештачки маси | 283 | 1.694.595 |
| Материјали и производи од хартија, гума и текстил | 58 | 605.842 |
| Вкупно | **580** | **5.705.278** |

**Меџитлија, Аеродром, Ќафасан, Блаце, Делчево, Товарна**

На граничните премини Меџитлија, Аеродром, Ќафасан, Блаце, Делчево и Товарна во 2014 година биле увезени 830 пратки производи и материјали што доаѓаат во контакт со храна, што претставува 10% од вкупниот број на пратки. 771 пратки (5.715.316кг) добиле дозвола за влез. За 59 пратки (516.122кг) била издадена согласност за влез со усклaдиштување поради лабораториско тестирање. Лабораториски биле испитани 59 пратки со храна, при што биле земени 62 мостри.

Што се однесува до видот и количината на контролирана пратки, со 3.037.108кг се издвојуваат материјалите и производите од стакло, порцелан и керамика, а потоа следуваат материјалите, производите и садовите од вештачки маси со 1.512.062кг.

Бројот на пратки и количината на останатите видови производи и материјали што доаѓаат во контакт со храна се дадени во табеларен преглед.

*Табела 23: Број на контролирани пратки и количина во килограми по вид на производи и материјали што доаѓаат во контакт со храна на граничен премин Меџитлија, Аеродром, Ќафасан, Блаце, Делчево и Товарна*

| Вид на контролирана храна | Број на контролирани пратки производи и материјали што доаѓаат во контакт со храна | Количина (кг.) |
|---|---|---|
| Метални садови и прибор | 96 | 466.263 |
| Машини и апарати за производство на храна | 131 | 260.730 |
| Материјали и производи од дрво | 3 | 830 |
| Материјали и производи од стакло, порцелан и керамика | 188 | 3.037.108 |
| Материјали, производи и садови од вештачки маси | 319 | 1.512.062 |
| Материјали и производи од хартија, гума и текстил | 47 | 206.663 |
| Останато | 46 | 747.782 |
| Вкупно | **830** | **6.231.438** |



qualityaustria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0

СЕКТОР ЗА СТРУЧНА ПОДДРШКА

Согласно со обврските од делокругот на работата, Секторот за стручна поддршка, реализира голем број на активности во функција на извршување на надлежноста на Агенцијата. Во секторот се вршат активности од комуникацијата и информирањето за ризиците поврзани со пласирање на небезбедни производи на пазарот, комуницирање и одговарање на претставки поднесени од потрошувачите, следење на работата на лабораториите кои за потребите на Агенцијата изведуваат лабораториски анализи како и имплементирање и одржување на системот за квалитет во работата на Агенцијата.
Секторот организациски е составен од 4 одделенија:

1. Одделението за комуникација и РАСФФ
2. Одделение за заштита на потрошувачи
3. Одделението за координација и контрола на лаборатории
4. Одделението за управување со системи за квалитет
5. Одделение за проценка на ризик

Во текот на 2014 година реализирани се следните активности:

**Одделението за комуникација и РАСФФ** реализира повеќе активности во тек на 2014 година. Имено, сите 52 недели од презентираните нотификации на РАСФФ Порталот се обработени и по електронски пат се проследени до надлежните инспектори на граничните премини, заради информирање за одредени идентификувани ризици во храната.

Понатаму, преку апликацијата „RASFF Window“ – од RASFF системот на ЕУ ова одделение прими вкупно 7 нотификации за небезбедна храна. Ако се направи компарација, споредувајќи го бројот на примени нотификации, за разлика од трендот на пораст во изминатите три години (2011; 2012; 2013; ) бројот на примени известувања за небезбедна храна во 2014 година изнесува вкупно 7

известувања со кои е засегната Република Македонија. Имено, во 2011 год, тој број изнесувал само 5 нотификации, во 2012 истите биле 9, во 2013 бројот достигнал вкупно 11 известувања, додека во 2014 има вкупно 8 нотофокации – табела 1.

**Табела – 1 број на РАСФФ нотификации по години**

| **Број на РАСФФ нотификации** | 2011 год. | 2012 год. | 2013 год. | 2014 год. |
|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | 5 | 9 | 11 | 8 |

Во продолжение во табела – 2, презентирани се сите нотификации добиени во 2014 година, каде меѓу другото подробно се гледа видот на засегнатата храна, потеклото, односно параметарот кој отстапува. Само една нотификација се однесува на производ кој е произведен во Република Македонија. Од вкупно 8 известувања три се однесуваат на храна од анимално, четири на храна од не анимално потекло и едно известувања е за храна за животни. Седум нотификации се класифицирани како алерт, а една како одбиена пратка од граница.

Пласираната храна од анимално потекло која е небезбедна е замрзнато пилешко и говедско месо. Замрзнатото пилешко месо отстапува заради наод на Salmonella enteritidis, како и заради наод на ветеринарно медицински препарати над МДК. Говедското месо е небезбедно заради наод на oxytetracyclin над МДК. Кај храната од не анимално потекло две нотификации се однесуваат на категоријата сладоледи и десерти (чоколаден десерт со ванила и чоколадо , сладолед ), една на категоријата жита и пекарски производи и една на категорија додатоци на храна . Производите се небезбедни заради наод на зголемен број на Enterobacteriae, односно висока содржина на водород пероксид, како и заради наод на недеклариран глутен присутен во без глутенска пченка. Во органската храна за бебиња отстапувањата се заради наод на атропин над МДК. Едно известување укажува на присуство на



quality austria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0

афлатоксин Б1 над МДК во храна за животни. Ова известување е проследено до надлежните служби на Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство.

Во системот за информирање не добиена ниту една информација за пласирани небезбедни производи/материјали во контакт со храната на пазарот на нашава земја.

Агенцијата за храна и ветеринарство како контакт точка за RASFF за Република Македонија, по добивање на нотификациите преку своите надлежни инспектори, надлежни за постапување и преземање соодветни мерки согласно со своите законски надлежности.

Како резултат на преземените мерки поништено е:

- пратка од небезбеден сладолед во количина од 10 кг.

- 10 пакувања од органската храна за бебиња, претходно забранета за промет.

- пратката од замрзнато пилешко месо во количина од вкупно 75кг .

Постапувањето по известувањето 2014.1775 е запрено затоа што истата е повлечена од страна на ЕК.

Според податоците од извршената контрола небезбедната пратка од замрзнато говедско месо (нотификација2014.118) не е увезена во Р. Македонија.

Во однос на нотификацијата со број 2014.1420 исходот од контролата укажува дека, целата пратка во количина од 960кг увозникот ја вратил, по писменото известување на добавувачот, кој информирала дека истата е небезбедна.

## Табела - 2 РАСФФ нотификации во Р.М. за 2014 година

| Реф. број | Датум | Клтегорија на производот | Земја што известува | Параметар што отстапува | потекло | Класификација нотофикација |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2014.AMR | 19.03.2014 | Сладолед | Хрватска | Зголемен број на ентеробактери | Р. Македонија | Одбиено од граница |
| 2014.0314 | 07.03.2014 | пченка | Белгија | Афлатоксини над MDK | Индија | алерт |
| 2014.0418 | 28.03.2014 | Без глутенска пченка | Германија | Недеклариран глутен | Германија | алерт |
| 2014.0915 | 03.07.2014 | Замрзнато пилешко месо | Франција | Салмонела | Република Македонија . | алерт |
| 2014.1118 | 08.08.2014 | Замрзнато говедско месо | Полска | Oxytetracyclin над MDK | Полска | алерт |
| 2014.1420 | 17.10.2014 | Десерт со чоколадо и ванила | Германија | Висока содржина на водород пероксид | Германија | алерт |
| 2014.1694 | 11.12.2014 | Огранска храна за бебиња | Германија | атропин | Романија | алерт |
| 2014.1775 | 05.01.2014 | Замрзнато пилешко месо | Романија | Резидуи од Oxytetracyclin chlortetracyclin | Романија | алерт |



quality austria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0

➢ **Одделението за заштита на потрошувачи** заради развивање и унапредување на политиката за заштита на потрошувачите во областа на безбедноста на храната, и јакнење на системот за безбедност на храна во Република Македонија, во текот на 2014 година реализира повеќе активности:

- Направена е евалуација на базата податоци по поднесени претставки и предлози во 2014 година /прикажана во прилог на овој извештај/

- Направен е увид во предметите за постапувањата по претставките и предлозите и изготвени се известувања до подносителите /362 предмети/

- Извршено е евидентирање на поднесените претставки и предлози во базата на податоци и направена е анализа на податоците. Истото е реализирано преку следните активности: *упишување на податоците во прегледот* (база на податоци) на поднесени претставки и предлози; *обработка и анализирање на податоците* – се анализира перцепцијата на потрошувачите за опасностите и ризиците од храната; *изготвување на евалуација*, која ги покажува резултатите од анализата; *доставување на евалуацијата* до секторите во Агенцијата, со цел при планирањето на активностите да ја земат во предвид перцепцијата на потрошувачите за опасностите и ризиците од храната.

Направена е подготовка на материјали за поставување на Web страницата на Агенцијата за храна и ветеринарство, посебно во делот што се користи за информации, едукација и совети за потрошувачите. Изготвени се стручни мислења и информации во врска со заштита на потрошувачите.

Пуштен е во употреба и преслушуван бесплатниот телефонски број 0800 3 2222 на Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија. Потрошувачите може да пријават неправилности од областа на безбедноста на храната, здравствената заштита и благосостојбата на животните и да дадат предлози за унапредување на работата на Агенцијата.

Јавувањата на граѓаните се снимаат. Потрошувачите можат да останат анонимни, а доколку остават податоци (име и презиме, адреса и телефонски број за контакт), од Агенцијата за храна и ветеринарство добиваат писмено известување од Одделението за заштита на потрошувачи. Во рамките на активностите на одделението се и комуникации со медиумите на повеќе теми со цел информирање и едукација на јавноста по одредени прашања од обласа на безбедноста на храната и правата на граѓаните врзани за безбедноста на храната.

Одржана е и едукативна работилница на која беа обучени петнаесеттина младинци од подмладокот на Црвениот Крст. Преку презентација на едукативни брошури наменети за граѓаните, кои минатата година во рамки на кампањата за подигнување на јавната свест за безбедноста на храната, младинците кои учествуваа на оваа обука беа обучени за основите за адитивите во исхраната, корисните информации за алергиите од храна и како да се чита означувањето на прехранбените производи. Преку потенцирање на обврската на потрошувачите за читање на означувањето на прехранбените производи и објаснување на тоа кои елементи треба задолжително да бидат застапени во означувањето претставена беше брошурата "Здравјето е важно! Какви информации треба да содржи означувањето на храната?" На обуката акцент беше ставен и на се поактуелните нутритивни и здравствени тврдења и начинот на нивното означување при рекламирање во комерцијални цели. Стекнатите знаења од обуката, подмладокот на Црвениот Крст преку идентични обуки на кои ќе бидат поделени и едукативните брошури ќе им го пренесе на средношколците од градот Скопје.

Одржана е и работилница на темата „Хигиенски навики и безбедност на храна кај децата„ во градинка и училиште во Скопје на барање на директорите од овие институции.

Реализиран е дел од активностите од „Програма за заштита на потрошувачи за периодот 2013-2014 година" , што ја донесува Владата на Република Македонија. Во соработка со невладиниот сектор изготвени се информативно едукативни материјали за потрошувачите

1. **Означување на месо и месни преработки**

2. **Означување на млеко и млечни преработки**



qualityaustria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0

3. **Означување на риба и преработки од риба**
4. **Означување на храната за доенчиња**
5. **Означување на хранта наменета за диети и спортисти**
6. **Означување и заблуди**

Едукативно информативните материјали беа инсертирани во весникот „Дневник„ приологот Здравје.

**ЕВАЛУАЦИЈА на претставки и предлози за периодот од јануари до декември 2014 година,**

Во Агенцијата за храна и ветеринарство, преку одделението за заштита на потрошувачи анализирани се причините и прашањата /опасностите и ризиците/, на кои се укажува во претставките и предлозите, поднесени од граѓаните во областа на безбедноста на храната и ветеринарството, за периодот од јануари до декември 2014 година. Анализата на определен начин ја покажува перцепцијата на граѓаните за опасностите и ризиците од храната. Бидејќи здравјето на луѓето и здравјето на животните се препознава како едно здравје, направената анализа и евалуација ги опфаќа и претставките и предлозите од областа на ветеринарството.
**Вкупно се поднесени/примени и евидентирани претставки/предлози** - **362.** 52% од поднесените претставки се сметаат за основани, односно со потврдени наводи.
Од вкупната бројка на претставки, 267 претставки се однесуваат на храната , останатите 95 претставки се однесуваат на здравствената заштита и благосостојба на животните.



qualityaustria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0

## 1.2 Графикон на претставки според наводи




## 1.3 Табела за постапувања и исходи по претставките и предлозите

| | |
|---|---|
| Број на примени претставки /жалби и предлози од потрошувачите | 362 |
| Направени записници по преставка | 240 |
| Направени решенија по преставка | 64 |
| Направени постапки за едукација По преставка | 55 |
| Направени постапки за порамнување по преставка | 17 |



qualityaustria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0

| | |
|---|---|
| **Покренати прекршочни пријави** | 3 |
| **Уништена храна** | 2864 кг |

Најмногу од претставките што ги поднеле граѓаните во периодот од 01.01. 2014 до 31.12.2014 година, кои се во областа на безбедноста на храната се однесуваат на:

- ✓ не применување на хигиенски мерки, контролните системи за ДХП, ДПП и HACCP системот од страна на бизнис операторите со храна,
- ✓ производи со поминат рок на употреба,
- ✓ потекло и безбедност на месо, риба, преработки, јајца,
- ✓ органолептички изменети производи,
- ✓ контаминенти и резидуи,
- ✓ квалитет, измама и заблуда
- ✓ посебно се поднесени за разлика од претходните година, забележителна бројка на претставки кои се однесуваат на леб и бели печива, посебно нивната дистрибуција и означување, и како такви се издвоени во посебна група,

Во планирањето на активностите сите сектори во АХВ ќе ги земат во предвид ризиците и опасностите на кои укажуваат граѓаните /перцепцијата на граѓаните за ризиците и опасностите од храната/.



qualityaustria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0

ЕВАЛУАЦИЈА на поднесени претставки/ предлози по години

## 2.1 Табела на споредбен приказ на бројот на поднесени претставки и предлози по години

| Година | Број на претставки |
|---|---|
| 2007 | 188 |
| 2008 | 91 |
| 2009 | 90 |
| 2010 | 221 |
| 2011 | 138 |
| 2012 | 195 |
| 2013 | 281 |
| 2014 | 362 |



qualityaustria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0

## 2.2 Графикон на споредбен приказ на поднесени претставки по години




Споредбениот приказ покажува дека трендот на поднесување на претставки и предлози од граѓаните, од 2009-та година има нагорна линија, со тоа што во 2014-та година е најголем бројот на поднесоците.

Со направената анализа се заклучува, дека ваквиот тренд на покачувањето во 2010-та година, се должи на унапредувањето и развивањето на потрошувачката политика и соработката со граѓанските организации и граѓаните, во областа на безбедноста на храната. Се реализираа повеќе активности со кои се зголеми информираноста на граѓаните за начинот на поднесувањето на претставки и предлози до надлежните органи за контрола на безбедноста на храната и благосостојба на животните, како и правата и обврските на граѓаните за учество во системот за безбедност на храната во Република Македонија. Зголемениот број во 2012 и 2013 година се должи на подигање на свесноста на граѓаните за значењето на безбедноста на храната, додека зголемениот број на претставки во 2014 година е резултата на пуштање во употреба на бесплатната телефонска линија за граѓаните и зајакнување на комуникацијата со медиумите и јавноста.



qualityaustria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0

- Одделението за координација и контрола на лаборатории има за обврска следење на лабораториите кои се вклучени во системот за контрола на безбедноста на храната при што се остваруваат следните активности:

Комуникација со Институтот за акредитација на РМ и тела за стандардизација се следат сите промени во однос на акредитираните постапки за лабораториите кои се во системот за контрола на безбедноста на храната како и следење на новите технолошки и научни достигнувања од областа.
Податоците кои се прибираат за акредитираните методи на лабораториите за испитување на храната се ажурираат во табелата на акредитирани методи и листата на акредитирани лаборатории за испитување на храната во РМ, чии услуги ги користи Агенција за храна и ветеринарство при официјална контрола и мониторинг.
Исто така се следат и акредитираните референти и назначени лаборатории за испитување на храна во Европа на официјалните веб страни на ЕФСА и DG SANCO.
Во активностите на одделението се активности поврзани со несоодветни извештаи од лабораториски анализи, употреба и повикување на неважечки прописи и несоодветно извршени лабораториски анализи , несоодветно имплементирани и употребени методи за испитување.

- **Одделението за управување со системи за квалитет** има обврски во имплементирањето и координација во рамките на стандардот ISO 9001:2008 во Агенцијата за храна и ветеринарство, при што во рамките на обврските на одделението изготвени и остварени се следните активности:

План за интерни проверки преку вклучување на сите точки од стандардот ISO 9001:2008;
Програма за интерни проверки во сите организациски единици на АХВ ;
Спроведување на пред сертификациска проверка од страна на аудитори од консултантската куќа задолжена за сертификација на АХВ за стандардот ISO 9001:2008, со цел давање насоки и препораки за подобрување на системот пред крајна сертификација;
Извештај за анализа на задоволството на корисниците на услуги преку анализа на пополнети анкетни прашалници од страна на корисниците на услугите на АХВ;

Мастер листа на сите документи (политика за квалитет, прирачник за квалитет, процедури, упатства, обрасци и прирачници во рамките на сите сектори/одделенија);
Проверка, изготвени и одобрување на сите обрасци за измена и дополнување на документи или изготвување на нови документи во секторите/одделенијата согласно Процедурата за управување со документи ПР 4.2.3-01в01;
Спроведување и учество во координација на интерни проверки во сите организациски единици во АХВ, вклучувајќи ги и подрачните единици на територијата на РМ;
Собирање и анализа на извештаи од спроведените интерни проверки во сите организациски единици на АХВ и изготвување на финален извештај за интерни проверки на ниво на АХВ за 2014 година;
Пополнување и собирање на обрасци за констатирани неусогласености од спроведените интерни проверки во сите организациски единици на АХВ согласно Процедура за планирање и спроведување на неусогласености ПР 8.3-01в01, како и средби со носителите на процеси и дефинирање на корективни мерки за отстранување на констатираните неусогласености и
пополнување на обрасци за корективни мерки во организациските единици на АХВ;
Евидентирање на дефинираните корективни мерки во организациските единици на АХВ со рокови за нивно реализација согласно Процедура за планирање и спроведување на корективни мерки ПР 8.5.2-01в01;
Подготовка на документација за спроведување на преиспитување на врвното раководство;
Активно учество при спроведување на сертификациска проверка на системот за управување со квалитет согласно барањата на стандардот ISO 9001:2008 од страна на надворешно тело за сертификација.

## СЕКТОР ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА ОД НЕЖИВОТИНСКО

Во рамки на Секторот за безбедност на храна од неживотинско потекло се вршат голем број на активности, нормативни работи и управно правни работи кои се во функција на извршување на надлежноста на Агенцијата, креирање на политика за храна од неживотинско потекло, одобрување на одделни производи кои спаѓаа во категориите храна кои пред да се пласираат на пазарот мара да се одобрат, контрола и одобрување на одделни видови храна заради нивната специфичност и дејство врз здравјето на луѓето.Во секторот се врши контрола и одобрубање на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната. Истовремено во секторот се врши подготвување, спроведување  и следење на спроведувањето на мониторинг програмата за безбедност на храната, анализа и евалуација на истата. Во секторот се врши контрола на храната, производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната, преку следење на спроведувањето на прописите од областа на храната и непосредно учествува во управувањето со ризикот од храната. Покрај овие активности се вршеше и регистрација на објекти и оператори со храна и се постапуваше по претставки и барања на потрошувачи.

Секторот организациски е составен од 4 одделенија:

1.Одделението за  безбедност на храната од неживотинско потекло,

2. Одлението за храна за посебна нутритивна употреба, збогатена храна, додатоци на храна и адитиви,

3. Одделението за генетски модифицирана храна, храна произведена со иновирани технологии и јонизирачко зрачење и други видови храна  и производи и материјали кои доаѓаат во контакт со храната, и

4. Одделение за државна инспекција за храна од неживотинско потекло.

Во Секторот има вкупно  96 вработени лица. Сите одделенија ги следат сите новини во ЕУ легислативата и секој во својот делокруг подготвува национални прописи кои преставуваат усогласување со новите ЕУ акти. Така во текот на 2014 година од овој сектор се изработени следните прописи:

Програма за мониторинг на безбедноста на храната во Република Македонија  за  2014 година (Службен  Весник на РМ бр. 4/14).

Правилник за изменување и дополнување на правилникот за посебни барања за  микробиолошки критериуми за безбедност на храната (Службен весник на Република Македонија бр. 145/14).

Правилник за изменување и дополнување на правилникот за посебните барања за безбедност на храната за посебна нутритивна употреба – млечна храна за доенчиња (Службен весник на Република Македонија бр. 200/14 )

Правилник за посебните барања за безбедност на активни и интелигентни материјали и производи што доаѓаат во контакт со храна, (Службен весник на Република Македонија бр. 64/14).
Правилник за барањата во однос на квалитетот на преработени производи од овошје и зеленчук како и печурки и нивни преработки (Службен весник на Република Македонија бр. 69/14 )
Правилник за посебните барања за епокси деривати во материјали и производи што доаѓаат во контакт со храна, (Службен весник на Република Македонија бр.61/14 )
Решение за контрола при увоз на пластични материјали и производи во однос на содржина на меламин , (Службен весник на Република Македонија бр. 195/14 )
Правилник за посебните барања за безбедност на храна третирана со јонизирачко зрачење, (Службен весник на Република Македонија бр. 63/14 )
Правилник за посебните барања за безбедност на регенерирана целулоза како материјали што доаѓаат во контакт со храна. (Службен весник на Република Македонија бр. 147/14)
Правилник за изменување и дополнување на правилникот за посебните барања за безбедност на додатоците на исхрана, ( Службен весник на Република Македонија бр.17/15 )
Програма за мониторинг на безбедноста на храната во Република Македонија за 2015 година (Службен Весник на РМ бр.154/14).
Подготвен е и предлог текст за Закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на храната со сите мислења од соодветните министерства и испратен во Влада на РМ.
За подобрување на соработката како и јасно прецизирање на надлежностите на АХВ и избегнување на преклопувањето на надлежностите при спроведување на официјалните контроли при труење со храна беше изготвен Меморандум за соработка помеѓу Агенцијата за храна и ветеринарство и Министерството за здравство, Републичкиот санитарен и здравствен инспекторат.
За подобрување на официјалните контроли при наод на Listeria monocytogenes во готови производи или при сомневање, изготвени се повеќе документи и процедури меѓу кои изработен е и **Водич за начинот на земање брисеви од работни површини со цел утврдување на наодот на Listeria monocytogenes**.
Секторот воспоставува непосредна соработка со операторите со храна и со деловните субјекти преку **организирање на информативни работилници со Стопанските комори на РМ, со цел запознавање на деловните субјекти со новите законски обврски и процедури во Агенцијата.** Во текот на 2014 година одржани се четири вакви работилници и тоа во Скопје. Гостивар,



qualityaustria SYSTEM CERTIFIED ISO 9001:2008 No.15994/0

Струмица и Битола на тема „ Новите правила во ЕУ легислативата за означувањето на храната и нивната хармонизација во националната легослатива". На истата тема направени се уште четири работилници во истите градови но овојпат со инспекторите за храна и со официјалните ветеринари од Агенцијата за храна. Овие работилници беа подржани од IPA проектот.

Во текот на 2014 година во рамки на **акциониот план за имплементација на HACCP системот во угостителските објекти одржани се 24 работилници на тема „Имплементација на HACCP системот во угостителските објекти"** и тоа по една работилница во Тетово, Гостивар, Штип, Прилеп, Битола,Струмица, Охрид, Струга, Кавадарци, Дојран, Гевгелија, Куманово и 12 работилници во Скопје. На овие работилници присуствуваа преставници на здруженијата на угостителите и хотелиерите, угостители (од големи ресторани до мали угостителски објекти) од овие градови, вработени лица во кујните на детските градинки, кујните на основните училишта, кујните на средношколските домови и други занаетчиски објекти поврзани со угостителската дејност. Во Скопје беа одржани 3 работилници во септември само за вработените лица во кујните на детските градинки од општините Гази Баба, Аеродром, Кисела Вода, Карпош и Горче Петров. На работилниците се дистрибуираше и примерок од Водичот за имплементација на HACCP системот во угостителските објекти, кој го предложи ХОТАМ, а Агенцијата за храна и ветеринарство го одобри и го испечати во 1000 примероци, од сопствени средства. За промоција на Водичот за имплементација на HACCP системот во угостителските објекти беа одржани три промотивни работилници во Струмица, Скопје и во Охрид. Посетеноста на работилниците на почетокот беше во просек од 25 до 35 лица, но интересот растеше така да на последните работилници присуствуваа по 45 до 5о лица, така да со овие работилници беа опфатени вкупно 1100 лица. За активностите од акциониот план за имплементација на HACCP системот во угостителските објекти, редовно на секои 3 месеци се информираше Владата на РМ.

Во текот на 2014 година извршени се аудити на сите големи градски водоснабдителни објекти, при што е направена и **супервизија** на активностите на инспекторите кои го вршеа аудитот на водоводот за градот Скопје, во однос на контролата на водата за пиење од јавните водоснабдителни објекти.

## 1.Одделение за безбедност на храна од неживотинско потекло

Одделението подготви и ги спроведе активностите поврзани со Мониторинг програмата за безбедност на храната во Република Македонија за 2014 година и истата е објавена во Службен Весник на РМ бр.9/14 .

**Извештај и анализа на добиените податоци за остварувањата од Програмата за мониторинг на безбедноста на храната во Република Македонија за 2014 година**

Мониторинг програмата за безбедност на храната во Република Македонија е објавена во Службен весник на Република Македонија бр. 9/14 . Програмата е составена од осум под програми во кои е предвидено земање за анализа на 2075 мостри.

Инспекторите кои се вклучени во спроведување на програмата континуирано посетуваат обуки во областа на безбедност на храната, а одржани се и неколку дополнителни обуки за начините и постапките за земање на мостри, микробиолошките критериуми за безбедност на храната како и контаминентите во храната.

Мострите од одделни под програми се земаа во определен временски период од определен вид и количина на храна, како што е предвидено во Мониторинг програмата.

Табела 1 Преглед на осумте под програми со планиран број на мостри како и планиран број за постапување и конечен остварен број на земени мостри.

| | **планиран број со програма** | **планиран предвиден број** | **остварен број** |
|---|---|---|---|
| **1.Микробиолошки критериуми** | 410 | 301 | 278 |
| **2.Резидуи од пестициди** | 455 | 405 | 386 |
| **3.Микотоксини** | 480 | 350 | 340 |
| **4.Тешки метали** | 210 | 60 | 59 |
| **5.Материјали кои доаѓаат во контакт со храната** | 210 | 70 | 40 |
| **6.Мониторинг на органски производи** | 100 | 89 | 30 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7.Мониторинг на гмо храна | 100 | 0 | 0 |
| 8.Истражувачки мониторинг на тешки метали | 60 | 0 | 0 |






qualityaustria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0

Во текот на 2014 година предвидени за земање беа 2073 мостри во девет под програми. Од предвидените девет под програми, Програмата за мониторирање на ГМО храна како и Програмата за испитување на тешки метали кои не се предвидени со Правилникот за општи барања за безбедност на храната во однос на максимални нивоа на одделни контаминенти, не беа остварени. Мониторинг програмите се планираа во тек на целата година и остварувањето за 2014 година е 60,75 %

| | |
|---|---|
| Предвиден број со Мониторинг програма | 1865 |
| Остварен број | 1133 |
| Во проценти | 60,75% |

Во подолниот текст е обработена секој под програма поодделно.



quality austria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0

Графикон 3. Под програмата за мониторинг на микробиолошките критериуми за безбедност на храната




За определување на микробиолошките критериуми за безбедност на храната предвидени се 410 мостри за 2014 година. Во тек на целата година земени се 287 мостри, што е 70% од предвидениот број, при што не е добиена ниту една позитивна мостра при овој мониторинг.



qualityaustria SYSTEM CERTIFIED ISO 9001:2008 No.15994/0

Графикон 4. Под програмата за мониторинг на микотоксини во храната




Во под програмата за следење на микотоксините во храната, од предвидениот број од 480 мостри, земени се 340 мостри во текот на целата година што е остварување од 70, 83 % , при што не е добиена ниту една позитивна мостра при овој мониторинг.



qualityaustria SYSTEM CERTIFIED ISO 9001:2008 No.15994/0

Графикон 5. Под програмата за мониторинг на резидуи од пестициди во храната




Во под програмата за следење на резидуите од пестициди во храната, од предвидениот број од 455 мостри, земени се 386 мостри во текот на целата година што е остварување од 84,83 % , при што е добиена една позитивна мостра од кромид, земен во Велешкиот регион, и добиен резултат od 0,07 mg/kg за активната состојка Cloropyriphos.

Графикон 6. Под програмата за мониторинг на тешки метали во храната



Графикон 7. Под програмата за мониторинг на материјали кои доаѓаат во контакт со храната






qualityaustria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0




Од вкупно земените мостри на производи кои доаѓаат во контакт со храна 11 % се небезбедни, односно е забележана миграција на тешки метали од садовите .

Графикон 8. Под програмата за мониторинг на органското производство




Од вкупно земените 30 мостри храна од органско производство кај 5 мостри храна се најдени недозволени пестициди за органско производство, што претставува 14%



Реализацијата на Годишната мониторинг програма за 2014 година е 60,75 % во однос на планираната, со тоа што реално две под програми не се работени заради немање лаборатории со соодветни развиени акредитирани методи. Овие реални проблеми направија да во текот на годината не бидат земени мостри за анализа за две под програми: Мониторинг на тешки метали во храната и Мониторинг на ГМО храна. Покрај ова за реализација на другите подпрограми постоеа и други потешкотии и одделни технички проблеми, како доцнење во потпишувањето на дополнителни анекси на договорите за дел од предвидените подпрограми, со тоа губење на дел од сезонските овошја и зеленчуци како планирани мостри, потоа немање секогаш возила и фрижидери за реализација на земањето на мостри храна од страна на инспекторите за храна и слични поситни проблеми.

**Нутритивните и здравствени тврдења** се посебна релативно нова област која ја регулираше Агенцијата за храна и ветеринарство со донесувањето на „Правилникот за нутритивни и здравствени тврдења кои се користат во комерцијални цели при означување, презентација и рекламирање на храната“ ( Службен весник на РМ бр.65/13), во месец мај 2013 година. Овој правилник влезе во сила наредниот ден од денот на објавувањето, а почна да се применува од 1 јануари 2014 година.

За имплементација на овој правилник Агенцијата одржа работилница во Стопанската комора на Р Македонија со цел да ги запознае операторите со храна за новите обврски и начинот на нивната примена. Во периодот од објавувањето на правилникот до примената на истиот во Агенцијата се одржаа голем број состаноци со преставници на здруженија, производители, медиуми, маркетинг агенции, новинари и други заинтересирани лица, со цел запознавање со новата легислатива и обврските кои произлегуваат од неа.

Истовремено во Агенцијата се обучуваа и вработените лица кои беа определени за работа на оваа област, со цел да бидат подготвени за спроведување на новата процедура во институцијата.

За уредување на процедурата се донесе **„Упатство за постапката за одобрување на здравствените тврдења кои се користат во комерцијални цели при означување, презентација и рекламирање на храната“**.

Во рамките на Агенцијата се формираше **Комисијата за здравствени тврдења** која ќе одговара на барањата на операторите со храна за користење на здравствени тврдења при означување, рекламирање и презентирање на храната.

**Комисијата е составена од 6 постојани членови вработени во Агенцијата, повеќето специјалисти од области на превентивната медицина, од кои двајца примариуси.** Во работата на комисијата повремено по потреба учествуваат и однапред **номинирани претставници од Факултетот за фармација и Медицинскиот факултет.** Комисијата е во тесна соработка со научните институции за да им помогне на деловните субјекти од прехранбениот сектор, особено на малите и на средните претпријатија во подготовката и во презентирањето на тврдењата на научна основа и истовремено да не дозволи потрошувачите да бидат доведени во заблуда со тврдењата.
Комисијата при разгледувањето и одлучувањето ги користи податоците од ЕУ регистарот на одобрени и неодобрени здравствени тврдења, а кои се достапни на порталите на Европската комисија и Европската агенција за безбедност на храната.

**Мора да се нагласи дека употребата на нутритивни и здравствени тврдења не е задолжителна, таа е во комерцијални цели, но ако операторот сака да потенцира некои својства на својот производ со употребата на овие тврдења тогаш операторот со храна мора да ги почитува правилата од правилникот.**
Барањата се однесуваат за одобрување на здравствените тврдења при означување, презентирање и рекламирање во комерцијални цели **на храната произведена или увезена и ставена во промет на пазарот во Република Македонија**.
**При разгледување на барањата** за одобрување на здравствените тврдења во комерцијални цели при означување, презентирање и рекламирање на прехрамбените производи **се опфатени здравствените тврдења на сите видови прехранбени производи**.
За својата работа Комисијата основа и води евиденција - регистар на здравствени тврдења кои се истакнуваат на прехранбени производи и кои се одобрени или неодобрени и причините за нивното одобрување или неодобрување.
**Агенцијата за храна и ветеринарство има добиено вкупно 484 барања за здравствени тврдења од кои :**
**Одобрени барања 253, во кои се одобрени вкупно 1200 здравствени тврдења.**
**Не одобрени барања 42, во кои не се одобрени вкупно 114 здравствени тврдења.**
**Во постапка се 189 барања, во кои во постапка се вкупно 488 здравствени тврдења.**


qualityaustria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0

Потребно е да се појасни дека на едно барање за еден производ има по повеќе здравствени тврдења кои поедично се разгледуваат.
Сите овие здравствени тврдења може да се најдат во **Регистарот на здравствени тврдења** (одобрени и неодобрени или во постапка), кој е објавен **на порталот на Агенцијата за храна и ветеринарство**.
Овој Регистар е **поставен на порталот на Агенцијата** со цел потрошувачите кои имаат интерес да бидат информирани дали некои здравствени тврдења се одобрени или не се одобрени.
**Агенцијата со цел да ја намали можноста потрошувачите да бидат доведени во заблуда** со одделни тврдења во реклами и здравствени тврдења на означувањата на производите или во материјалите за презентација на производите **редовно го надополнува и објавува Регистарот на здравствените тврдења.**
И во оваа област Агенцијата работи согласно принципите на јавност и транспарентност.

2. Одлениeто за храна за посебна нутритивна употреба, збогатена храна, додатоци на храна и адитиви,

**Извештај за работата на одделението за додатоци на исхрана, храна за посебна нутритивна употреба, збогатена храна и адитиви за 2014 година**

Изработка на мислења за исполнување на законските барања во однос на составот и означувањето на храната за посебна нутритивна употреба (ХПНУ), збогатената храна и додатоците на исхрана, по барања на странки. Вкупно доставени барања за издавање мислење за 2014 се **1055**, од кои вкупно издадени мислења за 2014 год. се **896**, од кои позитивни се **697** и негативни **82.** Заради недоставување на потребна документација за издавање мислење, запрена е постапката за **117** предмети. Во процедура за изработка се наоѓаат **159** предмети.



qualityaustria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0




Од вкупно издадените 697 позитивни мислења за пуштање во промет на посебните видови храна, распределбата на одобрени производи според одделните категории посебни видови храна е следната:

1. додатоци на исхрана: 449 одобрени производи, од кои додатоци во исхраната посебно наменети при интензивен мускулен напор за спортисти - 175 одобрени производи;
2. храна за посебна нутритивна употреба – општо: 14 одобрени производи;
3. храна за посебна нутритивна употреба – млечна храна за доенчиња: 24 одобрени производи;
4. храна за посебна нутритивна употреба – детска храна на житна основа: 35 производи;
5. храна за посебна нутритивна употреба – храна за посебни медицински намени: 32 одобрени производи;
6. храна за посебна нутритивна употреба наменета за употреба при интензивен мускулен напор, особено за спортисти: 77 одобрени производи;
7. храна за посебна нутритивна употреба - храна со намалена енергетска вредност: 1 одобрен производ;
8. Храна на која и се додадени витамини, минерали и други супстанции (збогатена храна): 65 одобрени производи.




Водење електронски регистар на одобрени производи како додатоци на исхрана, храна за посебна нутритивна употреба и збогатена храна. Заклучно со 2014 година од Агенцијата за храна и ветеринарство се издадени вкупно 4209 мислења, од кои позитивни се 3313 и негативни 449. Постапката е запрена за 447 предмети, поради нецелосна документација или за производи кои не подлежат на издавање мислење (храна, хербални лекови, пробиотици итн).

Како активности на ова одделение се и консултации и давање одговори на писмени барања на бизнис операторите со храна во врска со постапката за издавање на мислење и законските барања кои се однесуваат на составот и означувањето на храната за посебна нутритивна употреба, додатоците на исхрана, збогатената храна и адитивите, со цел зголемување на степенот на исполнување на законските барања кои се однесуваат за производите од групата на храна за посебна нутритивна употреба, додатоци на исхрана, збогатена храна и адитиви.

Организирање и учество во работата на **Комисијата за посебни видови храна. Организирани се 5 состаноци на Комисијата** на која се донесени значајни заклучоци од областа на посебните видови храна и донесени се Мислења за нови супстанции за дополнување на Листите на дозволени супстанции кои можат да се употребуваат во производство на додатоци на исхрана, храна за посебна нутритивна употреба и збогатена храна.

**3. Одделението за генетски модифицирана храна, храна произведена со иновирани технологии и јонизирачко зрачење и други видови храна и производи и материјали кои доаѓаат во контакт со храната**

Вработените во одделението за генетски модифицирана храна, храна произведена со иновирани технологии и јонизирачко зрачење, други видови храна и производи и материјали кои доаѓаат во контакт со храната во периодот од 01.01.2014 година до 31.12.2014 година ги извршија следните активности:

**3.1. Активности за мониторинг на пакуваните води за пиење со цел ставање во промет на пазарот во Република Македонија**

Издадени одобренија за полнење и ставање во промет на природна минерална вода, изворски води и други пакувани води:

